Кирил Темков

# ТЕОРЕТСКИТЕ ПОГЛЕДИ НА МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН

докторска дисертација

Бранета на 23 јуни 1982

Филозофски факултет
Скопје 1981

[illegible]

K III 754

# ЦЕЛИНАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СВЕТ

(II)

## ПОЛИТИЧКАТА АКЦИЈА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА ВО СОЦИЈАЛИЗМОТ

Социјализмот е историска епоха на која печат ѝ дава работничката класа - зашто вистинската суштина и историско место на социјализмот во еволуцијата на човечкото општество е да ја оствари трансформацијата на класата - со нејзино преведување, заедно со целото општество, на односи на комунизмот. Затоа основната карактеристика на социјалистичката епоха, вели Мито Хаџи Василев е "слободното и самодејно движење" на работничката класа "врз основите на сопственото општествено-историско битие во насока на своето класно-историско разрешување".[1]

Заради тоа, сите движења во социјалистичката епоха во светскоисториска смисла се определени од општественото битие на работничката класа, "од нејзината вистинска општествено-економска и политичка улога како субјект на сите движења на социјализмот".[2]

---

[1] В. Феноменот на приватната сопственост во социјализмот, Избор I 386-387.

[2] Деетатизација и "деполитизација", Избор II 221.

## Работничката класа – владејачка општествено-економска и политичка сила во социјалистичкото општество

Секоја класа, истакнува Мито Хаџи Василев, во развитокот на општеството, се потврдува на својата историска улога од сопственото битие, од противставките што нејзе објективно-историски ѝ се дадени, со кои таа се формира и во кои се вградени и основите на нејзината сопствена негација.[3]

Според Мито Хаџи Василев, историската улога на работничката класа е:

– "а) да ја доврши ликвидацијата на приватната сопственост над средствата за производство и да отстрани секое присвојување врз таа основа од општествениот производ во било која форма и за кои било слоеви на општеството (вклучувајќи ги и групациите на нејзините припадници);

– б) да го развие отуѓениот работник и општеството во целина – во социјалистичка производна сила, во свесна општествена практика, која повеќе не ја разјадува негација од класно-

[3] В. Работничката класа – владеачка класа на општеството, Избор I 405. "Буржоазијата е – пишува Мито Хаџи Василев – на пример, владејачка општествено-економска сила – само како репрезентант на капиталот и неговата репродукција, но, всушност, во движењето на капиталот, врз кој се засновува нејзината егзистенција, е дадена истовремено и историската негација на самата неа: капиталот како оплодување на вредноста доаѓа во непомирлив судир со развитокот на производните сили кој почнува да го застапува работничката класа." Ibid., Избор I 405 фусн. 1.

-антагонистички тип и која, натаму, преку општиот материјален, општествен и културен развиток го совладува наполно, како глобално општество, класното историското битие на човекот до висока на создавање на меѓучовечки односи адекватни на вистинската, слободна творечка човечка природа (комунизам)".[4]

Се работи, значи, за историска интегрална преобразба и на човечкото општество и на самата класа. За да може работничката класа да ја изврши оваа задача - "Историјата неа, вели Мито Хаџи Василев, ја доведува на владејачки позиции на општеството со целото свое законито движење, вградувајќи ги во нејзиното битие претпоставките и суштината на големиот скок на човекот во неговото вистинско природно-човечко битисување".[5]

Затоа, ќе истакне Мито Хаџи Василев, патот кон слободен разотуѓен човек, кон саморазрешување на класата и кон хомогено општество, кон хомогена човечка заедница - минува низ социјалистичка епоха, во која работничката класа ги презема функциите на владејачка општествено-економска сила.

Основните прашања за теоријата, според Мито Хаџи Василев, се: зошто работничката класа мора да го мине патот на владејачка класа (поточно: зошто нејзе ѝ е дадена единствено можноста да ја реализира својата историска улога функционирајќи како владејачка класа); врз кои општествено-економски основи таа се "конституира" во владејачка класа; во што е суштината на нејзиниот однос спрема т.н. "глобално општество"; и - на крајот - што е погодијата на самата неа како владејачка општествено-економска категорија?

---

[4] Ibid.

[5] Ibid., Избор I 406 (подвл. К.Т.).

Во одговорите на овие прашања[6] Мито Хаџи Василев особено подвлекува дека кон разгледувањето на проблемот на работничката класа како владејачка класа пристапува, пред сè, од аспектот на аргументирање на сопственоста на класата над работната сила како објективен општествено-економски фактор кој е, како вели тој, "конституирачки елемент на сите односи на социјализмот и со тоа – една од основните двигателни сили на развитокот на новото општество. Активното и определувачкото влијание на сопственоста на класата им дава специфично-историски белег на сите противречности, процеси и категории на преодната епоха и неговото теоретско акцентирање е појдовна претпоставка за разбирање на вистинската и полна суштина на разновидните проблеми, односи и движења што го носат развитокот на социјализмот" (а, со тоа, вели Мито Хаџи Василев, претставува и основа за правилно влијание на теоретската свест врз социјалистичката практика).

Одговорите на Мито Хаџи Василев на поставените прашања за суштината на работничката класа како владејачка класа во социјализмот можат да се формулираат во следниве основни тези:

1) Без приватна сопственост над работната сила не е можно да се објасни навлегувањето на работничката класа во улогата на владејачка класа на социјалистичкото општество, и обратно: таа улога – доколку објективно е заснована во битието на класата – го докажува со самата себеси не само постоењето на оваа сопственост во социјализмот, туку и нејзиното определувачко влијание врз текот на историското движење на класата, врз фор-

6 Одговорите на овие прашања (кои овде ги резимираме) ја конституираат теоријата на работничката класа во социјалистичката епоха на Мито Хаџи Василев. В. ibid., Избор I 406-413.

мирањето на нејзината позиција во општото преобразување на оп-штеството;

2) Работничката класа мора да го мине патот на владејачка класа, зашто претпоставките на нејзиното класно-историско разрешување (самоукинување во насока на бескласно општество) се дадени со развитокот и на самата неа и на целото општество до социјалистичка производна сила. Основа на овој развиток е раздружувањето на целото општество со сопственоста на класата како општ однос за сите членови на заедницата, и, наедно, постојана државна заштита или административно-насилно задржување на приватното присвојување во рамките на односот на распределбата според трудот (наспроти тенденциите тоа присвојување да се трансформира во реципиви на приватната сопственост над средствата за производство – стихијно претворање на општествената сопственост во форма на групна сопственост!)[7];

3) Работничката класа не е владејачка класа исклучиво, или – пред сè, во однос на отпорот од страна на соборената буржоазија или на другите заможни слоеви чии интереси се разминуваат со социјализмот (таа не е владејачка класа во смисла на упростено сфатена диктатура на пролетаријатот само како политичка функција на "цврста рака" наспроти кои и да е контрареволуционерни реставраторски обиди, иако е и тоа); класата ги држи позициите на владејачка општествено-економска сила во оп-

---

[7] Ова ограничување, вели Мито Хаџи Василев, има карактер на системска (државна) принуда, зашто се работи за тенденции кои, според законите на стоковното производство, се "легитимни", т.е. кои законито се развиваат од самата "форма" на социјалистичкиот производител како слободен и самоуправен стоковен производител. В. ibid., Избор I 407.

нос на целото (глобалното) општество, го односот на сите сфери на општествената репродукција и социјалните категории (слоеви) кои ги остваруваат во неа и на општествената поделба на трудот;

4) Работничката класа ја реализира сопственото историско општествено-економско битие со деидентификување на сите слоеви на општеството - низ самоуправната социјалистичка организација на општествениот труд - со сопствениот општествено-економски статус, не создавајќи во однос на нив никакви економски и политички привилегии во смисла на право над општествената сопственост и во присвојување на доходот (т.е. во остварување на правото на сопственост над работната сила низ распределбата според трудот); тоа ја истакнува работничката класа во улогата на владејачка класа како посебен, квалитативно нов историски феномен, кој не се решава себе како класа низ антагонизмот спрема другото општество, туку со "самоукинувањето"; работничката класа,значи, не ги репрезентира интересите на историскиот прогрес на општеството со тоа што со свои раце го веќе натамошниот развиток на производните сили на начин на кој нив ги превзела буржоазијата, туку тоа го врши во форма, врз основа и низ односи што го обединуваат во единствена насока интересот на сите социјални категории (трансформирани во рамноправни субјекти на самоуправувањето со општествениот труд во целина и во пошироките и основни асоцијации) и што самата таа, со сопственото битие, е уплатено кон сопствена негација, која и ја развива во стварни односи со својот стремеж и свест, а не во форма на акција на некои други општествени сили или интереси на неа;

5) Работничката класа во улога на владејачка класа се изразува со своето сопствено организирање во држава, при што

и тој процес ги изразува карактерот и условите на развитокот на нејзиното битие во социјалистичка општествени политички сила: нејзината дошла до работниците кои ... во производувањето, односно пртставува динамизам на политиката како оддолување и отуѓување на општествената моќ во монопол на одлучувањето;

( ) Основа на целокупното историско движење на работничката класа е нејзината сопственост над работната сила, а тоа значи дека во таа сопственост објективно се дадени и спорната и импулсите на дијалектичката негација на работникот како класно суштество. Имено, класата се реализира како владејачка сила во општеството со тоа што со експропријацијата, а потоа со економската сила на социјалистичкото производство и натамошните мерки во општествено-економските преобразби ... ото општество го проширува во сопствената форма на сопственоста; истовремено, на тој начин, таа, заедно со другите слоеви на општеството, ја надраснува преземената општествено-економска диференцираност - доведувајќи ги на идентично општествено-економско битие ("с у б ј е к т н а т р у д о т и с а м о у п р а в у в а њ е") сите членови на заедницата, кои и во потрошувачката на општествениот производ учествуваат врз еднаква основа, т.е. сразмерно со својот придонес во општествениот труд. Така трансформирајќи го, врз основа на сопствената форма на сопственост, целото општество - во е д и н с т в е н а категорија, класата се шири во "глобално општество" и почнува да се негира себеси заедно со класната структура на заедницата.[8]

---

8 Мито Хаџи Василев истакнува дека во дијалектиката на социјалните процеси во социјалистичката епоха - владејачкиот принцип и интерес на класата како историско движење кон класно

Во овие шест точки Мито Хаџи Василев поконкретно ја ...ем ли ... содржинат на марксистичката поставка дека работни... ...а ... ... ...ош... со ага – со своето објективно општес...вен... ...ко...ом...о ...тиве – патиштата на сопственото ослободување, од... ...осно ја прикажува основата на оваа поставка во историскиот ...ват то... на класата врз основа на сопственоста која го опреде... ...ла битието на класата и нејзиното решавачки врз формата, каран... ...ко... и нас...ката на двигењето на класата "на чело на општество... ...о" и врз вкупните општествени односи што таа ги воспоставува во сообразност со тоа. Мито Хаџи Василев укажува дека со самото настанување на класата објективно се определени карактерот и патиштата на нејзината улога во развитокот на општеството; основната марксистичка поставка упатува токму на тоа дека класата ...ергирување ... се нагла... се ... по... во вид на ...интегративно дви... жење, кое го решава ... ...то ...единство на развитокот на општи... ...те и заедничките претпоставки на напредокот на општествениот труд и живот – и – на ...самостојноста на слободните асоцијации и нивните стремежи за постигнување што поизедначени услови за човечко живеење и творење. На тој начин, според Мито Хаџи Василев, историското разрешување на класата станува процес што го собира целото општество. За...оа, вели тој, класиците на марксизмот со право истакнуваа дека комунизмот ќе биде плод на интересите, стремежите и акцијата на сите слоеви на човечката заедница (поврзани со разни сфери на општествената репродукција) а не плод само на потребите и делото на работниците. Заради тоа, за Мито Хаџи Василев, сопственоста над работната сила, и со неа обусловеното приватно присвојување низ распределбата според трудот, останува во социјалистичката епоха постојан поттик на стремежите на човекот – за развитокот на трудот и на материјалното богатство, да ... ...ошири можностите и условите на репродукцијата, а потоа ... ... го надрасне токму тоа присвојување, што ...е вози ве ... ...погодена противречност со општиот развиток и потребите на слободното ...штество како премногу тесна основа за сестран и полн развиток на човечкото постоење и создавање во природата. В. Ibid., Избор I 4...2-413.

стартува на таа улога од основните предпоставки на сопствената општествено-економска егзистенција, т.е., како што вели Мито Хаџи Василев, врз основа на сопственоста со која таа располага.[9]

Во овој контекст особено е важна критиката на Мито Хаџи Василев на, како вели тој, "малку чудната теоретска ситуација во однос на овој проблем". Имено, Мито Хаџи Василев укажува дека социјалистичката мисла го игнорира органското единство на сопственоста на класата и на нејзиниот развиток во владејачка општествено-економска и политичка сила. Но, се прашува Мито Хаџи Василев, "ако сопственоста на класата е беспредметна, тоа значи дека на новосоздадената општествена сопственост ѝ втиснува печат целото општество какво што излегува од револуцијата, односно сите слоеви кои што ги затвора експропријацијата на капиталот, и тоа од 'сопствен интерес' кој тие го 'откриваат' во општествената сопственост, иако таа е противречност на нивното дадено битие, иако таа го укинува тоа битие"?[10]

Ваквата идеја, констатира Мито Хаџи Василев, "нема врска со стварноста". Заради неа "неизбежно настануваат тешкотии во теоријата и практиката кои можат зад себе да остават опасни последици". Мито Хаџи Василев укажува дека, покрај оваа идеја, останува отворено фундаменталното прашање на социјализмот: што ја поврзува работничката класа на чело на општеството?, а потоа и прашањето: што значи тоа - да се биде на чело на општеството; од каква општествена природа е таа функција?[11]

---

9 В. Работничката класа - владеачка сила на општеството, наведено, 1. 413.

10 Ibid.

11 Мито Хаџи Василев притоа ја критикува аверзијата на теоријата спрема категоријата "владејачка класа" и употребата

За Мито Хаџи Василев е "несфатлив случај" во човечката историја една класа да придобива владејачка позиција во општеството, а во таа насока да не е потиснувана со [illegible]

---

– за работничката класа "на власт" – поимот "водечка општествено-економска сила" или "решавачка основна производна сила" и сл. Со тоа, вели тој, веројатно се истакнуваат како суштина на епохата – социјалистичките процеси на слабеење на класната структура на општеството и движењето кон ликвидација на класите, историското атрофирање на класните противречности и на класната борба, процесот на одумирање на државата, создавањето на единствен општествено-економски статус на работниот човек итн. – што сè заедно, додава тој, ѝ го "одзема" на работничката класа карактерот на владејачка сила, заменувајќи го со димензијата на "водечка улога". "Оваа последнава, божем, 'поадекватно' го изразува битието на социјализмот како општество кое, навистина, се развива врз основа на историските интереси на класата – но вградени во општиот процес на репродукцијата и во односите на системот само како основица на материјалниот напредок и на општествената слобода за сите членови и на заедницата еднакво." Мито Хаџи Василев покажува дека оваа "аргументација" не укажува на некоја нова содржина на поимот "водечка сила", туку дека, всушност, го разоткрива и потврдува како дефинирање на специ-ната историска општествено-економска содржина на работничката класа во улогата на владејачка класа. Зашто, оваа улога на класата не е повеќе обусловена со репродукцијата на односите на експлоатацијата и на општествено-политичкото угнетување, но не е ни одречена со новите односи – "штом, вели Мито Хаџи Василев, интересот на класата е вграден во основите на системот." Затоа, според Мито Хаџи Василев, поимот "водечка сила" тргнува од категоријата владејачка класа и тоа во однос на "глобалното општество", а не само против отпорот на буржоазијата или во однос на ограничувањето на ситносопственичката стихија на село. "Класата која постои реално... – доколку е класа што ја определува насоката на развитокот на општеството – е владејачка класа (подвл. К.Т.). Не може да се замисли, вели Мито Хаџи Василев, дека работничката класа која доаѓа на власт само затоа за да ѝ ја

која се формирала, и својата епоха ја започнува со тоа што веднаш се ослободува од таа своја потреба да стане она што претставува го "сопственото оп..."

Укажувајќи дека содржината на социјалистичките односи се односи на слободно здружување, Мито Хаџи Василев истакнува дека е очигледно оти работниот човек мора сам, слободно да располага со некои од претпоставките на производствениот процес за да има неговото стапување во производствениот процес воопшто карактер на слободно здружување. "Значи, заклучува Мито Хаџи Василев, се работи за здружување на самостојни сопственици на работната сила, кои - токму како такви - се реализираат низ односите на распределбата според трудот во рамките на општествената сопственост над материјалните претпоставки на производството".[12]

Во овој контекст Мито Хаџи Василев ја гради својата теорија на социјалистичката револуција како законито остварување на битието на класата (и притоа им се спротивставува на сите волунтаристички теории). За него, класата не ја поттикнува кон револуција судирот на развитокот на производствените односи на буржоазијата класа и богатството, завршувајќи ја на тоа својата историска работа и исчезнувајќи некој да ѝ ги реконструира односите во кои треба натаму да се движи (подвл. М.Т.). Слободното самоуправно социјалистичко општество, кое во своите основи го има историското движење на работничката класа, кое е плод на нејзината свесно-масовна социјалистичка практика - всушност го докажува остварувањето на класата во улога на водечка сила. Поимот 'водечка сила' ја има предвид општата насока на социјалистичките процеси, но - доколку ѝ се противставува на категоријата владејачка класа како сопствена содржина - ги губи од предвид и најдлабоката основа и противречностите во развитокот на тие процеси." Ibid., Избор I 414-415 фусн. 2.

[12] Ibid., Избор I 415.

сили со капиталот. Тоа е суштина што се одигрува во заднината на непосредниот класен антагонизам, во кој работничката класа влегува бунтувајќи се против претпоставките на егзистенцијата што ѝ ги определува капиталот. "Во спротивно, вели Мито Хаџи Василев, таа би морала 'од главата' да ги исконструира непосредните патишта на сопственото ослободување и формите на новата организација на општествениот труд." Според него, "главен услов за разбирање на целиот тек на историскиот развиток на работничката класа е - никогаш да не се загуби од предвид фактот дека судирот на развитокот на производните сили и капиталот (како форма на нивното движење) добива конкретно-историски, општествено-економски и класен израз во вид на антагонистичка непомирливост меѓу она што го присвојува работникот од сопствениот производ врз основа на сопственост над работната сила што станала стока и капиталистичкото присвојување кое автоматски произлегува од таквата (наемна) форма на трудот. Затоа работничката класа, која објективно и субјективно се идентифицира со сопственоста над работната сила, ги формира своите непосредни историски барања само против присвојувањето на туѓ труд, односно против оние форми на сопственост што овозможуваат такво присвојување. Со други зборови, продолжува Мито Хаџи Василев, таа не ја напаѓа сопствената форма на сопственоста, туку само претворањето на таа сопственост во стока, што го обусловува капиталот, бидејќи - тоа ја спречува неа да присвојува врз основа на трудот, т.е. економски да ја реализира сопственоста над работната сила, односно сопствената работна способност како процес на трудот - значи: не како загуба на работната сила (која треба да се надомести со адекватна мера), туку како утрошен труд, како создавање на производ, како право на сопствен произ-

вод. Класата се стреми да ја оддели сопственоста над работната сила од претворање на работната сила во стока: ја негира само формата на [illegible] по која се изразува таа сопственост и која е претпоставката на механизам за присвојувањето на туѓ труд."[13]

Во овој контекст, за Мито Хаџи Василев социјализмот е историска епоха која го заменува само односот на наемниот труд - со распределбата според трудот. А тоа, според него, не го негира, туку, всушност, го афирмира остварувањето на сопственоста над работната сила во една историски нова општествено-економска форма. Со тоа Мито Хаџи Василев покажува дека класата ја определува суштината на социјалистичката преобразба - со сопствените основи; дека воспоставува нови односи - во сообразност со сопственото битие, давајќи ѝ ја на својата форма на сопственоста онаа димензија што нејзе ѝ овозможува да го овладее општеството и процесите на сопствената трансформација.[14]

Според Мито Хаџи Василев, работничката класа ја доведу-

---

[13] Ibid., Избор I 416.

[14] Заради ова, Мито Хаџи Василев смета дека не е случајно што суспензијата на слободното и самодејно остварување на класата непосредно на чело на општеството почнува со нападот врз сопственоста на класата, што претставува игнорирање на таа сопственост, а преку тоа и ограничување воопшто на општествените слободи за припадникот на класата. За сето тоа, според него, јасно зборува системот на етатистичките односи од административната фаза. "Класата го чувствува тој напад, вели Мито Хаџи Василев, и нејзината реакција е постојан притисок и барање за односи што ѝ овозможуваат - врз основа на слободна реализација на сопственоста над работната сила - самоуправна демократија наместо поданички статус, и присвојување според трудот наместо уравниловка во рамките на вредноста на работната сила..." Ibid., Избор I 417 (подвл. К.Т.).

ва на чело на општествтото – нејзината сопственост над работната сила. Затоа, за него, револуционерниот општествено-економски скок на историјата од капитализам во социјализам претпоставува трансформација на класата од фактор на оплодувањето на капиталот – во владејачка сила на новото општество. Основата на таа трансформација, пак, е укинувањето на стоковната форма на сопственоста на класата како продукт на капиталот, т. е. како форма во која се движи капиталот, и создавање на општествена сопственост над средствата за производство како форма во која се движи сопственоста на класата над работната сила. "Потчинетоста на сопственоста на класата, вели Мито Хаџи Василев, се изразува во егзистенцијата на таа сопственост во форма туѓа за неа, внатре која се развива капиталот – и означува неемниот положба на класата (претворен на работникот во "обичен додаток на машината"), чие постоење има само смисла да ја оплоди вредноста и да ја богати буржоазијата. Изразувањето, пак, на сопственоста на класата во нејзината автентична суштина, во сопствен вид, во улога на активен фактор кој во општествената сопственост создава своја форма на движење – означува самостојна егзистенција на класата, нејзино совладување со опредметениот труд (со средствата за производство) и претворање на општественото богатство во основа за слободен развиток на класата, за полно откинување на живиот труд од подредувањето на самодвижењето на материјалната и општествена моќ која, одвоена од работниот човек, служи како средство за негово поднармување."[15]

Мито Хаџи Василев истакнува дека е јасна историската

[15] Работничката класа – владеачка сила на општеството, Избор I 417.

законитост на постапниот развиток на сопственоста на работничката класа. Настанувањето на класата е процес на разделување на приватната сопственос над работната сила од приватната сопственост над средствата за производство, но со посредство на капиталот, во форма на стока и со антагонистичка меѓусебна противречност. Наредната, социјалистичката епоха, пак, е процес на разделување на сопственоста над работната сила - од стоковната форма на работната сила. Формата во која се врши тоа е општествената сопственост, која е и поопштествување на средствата за производство и избивање на историската сцена на работникот како полн и слободен сопственик на работната сила, кој повеќе не е наемен труд, кој станува субјект на натамошниот развиток на општеството. "Трансформацијата на сопственоста на класата е и трансформација на самата класа", заклучува Мито Хаџи Василев.[16]

"Историското укинување на приватната сопственост над средствата за производство ги отвора патиштата кон комунизам - истакнува Мито Хаџи Василев во продолжението на оваа анализа. - Обопштествувањето на средствата за производство - со здружувањето и самоуправувањето на слободните луѓе, на општествените субјекти - е антиципирање на таа човечка иднина. Но да се дојде до неа, да се исполнат овие форми со комунистичка општествена содржина - пишува Мито Хаџи Василев - класата мора да го мине, заедно со целото општество, сопствениот историски развиток, кој е објективно условен; мора да го 'преведе' глобалното општество - на својот општествено-економски статус, да го совлада своето наемно битие, а готоа и приватното битие на работниот човек - развивајќи се себеси и општеството во социјалисти-

[16] Ibid., Избор I 418.

ка производна сила, а заедно со тоа и продуктивноста на трудот и материјалното богатство на општествто - до едно ниво на кое наполно се менуваат [illegible] трудот и карактерот на присвојувањето на производот... Во тој степен, обопштувањето на средствата за производство ќе го задржи специфично-историскиот карактер на социјалистичка општествена сопственост, чија содржина ја претставуваат односите на распределбата според трудот. Тоа - вели Мито Хаџи Василев - оваа сопственост ја прави израз на работничката класа како владејачка класа, односно социјализмот го претставува како општество во кое класата се реализира низ владејачката акција."[17]

Благодарејќи на научниот социјализам, истакнува Мито Хаџи Василев, класата стана свесна за законитиот историски развиток на сопственото битие и за општеството во целина. Идејата на комунистичката иднина е дел од нејзината свесна насоченост и стремеж. Но, "тоа е развиток што следува од нејзината непосредна конкретно-историска акција. Поради тоа - подвлекува Мито Хаџи Василев - сознанието за комунизмот како општествен дострел на класата не менува ништо во однос на стварниот факт класата го воведува целото општество во општествена сопственост не од некој апстрактен хуманизам, не од некоја визија за иднината, не од некој гол демократизам, туку затоа што по тој пат ја подигнува сопствената форма на сопственоста во владејачка форма на сопственоста, а себе се доведува на чело на општеството - со односи што израснуваат од таа сопственост, кои се историска рамка на разрешувањето на нејзиното битие, а со тоа и на општиот напредок на општеството. Проширувањето на сопственичтвото над средствата за производство во сопственост на сите

[17] Ibid.

– не е за другите слоеви на општеството само придобивање на еднакви права и статус со класата што избила на чело на развитокот, туку наедно е – загуба на нивната дотогашна самостојна егзистенција и нивно подредување на движењето на класата. Дури врз таа основа тие придобиваат слобода и права кои класата си ги овозможува на себеси и кои таа мора (но само под овој услов!) да му ги даде и на глобалното општество за да може да ги оствари и самата."[18]

Затоа, за Мито Хаџи Василев, социјалистичката општествена сопственост означува прекин на самостојното движење на другите социјални катгеории, односно претставува основа на процесот на сведување на општеството – на "работничка класа" (што е наедно, вели тој, и пат за "растворање" на класата во глобално општество). Социјалистичката општествена сопственост е тоа бидејќи како општествен однос е конституирана со сопственоста на класата. Мито Хаџи Василев истакнува дека фактот на доведување на општеството врз основата на класата, "во што се изразува владејачкиот карактер на класата", не е дезавуиран со слободното самоуправување, кое рамноправно ги собира сите членови на заедницата, зашто, според него, токму тоа претставува остварување на општествената преобразба заснована врз сопственоста на класата. Тоа само значи, вели Мито Хаџи Василев, дека работничката класа може да дојде на чело на општеството во улога на владејачка сила само преку односи со кои го започнува и процесот на сопственото историско разрешување, при полна демократизација и хуманизација на општеството.[19]

[18] Ibid., Избор I 418–419.

[19] В. ibid., Избор I 419. Притоа Мито Хаџи Василев укажува дека класата не ја исцрпува владејачката улога само со

Затоа, за Мито Хаџи Василев, постапното отворање на светската социјалистичка практика во насока на разни форми на децентрализација, самоуправна демократија и слободно стоковно производство – од името на пообјективираните и подоследни односи во распределбата според трудот ("во што, истакнува тој, југословенскиот развиток отиде најдалеку") – го изразува незапирливото движење на класата и општеството кон конституирање на социјализмот што поадекватно на барањата и афирмацијата на сопственоста на класата.[20]

---

чинот на воспоставување и натамошно ширење и засилување на општествената сопственост (наспроти преостанатите форми на приватниот труд), туку дека таа таа улога ја врши на целиот пат од развитокот на распределбата според трудот. Значи, настанувањето на општествената сопственост, според Мито Хаџи Василев, има смисла на укинување на присвојувањето врз основа на сопственост над материјалните претпоставки на производството и репродукцијата на општеството во целост и дека тоа се заменува со распределбата според трудот. "Поради тоа, вели Мито Хаџи Василев, класата низ целиот тек на изградбата на општествената сопственост во односи на распределба според трудот и самоуправно здружување (подвл. К.Т.) – е во постојан судир со тенденциите за присвојување и врз основа на сопственост (со која самостојно располагаат асоцијациите како стоковни производители и самоуправувачи), т.е. со тенденциите на деформирање на нејзината сопственост над работната сила во присвојување на туѓ труд врз основа на различни услови на производството и на дејностите, што повлекува зад себеси деградација на општествената сопственост – во групна сопственост." Ibid., Избор I 419–420 фусн. 3.

[20] Истакнувајќи го решителното влијание на битието на класата врз социјалистичките процеси, Мито Хаџи Василев истовремено укажува на расчекорот на социјалистичката теорија со практиката во однос на овој проблем. "Таа, вели Мито Хаџи Василев, ја гледа општествената сопственост како форма на укинување на сопственоста на класата, т.е. упорно одбива да го при-

Затоа теоретското истражување на сите димензии на сопственоста на власта претставува, всушност, критика на идејната основа за "правото" на државата да ја преземе улогата на един-

---

фатирање фактот дека сопственоста на класата ја формира општествената сопственост како однос на луѓето, дека социјалистичката општествена сопственост е само форма на движењето на сопственоста на власта над работната сила". Проблемот е во тоа што теоријата твори едно а практиката работи друго, вели Мито Хаџи Василев. Во таков случај, истакнува тој, "субјективизмот на првата го поттикнува практицизмот на втората".

Во овој контекст, Мито Хаџи Василев укажува дека југословенското социјалистичко општество брзо ја напушти субјективистичко-догматската теза што ги изразуваше тесните интереси на бирократската узурпација - "дека карактерот на власта го определува карактерот на сопственоста и односите што се воспоставуваат врз неа"."Интересот што се откинува од класата и нејзе ѝ се противставува, пишува Мито Хаџи Василев, законито води кон мистификации и извртување главечки на основните поставки на марксизмот: овде диктатурата на пролетаријатот е дефинирана како фактор кој ја формира суштината на општествено-економските односи, иако самата израснува од тие односи и добива свој белег изразувајќи ја нивната објективна суштина".

Но, според Мито Хаџи Василев, субјективизам е и конзервирањето на сфаќањето дека социјалистичката револуција е оној фактор кој - со чинот на експропријацијата на буржоаската сопственост - воспоставува општествена сопственост. Земено во најопшта смисла, вели Мито Хаџи Василев, тоа е точно; но, мора да се тргне потаму во комплексното истражување на сите вистински општествено-економски фактори што ја определуваат општествената сопственост како социјалистички однос, т.е. оваа теза не смее да израсне во теоретско сфаќање на социјализмот - што ги заобиколува тие фактори. "А кога нив ги нема во теоретската мисла, вели Мито Хаџи Василев, останува револуцијата да се прифати и како фактор кој со самото укинување на приватниот труд, врзан за капиталот, го утврдува и карактерот на социјалистичките односи."

ствен толкувач на социјализмот, т.е. на "творец" на системот што и го наметнува [illegible] [illegible]. [illegible] според за автентичните социјалистички [illegible] [illegible] самото историското движење на класата.

Заради тоа, Мито Хаџи Василев ќе каже: "Револуцијата ја укинува приватната форма на постоење на материјалните услови на производството, со што ја руши основата врз која живиот труд се претвора во приватен труд, но нема ни 'претензии' ни моќ да ја укине сопственоста во сферата на трудот, на работникот да му ја одземе (експроприра, национализира) работната способност и трудот. Зашто класата се стреми кон натамошно ослободување на трудот, а не кон заживување на некои современи форми на закрепостување и ропство на работната сила и на човекот воопшто".[21]

И затоа Мито Хаџи Василев ќе напише:

"Револуцијата го решава проблемот на буржоазијата, и - во историска смисла - само покажува дека работничката класа непосредно се зафатила со работата што ѝ е доверена од општествениот развиток. Но класата сега ѝ претстои задачата, да го решава с о п с т в е н и о т   и с т о р и с к и   п р о б л е м".[22]

Затоа Мито Хаџи Василев укажува дека истражувањето на исклучително сложениот проблем на распределбата според трудот како функција на сопственоста на класата над работната сила, како единство и противречност меѓу општественото и приватното битие (присвојување) на социјалистички здружениот работен човек, претставува, всушност, најважна теоретска задача на социјалистичката теорија. В. ibid., Избор I 420-421.

[21] Ibid., Избор I 424 (подвл. К.Т.).

[22] Ibid. (подвл. К.Т ).

На тој начин, класната борба во социјализмот е само автентичен начин на [illegible] задачи и тенденции на работничката класа. Таа [illegible] со надворешни фактори, туку, вели Мито Хаџи Василев, [illegible] со општите противречности во развитокот на социјалистичката епоха, но кои ги следат и стихиски тенденции и деформирање на односите за кои судбоносно се заинтересирани класата и социјализмот. Според Мито Хаџи Василев, тоа се:

- тенденциите на етатизмот, кој настојува да ја замени самодејноста на класата со бирократска узурпација, со монопол на административниот централизам;

- силното стихиско репродуцирање на наследената општествено-економска дезинтегрираност на класата, чија основа се [illegible] конкуренција на [illegible] работници [illegible] конкуренција на [illegible] социјалистички стоковни производители; и

- силниот притисок врз класата (пред сѐ, во областа на распределбата на општествениот производ) од страна на другите слоеви, чии области на активност се одделни сфери на општествената репродукција, односно области и гранки на општествената поделба на трудот - надвор од оваа основната, во која е ангажирана класата.[23]

Оттука Мито Хаџи Василев ќе заклучи:

"Социјализмот не е никаква утопистичка 'хармонија на општеството' дури ни од становиштето на самата класа и нејзината трансформација, туку преземање на историската одговорност од страна на класата за развитокот на општеството."[24]

---

[23] В. ibid., Избор I 425.

[24] Ibid. (подвл. К.Т.).

Суштината на класната борба на работничката класа е, како и суштина на класните борби воопшто во историјата. Во таа смисла, Мито Хаџи Василев пишува: "...Кога историјата доведува една класа на чело на општеството, ништо не му препушта на случајот; таа не знае за категоријата 'доверба на општеството во човекот' или на класата – во самата себеси, во своите свесни сили, во својот припадник и слично на тоа. Класата што го 'презема' општеството мора да има соодветна општествено-политичка и економска моќ врз која ја заснова својата општествена владејачка позиција од која пресудно влијае врз насоката на општиот развиток, која му дава реална сила на нејзиното носење на општествената одговорност".[25]

А тоа не е, истакнува Мито Хаџи Василев, само по себе решено со местото и функцијата на класата во општествениот труд. Пролетаријатот е, имено, главниот работник на целокупната репродукција на буржоаското општество, но внатре производствениот однос е лишен од каква и да е општествена моќ, влијание и одговорност. Таква моќ на влијание врз општествените текови не може да му даде ни поопштествувањето на средствата за производство. Напротив: токму тоа – во форма на <u>државна</u> сопственост – е основа за концентрација на општествено-политичката и економската моќ надвор од класата, т.е. во рацете на претставничките сили, кои лесно можат да ја загрозат класата со целосна <u>бирократска узурпација</u>. Она што на работничката класа, како на субјект на трудот, покрај да е основна човечка производна сила, ѝ дава моќ на фактор кој општествено-економски може да влијае врз работите во општеството, истакнува Мито Хаџи Василев, тоа – е <u>изразувањето на нејзината производна енергија во лицето на соп-</u>

---

25 Ibid.

<u>сопственоста над таа енергија, т.е. над работната способност</u>. Поради тоа Мито Хаџи Василев ќе истакне дека онаа општествена сопственост која ја поддржува сопственоста на класата преку односот на <u>власт</u> над работната сила – функционира суштински нако опора за отуѓувањето на општествено-политичката и економската моќ на класата, за оделувањето на класата од непосредното реализирање на својата улога на владејачка класа, и врз таа основа е бремето со противречноста меѓу силите кои го држат системот и – стремежите на класата. Тоа дури може да добие, истакнува Мито Хаџи Василев, и форма на антагонистички судир доколку тие сили се развијат во антиисториска бирократска узурпација. Во тоа Мито Хаџи Василев ја гледа една од основните премиси на историското значење и улога на сопственоста на класата. Таа е објективен фактор на собирањето на класата во отпор на етатизмот и за заштита на сопственоста во кризна функција во условите и по револуцијата – дури и од сопствените потреби на класата – го репродуцира отуѓувањето на општествената и економската моќ на класата во еден монопол на вршење на власт кој се концентрира надвор од класата. Борбата на класата против тенденциите кон конзервирање на етатистичката фаза на развитокот тргнува од сопственоста на работникот над работната сила како поттик, орудие, основа и патоказ во формирањето на нејзините стремежи, т.е. како насока за надраснување на административните односи. Борбата за својот отпор, "природно", вели Мито Хаџи Василев, побива, пред сè, како стихиско репродуцирање на наемното однесување спрема трудот, спрема средствата за работа и распределбата на општествениот производ со непосредни последици по движењето на продуктивноста на трудот, во насока на наголемување на некурентниот производ, на растурот на општествените средства

(на опредметениот труд) и на живиот труд, на воспоставувањето на уравниловка во распределбата, што сосема го анулира дејството на сите други поттици врзани со [illegible] да се потпре административниот систем, итн. Класата, значи, негативно реагира како производна сила - против односите што му противречат на нејзиното битие, а со средства на кои елементарно е упатена со тоа битие. Затоа, за Мито Хаџи Василев, судирот на класата со етатизмот ја разоткрива активната, човечката, субјективната функција на објективната категорија каква што е сопственоста на класата над работната сила. Припадникот на класата, социјалистичкиот производител, а оттаму и работниот човек во другите сфери на репродукцијата - бараат ревалоризација на индивидуалниот, личниот интерес, негова системска рамноправност со категоријата на "социјалистичкиот општ, општествен интерес" и негова афирмација како конституирачки фактор на односите во општеството. За Мито Хаџи Василев, тоа не е атавистички стремеж на "приватниот индивидуум" да рехабилитира во социјалистичка општествено-економска и морално-идејно прифатлива категорија - едно "сопственичко чувство" за припаѓање и власт над предметите на егзистенцијата; не е одржување на еден рецидив на приватното присвојување противставено на хуманизацијата на трудот и животот во општеството, туку е историски обусловен пат на развитокот на трудот и на проширувањето на материјалната основа на општеството, на формирањето на човечката производна сила во вистински двигател на општиот напредок на човекот и средината - преку процесите и формите што објективно ѝ се дадени на таа производна сила со самите услови на епохата во која човечкиот труд и натаму се изразува како средство за индивидуална егзистенција на човекот. Затоа Мито Хаџи Василев ќе истакне дека е

реален, материјален израз на работниковата филозофија на трудот и животот, и непосреден субј[illegible] на [illegible] неговата сопственост над работната сила – и категоријата на [illegible] материјалното стимулирање. Од оваа категорија тој го [illegible] и зависи својот однос спрема општествениот труд, својот [illegible] однес кон материјалниот и друг развиток на заедницата. Така, сопственоста на класата се покажува како основица врз која класата се свртува кон себеси, се собира и организира како придвижна сила наспроти дезинтегрирачките тенденции што настануваат од противречностите на социјалистичката епоха, па дури и од противречното движење на самата таа сопственост. Својот стремеж на класата за материјално стимулирање, истакнува Мито Хаџи Василев, е најсилна елементарна, многу практично поможна, акција за развиток на односите на распределбата според трудот. Сопственоста на класата постојано ја [illegible] класата преку [illegible] за борба против [illegible] и, воушност. претставува фактор на класата што им се противпоставува на тенденциите – општествената сопственост да се претвори во основа и форма на уравниловката.[26]

Од друга страна, пак, укажува Мито Хаџи Василев, како феномен на приватното присвојување, сопственоста над работната сила – во стремежот за сопствено остварување – неизбежно ја носи и својата противречност во вид на латентна опасност од деформирање и хипертрофија на приватното присвојување во насока на прибавување на доход наспроти [illegible] на распределбата според трудот, т.е. и врз основата на самостојно располагање на стоковните производители со материјалните услови на производството во општествена сопственост. Тоа е стихијна тенденција

---

[26] Работничката класа – владеачка класа на општеството, Избор I 425–427.

кон претворање на [illegible] штествената сопственост во форма на распределба според [illegible] групна сопственост. Но, притоа, овие противречи[illegible] де[illegible] ат брани во самите свои носители. Имено, како тенден[illegible]ите од овој вид имаат основа во сопственоста на класата, во [illegible]иватното присвојување - тие токму во таа сопственост, однос[illegible]о во стрем[illegible]от на класата како целина resp. на другите груп[illegible] на класата да го заштитат правото на присвојување врз основ[illegible] на распределба според трудот наспроти асоцијациите што ќе се појават како носители на тие тенденции - имаат главен двигател на отпорот против деформацијата на односите на распределбата и стихиското настанување на групната сопственост.[27]

"Овде дијалектиката на развојните процеси, истакнува Мито Хаџи Василев, е во полна форма. Општествената сопственост и нејзините односи тргнуваат од објективно даденото битие на работничката класа, формирано врз приватна сопственост над работната сила - и нужно - во оваа сопственост ја имаат својата внатрешна противречност. Нивно единство е - распределбата според трудот. Феноменот на приватната сопственост како конституирачки елемент на класата, е извор на историскиот стремеж на класата да се натрасне и негира себеси како општествен однос и, токму поради тоа, историјата ја задржува оваа сопственост како како основа и двигателен фактор на движењето на класата низ социјалистичката епоха.[28]

[27] B. ibid., Избор I 427-428.

[28] Ibid., Избор I 428 (подвл. К.Т.). Исто стои работата, вели Мито Хаџи Василев и со отуѓувањето и разотуѓувањето. "Кога Маркс зборува за работничката класа како продукт на процесот на отуѓувањето, тој тоа го сфаќа само во смисла на тоа што класата е олицетворување на отуѓеноста на човекот и дека таа

Затоа Мито Хаџи Василев истакнува дека без феноменот на сопственоста на класата, би пресушиле, објективно и субјективно оние економски и општествени поттици на субјектот на трудот кон натамошен развиток, кои се релевантни за условите на дадениот степен на развитокот на производните сили на трудот, кога класата, која гозга на чело на општеството, не е во можност - ни економска ни општествена, ни културна, ни идејна - "од себе, од битието со кое го напушта старото општество. вели својата историска акција ја покренува токму од отуѓувањето, претворено во противречност на класата спрема таа сопствена форма на егзистенција. Радикалните промени што ги врши класата во насока на ослободување на трудот, пишува Мито Хаџи Василев, не ја укинуваат докрај отуѓеноста на човекот, зашто класата останува и натаму. Во спротивно би пресушиле мотивите на класата за движење кон комунизам. Ако ослободениот труд се идентификува како остварено разотуѓување, тогаш човекот на социјалистичката епоха, кој приватно присвојува во рамките на распределбата според трудот, треба да се прими како комплетно нова човечка личност и субјект, како човек на новото општество, а неговите постојни односи како завршена форма на човечките односи на вистинската историја на човекот. Но, тоа е очигледен апсурд, вели Мито Хаџи Василев, бидејќи самото приватно присвојување врз основа на труд е - нова историска форма (како завршна!) на движењето на отуѓеноста. Да се превиди тој факт и неговата улога на двигателен фактор на развитокот, значи да се градат од чисто филозовствувачко безделништво идејни пречки на практиката и на вистинските текови на хуманизацијата на општеството. Движењето кон дезалиенацијата би загубило основа во вистинската историја и би станало проблем на свеста и на голиот стремеж кон комунизам. Настанувањето на Големата Иднина ја губи својата заснованост во интересот на класата и своите форми во објективно обусловените процеси на разрешување на класата и станува прост факт на "времето", т.е. на постигањето на потребен степен на развитокот на материјалните производни сили."
Ibid., Избор I 428-429 фусн. 5 (подвл. К.Т.)

Мито Хаџи Василев - да ги реализира во потребна мера и со ефикасност другите поттици што се врзани за комунистичката асоцијација. "Бидејќи ни општествено-економските претпоставки за една таква асоцијација не се дадени непосредно, истакнува Мито Хаџи Василев, не можат ни човечките поттици, соодветни на неа, да имаат неопходна моќ на двигатели на прогресот. Дури, ако теоретски ја допуштиме можноста дека самата класа е подготвена врз поинакви основи да обезбедува развиток, таа не би била во состојба да оствари таква (утопистичка) ориентација поради отпорот од другото општество, поради неприфаќањето и неразбирањето во редовите на другите слоеви и невозможноста со нив да формира заеднички општествен интерес. (Да се гради социјалистичкото производство исклучиво врз свеста и достоинството на човечката личност, а да се дели производот според принципот на човечка еднаквост, преку уравниловка - додава Мито Хаџи Василев - тоа не би го поттикнувало прогресот, туку паразитизмот и крахот на новото општество. Тоа би била разорна еднаквост на луѓето во сиромаштија.) Кога класата би била во состојба да обезбедува репродукција на општеството на сѐ повисоко материјално и културно ниво - без поттиците што ги носи самата како определеност на сопственото општествено-економско битие, таа би престанала да биде она што е, таа и себе би се 'укинала' заедно со комплетната историска деградација на буржоазијата. Но - случајот не е таков...", заклучува Мито Хаџи Василев.[29]

Затоа "Комунистичкиот манифест" пишува дека првиот чекор во работничката револуција е - издигањето на пролетаријатот во владејачка класа, освојувањето на демократијата.

---

[29] Ibid., Избор I 429.

Наполно е јасно, вели Мито Хаџи Василев, дека пролетаријатот расте во владејачка класа само во процесот на развитокот на социјалистичките односи, а тоа значи со развитокот на самоуправувањето на производителите и општеството. Тоа значи дека социјализмот мора основната производна сила на општеството - работничката класа - да ја издигне до нивото и на основна економска и на основна политичка сила на новото општество. "Тоа значи, пишува Мито Хаџи Василев, дека од неа мора да направи корисник на полната непосредна демократија (т.е. од секој работник - управувач на производството), зашто само по тој пат може да ја доведе општествената распределба на производите и вишокот на трудот под нејзина контрола и пресудно влијание. Тоа значи дека мора да го насочува целиот систем во насока на самоуправувањето на производителите и општеството, така што демократијата, диктатурата на пролетаријатот, да израснува од самите општествени односи."[30]

Остварувањето на владејачката улога на работничката класа, всушност, претставува, според Мито Хаџи Василев, владеење со основните насоки на социјалистичките текови, нејзино суштествено влијание врз социјалистичките движења, односно органско изникнување на социјалистичките движења од нејзиното битие.[31]

Со тоа се покажува - а тоа практиката на социјалистичкиот развиток еклатантно го докажа - дека владејачката улога на работничката класа произлегува од објективните интереси,

---

[30] За противречностите на социјализмот, Избор I 35.

[31] В. Работничката класа - владеачка сила на општеството, "Погледи", 1966, бр. 3, стр. 90.

место и улога на работничката класа, од нејзината акција како субјективен фактор на социјалистичките процеси, од нејзините објективни владејачки позиции во самите односи на производството и пошироко во сето социјалистичко општество, т.е. – дека владејачката улога на работничката класа како владејачка општествено-економска и политичка сила на социјалистичкото општество е о б ј е к т и в н а состојба на историското движење на човечкото општество.

## Политичкото битие на социјализмот

(Работничката класа и самоуправувањето)

Сите процеси во социјализмот, така, се определени од битието на работничката класа. Нејзината сопственост над работната сила, односно нејзината историска трансформација од наемен во ослободен труд, претставува – вели Мито Хаџи Василев – основица на развитокот на работничката класа во социјалистичка производна сила (врзана за односите на распределбата според трудот во рамките на поопштествените средства за производство) и претпоставка за нејзиното формирање во активна демократска општествено-политичка сила. Токму единствената основа врз која класата ги развива обете овие премиси на сопственото историско движење, според Мито Хаџи Василев, зборува дека политичкото пројавување на класата, нејзиното истапување во улога на владејачка класа на чело на општеството претставува – "историски неизбежна форма на процесот на формирањето на самата неа и на

останатото општество во социјалистичка производна сила". Во овој контекст, политичкото остварување на класата, со владејачки позиции во однос на развитокот на целото општество, функционира, вели Мито Хаџи Василев, "како систем на општествено-политички односи чија демократска суштина е - радикално нов квалитет на општествено-економската положба на работниот субјект како економски и политичко-правен израз (функција) на сопственоста над работната сила, развиена во односи на о п ш т е с т в е н а сопственост над средствата за производство".[32]

Во една светскоисториска смисла, истакнува Мито Хаџи Василев, приватната сопственост над работната сила е: (а) придобивка на историскиот прогрес; (б) економска категорија на укинувањето на вонекономската присила; (в) општествена негација на закрепостувањето на човечката работна сила; (г) основица на формирањето на работничката класа во политички субјект. Овие историски движења сопственоста над работната сила, вели Мито Хаџи Василев, ги изразува веќе во својата наемна форма, во која историски настанува.[33] Притоа, натамошниот развиток на нивната општествена суштина во насока на ослободениот труд Мито Хаџи Василев ја очекува кога оваа сопственост ќе се ослободи од наемната форма и ќе се претвори (со укинувањето на приватниот труд и со создавањето на општествената сопственост) во

---

[32] Ibid., стр. 76 (подвл. К.Т.).

[33] Сопственоста над работната сила е историски услов и основа на слободата на работникот веќе во капитализмот - кадe "демократизмот" не е карактеристика на буржоазијата, туку услов на капиталот воопшто за да завладее со производните сили "за кои се врзал... преку поголеми општествени и човечки слободи во општеството во однос на феудалната епоха". В. ibid., стр. 76-77.

владејачка форма на сопственоста и на општествените односи (распределбата според трудот).

Врзана за класата која е негација на капиталот, "сопственоста над работната сила, истакнува Мито Хаџи Василев, е фактор (основица) на движењето на класата во непосредна иднина, фактор што ги обусловува и конституира демократските односи на новото општество" (подвл. К.Т.). Таа, продолжува Мито Хаџи Василев, "и ја наметнува потребата од п о л и т и ч к о пројавување на класата како форма на разрешување на основните противречности на општеството; ја определува суштината на демократијата, карактерот на политичките односи, методите на општествената акција на класата; ја условува владејачката улога на класата и специфично-историската форма на остварувањето на таа улога".[34]

Значи, "продолжувањето" на оваа форма на сопственост и во социјалистичката епоха ја изразува сета сложеност на процесот на историското разрешување на работничката класа, на дијалектичкото конституирање на човечката слобода на човекот во основица на развитокот на општеството кон комунизам. Затоа Мито Хаџи Василев укажува дека тоа "продолжување" не е некое обременување на социјализмот со една категорија на минатото, ниту дека значи оти елементите на минатото се јавуваат како основа на демократијата на новото општество или дека новата епоха - во поглед на човечките слободи и права - на човекот не му дава ништо повеќе од дострелите што ги постигнала буржоаската демократија. Зашто, сопственоста над работната сила - иако и во капитализмот и во социјализмот подеднакво претставува приватно присвојување - доживува радикална трансформација од едната до

---

[34] Ibid., стр. 77 (подвл. К.Т.).

другата епоха, затоа што квалитативно ги менува и својата форма и својата општествено-економска суштина. Таа, вели Мито Хаџи Василев, не е "остаток" на минатото во социјализмот, "како што тоа не е ниту работничката класа, ни распределбата според трудот, ни стоковното производство". Нејзиното репрезентирање на индивидуалниот интерес е интегрирано органски во новата општествено-економска основа на (поопштествениот) труд, а не во оплодувањето на капиталот; тоа, истакнува Мито Хаџи Василев "повеќе не е спротивставено на движењето на опредметениот труд на материјалните претпоставки, зашто овие повеќе не се капитал, туку добива свое решение низ здружениот интерес претставо со општествената сопственост - па затоа и функционира како фактор на развитокот на општествената сопственост и на социјалистичкото здружување на слободниот работен човек.[35]

Притоа мора да се истакне дека класата може да ја развие слободата на сопственото движење единствено врз својата форма на сопственост, зашто таа се потврдува исклучиво во неа. Затоа класата елементарно е ориентирана и ги вложува сите напори да ја афирмира сопствената сопственост и нејзината општествено-економска функција. Но, истакнува Мито Хаџи Василев, за да може воопшто класата да ја развие својата вистинска општествено-економска суштина и своето демократско битие да го направи активен фактор на новото движење на општеството - сопственоста над работната сила мораше да се ослободи од сопствената наемна форма и да се издигне во владејачка форма на општествената организација (односи) на трудот.[36]

---

[35] В. ibid., стр. 78.

[36] В. ibid.

Затоа Мито Хаџи Василев пишува: "Класата ја освојува демократијата за себе само доколку го надминува наемањето на трудот на страна дури и на својата држава; доколку себе се организира во асоцијации на здружени работни луѓе-самоуправувачи прифаќајќи го сопственикот на работната сила во улога на слободен општествен субјект кој располага со трудот и производството - како двигател на целокупниот развиток на општеството. Таа демократија класата им ја овозможува и на члеовите на општеството од сите други слоеви доколку нејзината форма на сопственоста, и односите на распределбата засновани врз неа, станат единствен извор на нивната егзистенција и општествено-економска акција. Сопственоста на класата, според тоа е општа основа на демократијата."[37]

Но, затоа, во овој комплекс на односи, сите други форми на сопственоста (на приватниот труд) или на присвојувањето врз тие основи - се ограничени во своето слободно движење и развиток со административниот и економски притисок од класата. Во однос на нив, истакнува Мито Хаџи Василев - класата не е демократија, бидејќи тоа и не би била демократија врз основа на нејзината сопственост.[38]

Врз основа на оваа општествено-економска претпоставка на социјализмот произлегува, всушност, нужноста на социјалистичкиот демократски однос. Социјалистичката слобода ја остварува слободниот општествен субјект, кој управува со сопстве-

[37] Ibid., стр. 78-79 (подвл. К.Т.).

[38] Бидејќи деформацијата на општествената сопственост во групна сопственост е појава на монопол наспроти класата како целина, Мито Хаџи Василев укажува дека класата и него го напаѓа административно. В. ibid., стр. 79.

ните материјални и општествени претпоставки на развитокот. Меѓутоа, социјализмот не може да го создаде овој агенс (субјект) на своите односи, вели Мито Хаџи Василев, доколку не појде од самостојното располагање со работната способност како неотуѓиво право на единката - на која "општеството" не може да ѝ ја ограничува слободата на движењето, н а м е т н у в а ј ќ и ѝ определување во поделбата на трудот (професија), место на работа, услови на трудот, "награда" за работата. Зашто, суштествено, односот на распределбата според трудот, како законитост на автентичниот социјалистички однос, е - укажува Мито Хаџи Василев - функција на сопственоста над работната сила. Но, вели тој, таа не може да се реализира без укинување на експлоатацијата, т.е. без поопштествување на средствата за производство, како ни без најширока непосредна самоуправна демократија.[39] Двата процеси се меѓусебно условени и го остваруваат единството на социјалистичкиот однос in toto. Зашто, "дури кога создадената општествена сопственост ќе се развие во односи на самоуправување, вели Мито Хаџи Василев, дури тогаш трудот го реализира сопственилитвото над производот како вистинска практика на општеството. Зашто - без самоуправување нема слободен труд (чија организација и развиток е во власта на самиот субјект на трудот), а без овој нема ниту распределба според трудот (подвл. К.Т.)"[40], значи нема социјализам, зашто нема ни вистински социјалистички однос.

---

39 B. ibid., стр. 79.

40 Ibid. (подвл. К.Т.). Овој комплекс на односи ја покажува суптилната и сложената дијалектика на социјалистичката епоха, т.е. на фазата на социјалистичката општествена сопственост. Корените на дијалектичкото движење на автентичниот социјалистички однос, истакнува Мито Хаџи Василев, лежат во одјак-

Распределбата според трудот производителот може да ја оствари само доколку непосредно, самостојно управува со претпоставките и тековите на производствениот процес, со репродукцијата и развитокот на општествениот труд. Единствено низ

---

тивните противречности на трудот, условени се со степенот на развитокот на производните сили. Имено: трудот се поопштествува, но не повеќе по пат на развиток на капиталот, туку со укинување на формите на приватниот труд, т.е. со развитокот на општествената сопственост. Меѓутоа, тој и натаму, од становиштето на субјектот на трудот, останува средство за индивидуална егзистенција, што има свој реален израз во присутната општествено-економска категорија "сопственост над работната сила". Всушност, смислата на поопштествувањето на трудот (т.е. на содржината на општествената сопственост - како укинување на експлоатацијата со која субјектот на трудот се претвора во сопственик над производот на својот труд) - не може да биде остварена, вели Мито Хаџи Василев, никако поинаку освен со афирмацијата на трудот како средство за индивидуална егзистенција, значи - само со посредство на сопственоста над работната сила. Со други зборови: работникот се реализира себеси како општествен сопственик на производот на социјалистичкиот непосредно-општествен труд - само во форма на самостоен сопственик на производот на трудот што самиот го врши. Затоа производот кој резултира од поопштествениот труд се манифестира како производ кој на општеството му припаѓа исклучиво во форма на производ врз кој полагаат право на самостојни сопственици - асоцијациите на здружените субјекти на трудот како самостојни сопственици на работната сила. Тоа е, истакнува Мито Хаџи Василев, противречност, но зборува за тоа дека производот не може во социјализмот да му припаѓа на целото општество а да не му припаѓа на производителот што го создал; дека општествената сопственост не може да биде општествена а неа непосредно и самостојно да не ја реализираат асоцијациите на производителите кои работат со поопштествените средства; дека социјалистичкиот непосредно-општествен труд не може да биде с л о б о д е н труд а него здружениот производител да не го организира и развива слободно и самостојно, раководен непосредно од својот индивидуален, по-

таквиот слободен труд - врз основа на самоуправување - можни се, вели Мито Хаџи Василев, односи на распределба според трудот како форма на развитокот на општествените производни сили. Дури тогаш кога производствениот процес и резултатот на трудот се во рацете на производителите, овие можат - со сопствените напори за развитокот на продуктивноста, со своите стремежи, иницијатива, вештина, ангажирање и приспособување кон општествените потреби - да го зголемуваат својот придонес во општествениот производ, а со тоа и својот удел во неговата делба. Зашто, да се дели според трудот, истакнува Мито Хаџи Василев, нема, од становиштето и на единката и на општеството, никаква смисла доколку тоа не значи слободна можност на унапредување на трудот и придобивање, врз таа основа, на сѐ поголем доход.

Поради тоа, генералниот заклучок на Мито Хаџи Василев гласи:

"Односот на распределбата според трудот бара самоуправување, слободен труд, 'економска демократија', т.е. соодветен систем на општествено-политички односи на непосредната социјалистичка демократија со основа во слободниот производител како општествен субјект".[41]

---

тесно-колективен и општ интерес. Распределбата според трудот, така, истакнува Мито Хаџи Василев, не е едноставно делење на општествениот производ врз основа на трудот. Таа е општествено-економски однос на слободниот труд и со тоа - делба на општествениот производ врз основа на труд која ја извршува самиот производител. Значи, заклучува Мито Хаџи Василев, со производот на трудот работникот може да располага како сопственик единствено преку односи на производство внатре кои слободно располага со сопствениот процес на трудот (со општественото производство). В. ibid., стр. 79-80.

[41] Ibid., стр. 80-81 (подвл. К.Т.).

Врз основа на ова сознание произлегуваат нужни консеквенции за политичкиот однос во социјализмот. Ако класата може да ја освои демократијата за себе и за општеството само со афирмација на својата форма на сопственоста, тоа истовремено значи дека единствено со посредство на сопственоста над работната сила класата го негира етатизмот, бирократската узурпација и се здобива со можност да се развива и манифестира во активна демократска сила која - внатре односите на непосредната самоуправна демократија ги решава противречностите на развитокот на општеството во преодниот период. Затоа демократизмот на работничката класа не е субјективно определен, туку објективен услов на нејзината класна позиција. Зашто, само "доколку на практично-активен начин го изрази своето демократско битие и функција (со развивањето на социјалистичките односи на непосредна демократија) - класата директно влегува во функцијата на владејачка сила со непосредно, и демократски остварувано, решавачко влијание врз сите општествени движења", вели Мито Хаџи Василев.[42]

Битието на работничката класа ја носи оваа законитост на општествено-економскиот и политичкиот развиток на социјализмот. Затоа, за Мито Хаџи Василев, поопштествувањето на средствата за производство кое се конзервира на нивото на државна сопственст и етатистички односи станува - со тоа што сите општествени и економски движења ги спротивставува на суштината и развитокот на слободниот социјалистички труд заснован врз сопственоста на класата - а н т и и с т о р и с к и фактор на економската и општествено-политичка стагнација.[43]

[42] Ibid., стр. 81.

[43] В. ibid. Затоа Мито Хаџи Василев ќе укаже дека - во

Во оваа смисла, сопственоста на класата (над работната сила) е оној фактор кој формирањето на објективната историска улога на класата ја претвора во субјективен стремеж и акција на класата, односно неа ја објективизира во законитост на развитокот на општеството во насока на распределба според трудот и самоуправна социјалистичка демократија.

---

поглед на движењето на продуктивноста на трудот и на демократијата - конзервирањето на социјалистичките процеси на ниво на државната сопственост и на статистичките односи може "општеството да го врати дури и зад она што го постигнала буржоаската епоха". Токму тоа, според него, укажува дека не е можен успешен економски и демократски развиток на социјализмот како слободно општество - доколку сопственоста на класата (а, со тоа, и вистинската, непосредната улога на класата) е исклучена како суштествена опора на неговото движење. Всушност, "монополот на државата во управувањето со производството и со распределбата на производот, како форма на командување со општествениот труд, го спречува, вели Мито Хаџи Василев, развитокот на незиватната сопственост над работната сила од наемен труд во слободен труд, го оспорува остварувањето на производителот како сопственик на производот на трудот и развивањето на социјалистичката распределба според трудот (подвл. К.Т.)". Класата, всушност, при ова, како вели Мито Хаџи Василев, "узурпација на функцијата на класата во улогата на самодејна производствена сила", што, пак "неизбежно ја води државата кон потешки административни форми на притисок над работната сила" - е оневозможена да развива "на себе адекватни односи на социјалистичко самоуправно здружување" (подвл. К.Т.). Резултатот на ова конзервирање на социјалистичките односи на едно, во светскоисториска смисла, [illegible]вично ниво, е, вели Мито Хаџи Василев, "од една страна - определен вид на отуѓен идеолошки притисок во улогата на 'свесно поттикнување' на трудот и закрепостување на работната сила (дистрибуција), кои се компоненти на етатистичката форма на разрешување на општиот интерес, а - од друга - конзервирање на политиката, како израз на отуѓениот труд, во монопол на државното командување". Ibid., стр. 81-82 фусн. 7.

Според ова, Мито Хаџи Василев заклучува дека "<u>сопственоста на класата е категориски израз на историското движење кое на поопштествувањето на средствата за производство му дава суштина на поврзување на материјалните услови на производството н е п о с р е д н о  з а  о п ш т е с т в е н а т а  а к ц и ј а  и  с л о б о д н и о т  т р у д  н а  к л а с а т а</u>".[44]

Овој општествен чин - <u>поврзувањето на проширената репродукција со слободната самоуправна акција на работничката класа</u> - Мито Хаџи Василев го определува како суштествена карактеристика на втората фаза (тој вели - "втор основен чин") на социјалистичката револуција, со кој се воспоставуваат адекватните на социјализмот општествено-економски <u>и</u> политички односи, се зачнува развитокот на слободното општество на чело со класата, која општествените работи "ги презема,.. <u>непосредно во свои раце</u> (подвл. К.Т.)".[45]

Ова објективно значи дека процесите на социјалистичкото самоуправување ја означуваат епохата на развивањето на непосредно-општествениот труд врз основа на <u>полна одговорност на класата за судбината и развитокот на општеството</u>, зашто класата добива статус на слободна социјалистичка производна сила во чии раце е не само правото на работа туку и <u>правото на општествена одлука</u>.

Самоуправувањето (заедно со распределбата според трудот), на тој начин, претставува "форма и однос на <u>општествено, економско и политичко  и н т е г р и р а њ е</u>, која се собира

[44] Ibid., стр. 82 (подвл. К.Т.).

[45] В. Големата историска пресвртница, Избор I 431.

околу својата општествено-економска функција со основа во непосредното самодејно остварување на единството на сите видови сопствен интерес; која се реализира во владејачка општествено-економска сила, организирана, преку здружувањето, во единствен систем на самоуправни носители и фактори на социјалистичкиот општествен развиток - од работната заедница, преку комуната и нацијата, до заедницата во целина".[46]

Во целиот овој процес, истакнува Мито Хаџи Василев, работничката класа е ставена во историската позиција на натамошен развиток на општеството, зашто овој процес всушност претставува сестран напор за совладување на дезинтегрираноста, антагонизмот и атомизацијата на општеството како рамка во која, во светскоисториска смисла, повеќе не можат да се движат ни производните сили ни човечката заедница.[47]

Затоа за Мито Хаџи Василев работничкото самоуправување не е и не може да биде автохтон југословенски "експеримент", или само сопствен, специфичен пат на изградбата на југословенското социјалистичко општество, зашто самоуправувањето и како економски и како политички однос претставува единствено средство за самореализација на ослободителната функција на работничката класа. Затоа, според Мито Хаџи Василев, самоуправувањето не е изолирано движење, туку светскоисториски процес, без кој не е можно ослободувањето на работничката класа и развитокот на автентичните социјалистички односи во човечкото општество.

---

[46] Работничката класа - владеачка сила на општеството, "Погледи", op. cit., стр. 82 (подвл. К.Т.).

[47] В. ibid.

Затоа својата концепција за социјалистичкото самоуправување Мито Хаџи Василев ја гради врз критиката на оние ставови кои спрема самоуправувањето се однесуваат чисто факултативно - сметајќи го самоуправувањето ту како "експеримент", ту како случајна "либерализација" на системот, ту како "деградација" на социјалистичките односи во практиката или како "анархо-синдикалистичко скршнување" во теоријата, или, во најдобар случај - сметајќи го него само како еден од специфичните патишта на развитокот на новото општество, како една евентуална форма во која се изразуваат социјалистичките односи. За Мито Хаџи Василев, социјалистичкото самоуправување е историска нужност на остварувањето на принципот на работничката класа како владејачка општествена сила, на перветирањето на управувањето со луѓето во управување со стварите, на единственото можно решение на единството на колективниот и индивидуалниот интерес и - во овој контекст - на историскиот процес на остварувањето на асоцијацијата на слободните производители.[48]

Развитокот на самоуправувањето, истакнува Мито Хаџи Василев, не е нешто "факултативно", некоја "слободна зона" за експериментирање во социјалните процеси и израз на некои слободни субјективни барања, туку реален проблем на движењето на сопственоста и на основните општествени односи во социјализмот, зашто тоа значи остварување на објективната законитост на социјализмот како општествено-економски систем, т.е. на социјалистичката суштина на односите на луѓето во производството resp. на општествените односи во оваа епоха на историскиот развиток на општеството, која значи укинување на експлоатацијата,

---

48 В. За противречностите на социјализмот, Избор I 26-28.

односно воспоставување на такви економски и општествени односи кои на луѓето кои работат им обезбедуваат користење на производите на својот труд за своја лична и општествена потрошувачка, укинувајќи ја притоа можноста за експлоатација на туѓиот труд и за претворање на ограбената вредност во моќна општествена сила, која како капитал или политичка моќ би му се противставила на живиот труд и него би го подјармила и експлоатирала. Заедничката општествена сопственост над средствата за производство и распределбата според трудот, како нејзина економско-општествена форма на изразување - со кои човечкото општество го наоѓа решението на процесите на фактичката дезинтеграција, антагонизам и атомизација на општеството - не можат да се ослободат, истакнува Мито Хаџи Василев, како економски закон на движењето на општеството - без самоуправувањето на производителите.[49]

Затоа Мито Хаџи Василев се спротивставува на генералното сомневање или на апроксимацијата на самоуправувањето како нужен социјалистички однос. Познатиот став за различните патишта во комунизам не значи дека генералната законитост (социјалистичката општествена сопственост, распределбата според

[49] В. ibid., Избор I 28-29. Притоа Мито Хаџи Василев укажува дека самоуправувањето како производствен и општествен однос не претставува само укинување на експлоатацијата врз основа на наемниот труд, туку и укинување на соодветниот објективен паразитизам на одделни колективи, укинување на соодветна "експлоатација" меѓу колективите и производителите преку разни форми на паразитизам кој никнува врз основа, на пример, на прикривање на вишокот на работната сила во организациите на здружениот труд или во вид на индиферентност спрема продуктивноста на трудот, во вид на издржување на одделни колективи на сметка на работничката класа во целост итн.

трудот, непосредната демократија, единството на личниот и колективниот интерес а не нивна меѓусебна подреденост) може да се избегнува или дифамира. Затоа за Мито Хаџи Василев различните патишта во социјализмот исклучиво значат: развиток на с а м о у п р а в у в а њ е т о  во зависност од специфичноста на условите на одделни земји, само  н е г о в и  разновидни форми.[50]

Зашто, самоуправувањето, всушност, е, пред сѐ, економска нужност на развитокот на социјалистичкото стопанство. Самоуправувањето, истакнува Мито Хаџи Василев, затоа не е експеримент, некој слободно избран пат на социјализмот кон комунизам, туку пат на објективирано сообразување на основниот стремеж на социјалистичкото општество кон усогласување на колективниот и индивидуалниот интерес. "Тоа, вели тој, во директна линија ги обединува овие два интереса и со тоа... автоматски води и кон политичка стабилизација" на социјалистичкиот систем и на социјалистичкото општество. Со самоуправувањето, всушност, се воспоставува таков општествен однос во кој "над и надвор од производителите нема никаков фактор што би решавал за нивните интереси и проблеми, за нивната судбина (подвл. К. Т.), и на кој тие би можеле да му се противстават како на 'виновник' за тешкотиите и неуспесите во изградбата". Затоа Мито Хаџи Василев ќе каже дека - како што управувањето на буржоазијата со производството произлегуваше од самите капиталистички општествени односи - "во социјализмот самоуправувањето на производителите е услов, пат и форма на развитокот на самите социјалистички општествени односи(подвл. К.Т.)".[51]

[50] В. ibid., Избор I 31.

[51] Ibid., Избор I 32 (подвл. К.Т.).

Преземајќи ги средствата за производство во општествена сопственост, работничката класа се врзува непосредно, како класа во целост, со целата материјална основа на општеството и со тоа ја презема вистинската историско-класна одговорност пред општеството за токовите и резултатите на неговиот развиток. Како владејачка класа, работничката класа не создава некои посебни општествено-економски и политички интереси над општеството, туку својата владејачка позиција на нова класа на чело на општеството ја остварува, вели Мито Хаџи Василев, како фактор на сестраните интегрирачки движења на општеството и со содржина на носење на општа одговорност пред општеството за развитокот.[52]

Меѓутоа, интегралното дејствување на работничката класа како светскоисториска сила не означува само процес на свесно превладување на стихијноста на општествените процеси, туку, според Мито Хаџи Василев, веќе начинот на кој буржоаската и работничката класа се спојуваат со средствата за производство, односно со производните сили на општеството, ја определува и општествената форма во која општите претпоставки на егзистенцијата и развитокот на општеството (а со тоа и на класите кои владејат) - се конституираат во поширок општествен интерес, односно функционираат како општ интерес. Имено, истакнува Мито Хаџи Василев, развитокот на буржоаската епоха - во фазата која неа ја доведува на историско преодна состојба - го исфрли е т а т и з м о т како форма на движење на општиот интерес; буржоазијата, всушност, со етатизмот се обидува

52 В. Работничката класа - владеачка сила на општеството, "Погледи", op. cit., стр. 82-83.

во однос на општиот интерес да се постави како класа во целост, но давајќи му на овој интерес содржина на зачувување на капиталистичкиот однос како "општа потреба на општеството".[53] Работничката класа, пак, го развива с а м о у п р а в у в а њ е т о во форма на движење на општиот интерес, пресметнувајќи се со етатизмот (иако во почетокот него и самата го користи) - како со остаток на старото класно општество. Со тоа, укажува Мито Хаџи Василев, и почнува процесот на одумирањето на државата.[54]

Мито Хаџи Василев особено подвлекува дека одговорноста на класата пред општеството за неговиот развиток се остварува суштествено по пат на самодејна општествена акција. Нејзина карактеристика е што таа е неизбежно од политичка природа и што, адекватно на тоа, нужно претпоставува владејачка позиција на класата во општеството. Затоа Мито Хаџи Василев истакнува дека самоуправувањето е свесна општествено-економска практика на работните луѓе, здружени во социјалистичкиот слободен труд, која органски, во целост (низ сите клетки на општеството), е посредувана со политичкото изразување на класата, т.е. на нејзините основни историски интереси и цели".[55]

Во ова движење, вели Мито Хаџи Василев, се сретнуваат мошне сложени односи помеѓу формите на сопственоста и видовите на интересите, од една, и формите на управувањето, од друга страна; потоа, односот на класата и единката ("работниот човек"), на класата и политиката итн. Сплетот на овие односи -

---

[53] В. ibid., стр. 83-84 фусн. 9.

[54] В. ibid., стр. 83.

[55] В. ibid., стр. 83.

нивната суштина, заемност и противречност, како и карактерот и дијалектиката на развитокот на одделни феномени и изразувањето низ нив на општите општествено-историски движења - го претставуваат политичкото битие на социјализмот.

Така Мито Хаџи Василев - и во својата политичка доктрина - ги инаугурира оние генерални ставови кои се фундамент воопшто на неговата теорија на социјализмот. Имено, социјализмот е општество на ослободување на личноста и на нејзините односи (на сите меѓучовечки односи) од сите обвивки на мистифицирање, па, затоа, сета човечка дејност (секоја од нив) во социјализмот ја пројавува неизвртената суштина на своето битие. Во оваа смисла, во социјализмот ништо од човечкото не е во редукција (освен она што свесниот однос кон животните процеси ќе го оцени како пречка за натамошен развиток, односно како причина за стагнација и назадување). Притоа, законитост на социјализмот е неговиот постојан развиток. Тој per definitionem е општество во постојана изградба, зашто негова суштина се човекот и човечката заедница, кои, според своето битие, постојано се во градба (изградени-недоизградени).

Од друга страна, како епоха на ослободување на сите човечки сили, социјализмот ја пројавува нивната единственост во различноста, зашто ја воспоставува едноста на нивниот носител. Човечките дејности не се повеќе фундаментално распокинати, зашто - со воспоставувањето на еднозначната класна основа на социјалистичкото општество и движење - се зачнуваат процесите на надминување на општествената поделба на трудот.

Овие фундаментални ставови се вградени и во политичката теорија на социјализмот на Мито Хаџи Василев.[56] На поли-

тичката страна на односите во социјализмот тој гледа од аспектот на нивната развојност, која во основа е определена од нужноста на развитокот на социјализмот како интегрален човечки однос (со тоа, законитост на политиката во социјализмот е - неговиот развиток, а, оттука, и нејзиниот развиток). Во овој контекст, во социјализмот доследно се разоткрива економската "основа" на политичките односи и таа станува свесен темел на политичката дејност. Затоа политичките односи во социјализмот фактички стануваат дел од демистифицираните базични односи во општеството, но, од друга страна - со откривањето на интегралноста на човечкиот однос спрема светот - и тие (политичките односи) навистина почнуваат да влијаат врз економските односи. Интеракцијата на различните сфери на единствениот процес на човечкиот живот станува мера на нивната валидност во историска смисла.

Овој единствен социјалистички однос како претпоставка - но и како своја последица - ја има едноста на учесниците во политичките процеси, како единственост на нивните носители во социјалистичкото движење како светскоисториски процес.[57]

---

[56] Всушност, консеквентно на неговиот пристап кон универзалните процеси на социјализмот, политичката теорија не е разгледување на некоја одделна дејност во рамките на некоја севкупна "социјалистичка дејност", туку иманентен дел на еден единствен социјалистички процес. Политичкото битие на социјализмот не е едно од неговите битија, туку само рамка на разгледување на единствениот социјалистички процес од аспектот на еден специфичен начин на човечкото однесување спрема себе (односно, поточно, спрема заедницата) во досегашната човечка историја.

[57] Билојќи животот објективно станува политичко движење, демократијата (како проширување на бројот на учесници во политич-

Врз овие претпоставки треба да се согледаат, како дел од вкупниот социјалистички однос, и одделните феномени на социјалистичкиот политички однос - кој во себе ја вградува и сам учествува во градбата на целината на социјалистичкиот свет. Имено, проблемите на социјалистичката демократија, на социјалистичката држава, на диктатурата на пролетаријатот и на авангардата на работничката класа во преодниот период - можат да се согледаат во нивното вистинско значење и светскоисториска улога само низ ваква перспектива, низ перспективата на нивната функција во изградбата на социјалистичките односи, како и низ перспективата на нивната иманентна изградба како постојан развиток на човекот и на неговите социјалистички односи (притоа, сите овие феномени на политичкиот однос во социјализмот се разоткриваат само како различни страни на еден единствен - политички, социјалистички, општествен - процес; па не е можно да се зборува, на една страна, за класата, на друга - за нејзината диктатура, на трета - за демократијата, на четврта - за самоуправувањето, на петта - за социјалистичката држава, на шеста - за етатизмот, на седма - за партијата...).

А сето ова ја има својата логика во движењето на работничката класа како активен субјект на револуцијата. Никој не може да го замени пролетаријатот во неговата револуционерна улога, зашто социјалистичката револуција е начин на неговото саморазрешување како решение на класниот проблем на човечкиот

---

ките процеси) станува conditio sine qua non на социјалистичноста на политичкиот живот. Имено, заедницата принципиелно е однонасочна во својата генерална тенденција, но тоа го обезбедува само преку учеството на сите нејзини членови во изградбата и остварувањето на таа тенденција. Затоа и непосредноста на оваа демократија е услов на нејзиното постоење.

свет.[58] И сета човечка дејност во социјализмот, па така и "политичката", е обусловена, извира, се детерминира... од реализацијата на класното битие на пролетаријатот во преодниот период

Во оваа смисла, политичкото битие на социјализмот, според Мито Хаџи Василев, го дефинираат:

- основната историска сила на оваа епоха - работничката класа (социјализмот е плод на нејзините интереси и стремежи, кои се совпаѓаат со развојните процеси на целото општество)[59];

- фактот дека со создавањето на системот на самоуправувањето класата не ја "завршила" својата историска задача, значи фактот дека класата не се "губи" внатре самоуправните односи и не му се подредува, преку нив, на "глобалното општество' (битието на класата во преодниот период од себе ги раѓа односите, го продуцира системот, ја определува суштината на сите процеси, карактерот на развитокот и улогата на одделни феномени)[60]

- фактот дека класата, меѓутоа, не може сама да го "освои социјализмот", туку единствено по патот по кој целото општество станува субјект на социјалистичката практика; ова и објективниот процес на историското "распаѓање" на класата како

---

[58] Во оваа смисла, не е цел на социјалистичкото движење револуцијата, туку револуцијата е само начин на остварувањето на класниот однос на пролетаријатот. Револуцијата, ќе каже Мито Хаџи Василев, може длабоко да се разбере и да стане смисла на животот само ако човекот не се откинува од класата. В. Делото Титово, Избор III 3.

[59] В. Работничката класа - владеачка класа на општеството, "Погледи", op. cit., стр. 84.

[60] В. ibid., стр. 84-85.

остварување (развиток) на нејзиното битие - го определуваат тежиштето, појдовната позиција, дијалектиката на вистинското движење на вкупните социјалистички односи, па така и на политичките[61];

- фактот дека самоуправувањето е форма на општествено-економското и политичко движење на класата низ социјалистичката епоха - форма која органски израснува од нејзиното битие (самоуправувањето е непосредно потреба на класата како укинување на наемниот однос и организирање на класата во слободна самодејна социјалистичка општествена и производствена сила), па затоа не значи прекин на тоа движење, туку, всушност, натамошно засилување на тие процеси[62];

- фактот дека со развитокот на самоуправните односи - класата ја прекинува бирократско-етатистичката административна контрола над движењето на сите сфери на општествената репродукција (т.е. над останатите општествени слоеви), т.е. фактот дека на битието на класата, кое ги изразува потребите на развитокот на производните сили, му противречат односи кои поттикнуваат противречности и дезинтеграција на сферата на репродукцијата со игнорирање на специфичностите на одделните аспекти на оваа сфера и на условите за нивен слободен развиток (притоа нивниот развиток може да се потпира единствена врз творечкиот труд и полната самостојна иницијатива на луѓето од тие подрачја и врз објективираното утврдување и решавање на вистинските интереси на овие активности и на општиот општествен напредок)[63];

[61] В. ibid., стр. 85.

[62] В. ibid., стр. 85-86.

[63] В. ibid., стр. 86.

- фактот дека на битието на работничката класа, која ја укинува експлоатацијата на чиј и да било труд и нееднаквоста на луѓето во општествените права во смисла на директно обесправување или формализирање на демократијата, му противречат и односи кои укинувањето на самостојната егзистенција на т.е. "непролетерски" слоеви (извршена со нивното преведување врз односи на сопственоста на класата) го претвораат во обесправена положба на тие членови на заедницата во однос на класата (зашто таквото командување со другите слоеви "во име на класата" - и след тоа откако тие, со реконструкцијата на сопственоста и општите норми, се подредени на историското движење на класата - го поттикнува развивањето на антагонизми спрема класата која е на "чело на општеството" и зашто, наедно, тоа за самата класа претставува дел од системот кој го ограничува движењето на неа самата и на целото општество во насока на развиени социјалистички односи)[64];

- фактот дека класата, со разорувањето на етатизмот, ги доведува (од потребата на сопственото битие и движење) луѓето од сите слоеви - на единствен самоуправен статус внатре новите односи, отстранувајќи ја субординацијата, зашто без тоа, впрочем, ниту би можела да ги развива социјалистичките односи во единствен општествен систем, т.е. самата себеси во ослободен труд[65];

- фактот дека, во оваа смисла, самоуправувањето е форма на општествена организација на најшироките социјалистички сили, организирано конституирање на историската интеграција на

---

[64] B. ibid.

[65] B. ibid.

класата и на општеството во социјалистички фактори кои ги оваплотуваат односите на новото општество и стануваат носители на историскиот прогрес (основата врз која дејствуваат овие фактори, поврзани со односите на распределбата според трудот во рамките на општествената сопственост, се единството и противречноста на општествениот /класниот/ и индивидуалниот интерес, на општественото и приватното присвојување, додека нивната самоуправна дејност е свесен процес /од клеточни до сеопштествени размери/ во разрешувањето на тие противречности)[66];

- фактот дека специфичната општествена природа на работничката класа и на нејзината владејачка улога - нее ја прави квалитативно нов историски феномен во однос на сите познати класни групации во историјата, зашто работничката класа не е само плод на распаѓањето на сите слоеви во условите на капитализмот, туку и натаму се развива во таа насока и кога избива на чело на општеството, но сега на тој начин што самата ги "вцицува" во себе сите останати слоеви (пролетаризацијата - во смисла на осиромашување и распростирање на наемниот однос - се заменува, во социјализмот, со вклучувањето на припадниците на сите слоеви во односите на сопственоста на класата развиени во општествена сопственост, во ослободен труд, а со тоа и во нејзините огромни можности во остварувањето на сестран и побрз напредок на заедницата и на човекот-единка)[67];

- значи, фактот дека новата владејачка класа овладува со општеството развивајќи го сопствениот однос со својот припадник во сеопшт однос на општеството, на сите луѓе (таа не ја

---

66 B. ibid., стр. 86-87.

67 B. ibid., стр. 87.

репродуцира постојната ниту создава некоја нова класна диференцијација; не се развија самата себеси и своите општествени односи низ противречност со какви и да било класни антагонистички сили што се формираат вон неа, како продукт на нејзиното движење, зашто нејзината општествено-економска природа не е експлоататорска)[68];

- фактот дека историјата не ја "руши" работничката класа како пречка на развитокот, зашто негацијата на класата е дадена во самата неа, а не вон неа, зашто нејзиното сопствено битие ја води кон самоукинување, кон саморазвиток во комунистички односи (односно, илнината е плод на нејзините сопствени стремежи, на нејзината свесна акција и на нејзиниот развиток)[69];

- фактот дека и суштината на нејзината владејачка улога суштествено е различна од улогата на владејачките класи и нивната општествена природа во досоцијалистичките класно-антагонистички формации, зашто во целото свое историско траење социјалистичката епоха останува општество на работничката класа (не заради тоа што во него би се задржале некои, макар и безначајни, разлики меѓу класата и некои други слоеви - кои докрај би ги ликвидирал дури комунизмот како бескласно општество! - ниту заради тоа што во него сите слоеви се стопуваат во работничката класа, која со тоа "без остаток" се идентифицира со "глобалното општество", туку) заради тоа што со ваквата своја интегрална улога во социјалистичкото општество работничката класа "физички нестанува" како плод и фактор на класната структура на општеството, но, притоа, ако класата нестанува - останува социјализмот, сѐ додека производството е - труд што соз-

---

[68] B. ibid., стр. 88.

[69] B. ibid.

дава вредност, труд како средство за индивидуална егзистенција, сѐ додека односите на производството се - односи на распределбата според трудот, додека општеството и натаму е проникнато со противречноста помеѓу општественото и приватното битие (присвојување на човекот; значи, во целото ова движење остануваат социјалистичките односи кои го изразуваат сѐ уште општествено-економски присутното и активно-определувачко битие на класата (сопственоста на класата, развиена во однос на општествена сопственост, и "принципот на класата", како социјалистичко разрешување на споменатите основни противречности на епохата - живеат и натаму и ја сочинуваат основицата на движењето на општеството кон комунизам)[70];

- фактот дека карактерот и функцијата на владејачката улога на работничката класа историски се развива и трансформира; од револуционерното насилие против силите непријателски расположени спрема социјализмот, од етатистичко-адиминистративната присила и дирижирање (во почетните фази на револуцијата) - до највисоките дострели на развитокот на слободното социјалистичко општество, кога "државата што одумира" нема да биде соочена дури ни со остатоци на раслоеното општество - се развива процесот на настанување и трансформација на владејачката улога на класата (во условите на самоуправувањето владејачката улога на класата се развива во насока на водење на општествените работи врз основа на наполно еднаков статус и рамноправен удел на сите работни луѓе, што не го негира и не го отстранува присуството и решавачката улога на владејачката работничка класа во самите основи и односи на самоуправното општество во кои е интегрирано нејзиното битие, нејзината политичка и економска

70 B. ibid., стр. 88-89.

присила во остварувањето на општествената суштина и на општата насока на развитокот; значи: манифестирањето на "неодумреното" битие на класата во улогата на владејачки фактор ќе функционира во системот на социјалистичките односи како "определувачки принцип на класата" - со кој општеството се раководи во постојаното решавање на основната развојна противречност - дури и тогаш кога општеството практично ќе престане да зборува за класата како своја социјална категорија, дури и тогаш кога материјалниот и културен развиток на општеството, со силниот пораст на општествената свест на човекот, ќе ги ослабне во најголема мера сите општествени противречности и потребата од практична примена на систематска присила во заштитата на односите, или во решавањето на општествените проблеми на напредокот за кои постои општествен договор; но, свесната практика на здружените луѓе, кои слободно - од свесно определување и од сопствените етички норми - ги реализираат принципите на "општествените повелби" на заедницата, не го негира и самото постоење и реалната функција на тие повелби, ниту нивниот карактер на присила, а уште помалку ја негира присилната содржина во самите општествени принципи за регулирање на основните односи што ги носат тие повелби - на пример: принципот на општествената сопственост и нејзината заштита како однос на распределбата според трудот ќе остане фактор на присила секогаш во однос на приватното присвојување на социјалистичкиот стоковен производител - и во смисла на декларација на општеството за основите врз кои се заснова, и практички-активно во вистинскиот живот - иако свесната практика на здружените луѓе сè помалку ќе се огрешува од тие основи)[71];

[71] В. ibid., стр. 89-90.

– фактот дека општествената природа на работничката класа и нејзиното историско движење по рушењето на капиталот е засновано врз нејзината сопствена противречност, а не врз противречностите спрема останатото општество или спрема некој класен антипод (во ова лежи клучот на суштината на социјалистичките односи, на политиката во социјалистичката епоха, на "државата што одумира"... – на суштината на слободното социјалистичко општество)[72];

– фактот дека работниот човек станува општествен субјект на самоуправувањето – развивајќи се во слободен стоковен производител (ова ги истакнува претпоставките за формирање на општествениот субјект и предупредува дека тоа има карактер на подолг процес, бидејќи тоа значи дека класата мора да се разви во вистински, многу ефикасен производител на стока, а притоа д не ја загрозува туку во полна мера да ја реализира суштината на социјалистичките односи на здружување), при што субјектот на таквото економско и општествено движење не се создава со декрет, со самата промена на системот од етатизам во самоуправување, туку тој настанува во слободната акција на самоуправувањето, со решавање на објективно-дадените противречности на таквиот развиток[73];

– фактот дека загрозувањето на основите на работничката класа е стихијно, од самите општествено-економски процеси и противречности со кои е обременето битието на самата класа (со работи, неуштност, за разрешувањето на судирите со тенденци

[72] В. ibid., стр. 90.

[73] В. Општествено-класната основа на социјалистичкото здружување и распределба според трудот, "Стопански инструктор", Скопје, 1967, бр. 12, стр. 373.

кои се "легитимни" за слободното стоковно производство, кои избиваат од остварувањето на правото на сопственост на стоковното производство - поврзано со слободното присвојување на асоцијациите - и стануваат опасни за социјалистичката суштина - секогаш кога ќе се наруши единството на општественото и приватното присвојување според трудот), па, поради тоа, тенденциите од овој вид не можат да се сузбијат со самиот автоматизам на економските движења, бидејќи тие и потекнуваат од тие движења, туку само со политичката принуда која интервенира во смисла на ограничување на можноста за деформација на односите (во оваа смисла - оваа принуда нема карактер на владеење на класата над сопствените припадници; таа е објективен фактор на живното социјалистичко здружување, како што свесната практика е објективна претпоставка за егзистенција и развиток на социјалистичкото општество; таа е дел на конвенцијата на класата со општеството за социјалистички односи - класата го формира работниот човек во општествен субјект конституирајќи го во слободно здружен самоуправувач кој е самостоен стоковен производител врз основа на слободното делување на законот на вредноста, но, воедно, таа ја доведува до крај социјалистичката природа на функцијата на општествениот субјект со тоа што, како здружен социјалистички производител, го заштитува во неговите односи на распределбата според трудот - пред притисокот на стихиските тенденции кои ја загрозуваат општествената сопственост, самата основа на тие односи)[74];

- фактот дека општеството - иако го жигосува и го отфрла етатизмот како систем на владеење и управување со луѓето со помош на бирократско владеење со "работите", во што спаѓа и

[74] B. ibid.

"суспендирањето" на објективните економски закони - со тоа не го негира и социјализмот како слободна свесна општествена практика на здружените луѓе (а во таквата слобода спаѓа акцијата која се опира врз сознаената објективна нужност; свесната практика ја чинат, всушност, таквите напори на општеството кои го скратуваат патот и ги смалуваат тешкотиите, судирите и штетите што него го следат - а со кои стихијата го постигнува остварувањето на суштината на објективните закони)[75];

- фактот дека социјалистичкиот систем ги подразбира како сопствен принцип (и објективирано ги практикува) мерките кои правото на присвојување врз основа на стоковното производство го подредуваат на основниот социјалистички закон на развитокот - на распределбата според трудот; тоа е самоуправување со интегрирање на свесната политичка присила во самите односи на самоуправувањето[76];

- фактот дека самоуправувањето е форма на владејачка општествена улога и акција на класата - форма на остварувањето на нејзините одлучувачки општествено-економски позиции и политичка присила по пат на односите на непосредната демократија (работниот човек како субјект-самоуправувач не ја симнува класата "од дневен ред", туку е израз на нејзиното остварување во таа улога, зашто класата не може да се развива во слободна самодејствувачка сила поинаку отколку само во вид на слободна самостојна општествено-економска акција на самиот припадник на класата; без тоа, класата се претвора во нешто нестварно, во апстрактен принцип; класата се манифестира како

75 В. ibid., стр. 374.

76 В. ibid., стр. 375.

однос на социјалистичко здружување на своите припадници, и само по тој пат сопственоста на класата се развива во однос на општествена сопственост - во распределба според трудот)[77];

- фактот дека класата не се распаѓа на работни заедници и дека работниот човек во лицето на таа заедница не добива таква самостојна егзистенција која него, во борбата за доход со другите асоцијации, го спротивставува на целината (социјализмот, распределбата според трудот, не е однос кој се реализира само во работните заедници, ниту таа ја претставува целата суштина на здружувањето; системот кој под вид на потполно слободно здобивање на асоцијациите со доход би практикувал безусловно општествено-признавање на секој доход здобиен со правото на сопственост над стоковното производство во смисла на право на тие асоцијации сами да располагаат со него во целина, барајќи тој дохот единствено да се распределува внатре асоцијациите според трудот на единки - објективно би ја претворил распределбата според трудот од општ општествен однос на работните луѓе во односи кои владеат само во работните заедници, но не и помеѓу нив, а со тоа и здружувањето би се претворило во систем на здружување на луѓе во работни заедници, но не и во социјалистичко здружување на работните луѓе во заедницата како целина, врз основа на општоопштествената сопственост над средствата за производство, што би влечело во насока на корпорација на работните луѓе, која во општоопштествената поделба на трудот општествената сопственост би ја реализирала како групна сопственост); "единството" на системот ја остварува функцијата на класата во однос на целината на производните сили и нивниот развиток, во однос на целината на развитокот на соци-

77 В. ibid.

јалистичките економски и општествени односи, со што класата се афирмира во самото регулирање на односите на луѓето; класата не може да се претвори во куп слободни и дезаинтересирани единки-самоуправувачи[78];

- фактот дека - во изнесената смисла - сферата на општествено-политичката самодејност, "политиката" во социјализмот, е условена со приватната сопственост над работната сила како конститутивен елемент на социјалистичките односи; дека таа е процес на осмислување и разрешување на противречноста помеѓу единката и класата, како репрезентанти, и приватната сопственост во сферата на трудот и општествената сопственост над материјалните претпоставки на производството (движејќи се во такви услови работничката класа поставува рамки на функциите на сопственоста над работната сила, развивајќи ја неа во односи кои ја изградуваат и јакнат општествената сопственост, и делува, всушност, во тоа како класа со владејачки позиции во однос и на своите сопствени припадници)[79];

- фактот дека самоуправувањето од работниот човек создава носител и на индивидуалниот и на општиот интерес, и дека нивното единство тој го постигнува само како свесна општествена практика, како остварување на општата политика на развиток и општата општествена суштина на сопствените односи: едниот интерес тој мора да го решава низ другиот (за да го обезбеди тоа, работниот човек се здружува во асоцијации на разни нивои, во еден целосен органски поврзан систем на социјалистички односи и самоуправување; тој мора да појде по тој пат бидејќи и

[78] В. ibid., стр. 375-376.

[79] В. ibid., стр. 376.

стопанството и општествената репродукција - се целина, бидејќи условите на слободната, но општествена, дејност на единките се од општоопштествени размери и значење, а особено - со оглед на карактерот на современите производни сили и нивната интеграција, и бидејќи класата се врзува со целата материјална основа на општеството); социјализмот го разбива приватното владеење со општите претпоставки на општеството: работниот човек е максимално слободен со својата иницијатива на општите претпоставки на трудот, но тој не може приватно да владее со тие претпоставки - ниту во смисла на отсуство на насочувањето, ниту во смисла на присвојувањето на туѓиот труд; продирот на таквите тенденции е продир на логиката на старите односи, со која се исклучува стварната суштина на социјалистичкото самоуправување; со тоа се покажува дека суштината и карактерот на движењето на вишокот на трудот го воспоставува економското и политичкото значење на сите видови асоцијации на работните луѓе[80];

- врз основа на сето изнесено, фактот дека претставува "склоност кон илузии" верувањето дека во самоуправното социјалистичко општество ќе има помалку конфликти и тешкотии, помалку услови за деформации и помалку поводи и потреба за политичко посредување отколку во поранешната фаза на социјализмот (притоа новите односи на "самоуправување со вишокот на трудот" ги преместуваат судирите од противречноста меѓу работничката класа и на неа противставените надворешни фактори - врз движењето на нејзините внатрешни противречности)[81];

- фактот дека ослободувањето на антагонистичкиот судир

[80] В. ibid., стр. 377.

[81] В. Големата историска пресвртница, Избор I 436-437.

со класниот антипод ги дефинира новите односи како неантагонистичко општество во кое класната борба ги губи онаа основа, суштина, форми и острина што ги имаше во преодната фаза кон социјализам, но дека противречностите, конфликтите и тешкотиите остануваат уште долго во не помал обем, не побезначајни, а често и - не послаби, со не помали општи последици по темпото и ефикасноста на општите развојни движења, по економската и политичката стабилност на социјалистичката заедница, бидејќи елементите на отуѓеност и дезинтеграција на општеството уште се присутни - во лицето на самата класа, нејзиното битие (исчезнуваат дури како полно историско разрешување на класата) и бидејќи, со тоа, не престанува ни класната борба, но - со многу специфичен карактер и форма[82].

Сите овие основи, кои го определуваат политичкото битие на социјализмот, принципиелно укажуваат дека политичките односи во социјализмот не можат - како, впрочем, ни во останатите општества - да се разгледуваат вон општествените односи, односно дека тие не се форма per se на општествените односи, туку дека и низ нив се пројавува суштината на социјалистичките општествени односи. Во оваа смисла, Мито Хаџи Василев во својата политичка теорија ќе постави нивно еднозначно определување:

1. Работничката класа не е владејачка класа во името на некои тесно-експлоататорски класни цели. За да се ослободи самата од експлоатација и угнетување, таа мора да оствари само таков општествен однос за себе - кој не содржи никаква класна подвоеност на интересите на индивидуите во трудот, а со раширувањето на овој однос неизбежно ги ослободува сите оп-

---

[82] В. ibid., Избор I 437.

штествени слоеви од експлоатација и угнетување. Според тоа, истакнува Мито Хаџи Василев, човекот влегува во својот основен производствен (значи - и општествен) однос само како слободен и самостоен во здружувањето (т.е., вели Мито Хаџи Василев, во работата, наградувањето и управувањето). Над него економски и политички стојат само интересите на целата социјалистичка заедница[83]: се отвора процесот на стопување на човекот-индивидуа и човекот-заедница.[84]

2. Социјалистичката демократија е, вели Мито Хаџи Василев, оружје на работничката класа усковано за овие услови на борба. Затоа таа носи интегрален печат на овој класен однос. Таа е, истакнува Мито Хаџи Василев, диктатура како израз на постојната класна структура, но демократија (во процес на одумирање на политичкиот однос како отуѓена моќ над луѓето) како израз на зародените неантагонистички социјалистички односи.[85] Затоа, раководната улога на работничката класа не ја "намалува" демократијата во социјализмот, туку - напротив - таа е нејзината суштина.[86]

---

[83] Бидејќи остварувањето на класниот интерес во социјализмот е остварување на интересот на целата социјалистичка заедница (но и обратно) - политичката присила е, всушност, остварување на социјалното единство, т.е. негов израз.

[84] В. За очовечувањето на човекот и на општествените односи, Избор II 137.

[85] "Без диктатурата работничката класа не може да се одржи како владејачка класа, а без демократијата таа не може како класа да се изгради во владејачка класа. Попуштањето било на едното било на другото - вели Мито Хаџи Василев - е победа на старите односи, на антисоцијалистичките сили." Ibid., Избор II 141 (подвл. К.Т.).

[86] В. ibid.

3. Затоа, за Мито Хаџи Василев, социјализмот и социјалистичката демократија се едно.[87] Но, тие се меѓусебно во однос на целта и средството. Социјалистичката демократија, за него, бидејќи е изразито класна демократија, не е цел што треба да ја оствари работничката класа, туку средство за остварување на нејзината цел - социјализмот. Затоа таа, според него, како форма на класното владеење, им е потчинета исклучиво на потребите за развивање на социјалистичките општествени сили и односи. Социјалистичкиот демократизам е толку поположн, поразвиен - колку поцелосно ја изразува работничката класа како владеечка класа, колку побрзо ја формира неа како таква и нејзе ѝ дава можност да функционира како таква, значи - колку повеќе го обезбедува овој развиток на класата, односно колку повеќе ги ограничува и оневозможува сите оние сили и тенденции што им се противставуваат на работничката класа и на социјализмот.[88]

4. Во оваа смисла, патот на социјалистичката демократија, истакнува Мито Хаџи Василев, е да се создадат и развијат такви демократски форми што овозможуваат најшироко собирање на масите и најполно изразување на волјата и сфаќањата на секој граѓанин во социјалистичкото општество - како остварување на неговите права, а и за формирање на социјалистички борец во него. Овие форми, пак, се инструмент на социјалистичките сили.

[87] В. ibid., Избор II 142.

[88] В. ibid., Избор II 143. Затоа Мито Хаџи Василев ќе го нарече антиисториско, токму заради оваа органска поврзаност на развитокот на класата и социјализмот, секое одделување од класата и од нејзините иманентни интереси, како интереси на општочовечкото ослободување. В. Феноменот на приватната сопственост во социјализмот, Избор I 380.

Тука единката се слева во колективот на социјалистичките општествени сили, истапува слободно и самостојно, не да ја подвлече својата одвоеност и разлика во интересите и мислењето, туку низ заедничко претресување да дојде во единство со другите да го изнајде оној интерес и оној став што е најправилен, што најмногу им соодветствува на социјалистичките потреби и што затоа единствено може да биде основа за мобилизирање на луѓето во единствена акција. Преку овие форми, односно преку акцијата во нив, луѓето сами го градат своето социјалистичко единство.[89] Тие, според својата суштина, вистински демократски форми за масите, за ослободувањето и издигањето на оној човек што неизбежно го бара социјалистичката епоха - никогаш не смеат, токму заради своите високи демократски цели, да се одвојат од онаа

[89] За оваа решавачка улога на масите во социјализмот Мито Хаџи Василев ќе напише: "Другарот Тито не ги воспитуваше комунистите дека се тие единствените што ги создаваат барањата и стремежите на работничката класа и народот, дека тие ја прават Револуцијата. За него масите никогаш не претставуваат случајни извршители на неговите идеи". Делото Титово, Избор III 2 (подвл. К.Т.).

Токму во ваквото потпирање на улогата на масите Мито Хаџи Василев ја согледува битната разлика меѓу односите во Југославија и тие "во разните други земји", односно дека тоа лежи "пред сѐ и основно" во третирањето на улогата на масите. "Ни во една земја како во Југославија, вели Мито Хаџи Василев, најшироките маси, огромното работно мнозинство на чело со работничката класа, не претставуваат и не може да претставуваат онаков субјект на општественото движење напред, не може да влијаат на политичките одлуки на државата и како јавност да земат на себе право не само да бидат поддршка на една званична политика, туку да ја инспирираат и задолжуваат таа политика. Во Југославија тоа е логична последица, неизбежен и сакан резултат на социјалистичките односи што се изградуваат." Печатот и јавното мислење, "Нова Македонија", 29.X 1954, бр. 3094.

социјалистичка содржина која треба да ја изразуваат и заради која се и создадени.[90]

5. "Основите на социјалистичката демократија, пишува Мито Хаџи Василев, лежат во правото на непосредните производители да управуваат со процесот на производството и со трошењето на својот производ."[91] Така историската улога на пролетаријатот - потполно да ја ликвидира класната подвоеност на општеството - претставува стварна основа на социјалистичката демократија, но токму како диктатура на пролетаријатот како општествен однос во социјализмот.[92]

6. Така социјализмот е, вели Мито Хаџи Василев, општество кое "само се управува на чело со работничката класа", а не општество "со кое управува во име на класата - нејзиниот челен слој". Затоа прашањето на диктатурата на пролетаријатот не е само прашањето: "До какви позиции и состојби е потисната буржоазијата"?, туку вистинското прашање на социјалистичките односи е прашањето: "На кое место и до каква улога објективно

---

[90] В. За очовечувањето на човекот и на општествените односи, Избор II 146.

[91] Развитокот на социјалистичката демократија како основен проблем во изградбата на социјализмот, "Социјалистичка зора", 1951, бр. 1, стр. 47. Токму ваквиот статус на управувачите воспоставува единство на општествените должности и права како правно-општествен начин на остварувањето на социјалистичкат демократија. В. Социјалистичката демократија - единство на општествените должности и права, "Социјалистичка зора", 1.V 1952 бр. 1.

[92] В. Развитокот на социјалистичката демократија како основен проблем во изградбата на социјализмот, op. cit., стр. 14

е доведена работничката класа во општеството"?[93] Ова прашање за економската промена е, според Мито Хаџи Василев, вистинско прашање за политичката промена во социјалистичкото општество.[94]

7. Суштината на овој процес е одумирањето на државата – како отуѓена политичка и економска моќ над производителот! Стапувањето на работниците во самоуправни односи, тоа значи – стапување во социјалистички односи елементарно, прераснување на државните функции во општествени; овој процес е историски нужен (за него, според Мито Хаџи Василев, е одговорна, во светскоисториска мисла, целата социјалистичка теорија и практика) – зашто монополот на државата ја ограничува класата во функцијата на непосреден реализатор на сопственоста: таа не управува со производството, не влијае непосредно врз стопанските процеси, не го определува економското движење, не ја управува и не ја контролира распределбата на производите и распределбата на вишокот на трудот, правејќи го тоа преку свои претставници, преку својата држава. Така прашањето на остварувањето на историската улога на работничката класа е прашање на укинувањето

---

[93] В. Барање со свеќа (На тема: Диктатура на пролетаријатот), во книгата "Свртени кон човекот", Скопје 1959, стр. 84.

[94] Ова прашање за интегралната смисла на промената во социјализмот како аспект од кој единствено може да се разбере суштината на социјалистичката демократија, Мито Хаџи Василев го обработува особено во серијата статии, објавени во 1952 година во новопокренатиот весник "Социјалистичка зора" (чиј беше главен уредник), под општ наслов "Од проблемите на социјалистичката демократија": Личноста и заедницата, 1.VII 1952, бр. 5; Одумирањето на државата и борбата против класниот непријател во преодниот период, 25.VIII 1952, бр. 8; Вишокот на трудот и демократијата, 25.X 1952, бр. 12.

на овој монопол, со кој производителите се доведуваат не во односи на нивно непосредно здружување, не во реално поставување на едни спрема други - туку нив ги става во однос спрема државата како работодавец и репрезентант на сопственоста над средствата за производство. Меѓутоа, ова укинување-надминување на монополот на државата е можно само како процес на развивање на социјалистичката (непосредната) демократија, бидејќи со тоа истовремено се укинува-надминува политичкиот монопол во социјалистичкото општество.[95]

---

[95] В. За противречностите на социјализмот, Избор I 32-33. Бидејќи во фазата на државната сопственост, луѓето во економскиот живот стапуваат во односи со државата, која ги наема за работа и решава за сите прашања, ваке поставената држава, вели Мито Хаџи Василев, како еден реален пол на производствените односи, како вистинска економска сила на општеството - својот монополен однос го гради објективно на сметка на единствениот можен субјект на социјалистичкото општество - на сметка на работничката класа и на нејзиниот развиток во економска сила на општеството. Со вакното воспоставување на државата како работодавец неизбежно се засилува тенденцијата кон нејзино осамостојување во однос на општеството, а со тоа со сета силина испакнува и нејзиниот политички монопол. Сето тоа, при засилувањето на ваквите односи, го зацврстува државниот интерес како израз на колективниот интерес, па државата во оваа етапа од развитокот на социјализмот се јавува како репрезентант на заедницата од таков вид што на својот,државниот интерес - го противставува производителот како репрезентант на еден друг определен општествен интерес - стремежот кон самоуправување. Основата на овој суштински судир лежи во проблемот на непосредното спојување на производителите со средствата за производство како природни орудија на нивната работа. Кон ова соединување, истакнува Мито Хаџи Василев, социјалистичкото општество природно и законито се стреми како кон предуслов за општествено соединување на индивидуалниот и колективниот интерес, но ова државниот монопол

8. Издигнувањето на работничката класа во владејачка класа, како историска задача на пролетаријатот, тоа значи - вели Мито Хаџи Василев "освојување на демократијата за работникот човек", односно дека "без демократија нема ни владејачка работничка класа".[96] Оттука диктатурата на пролетаријатот се остварува низ дијалектички процес: од функцијата на насилие спрема симнатите експлоататори кон демократија и владејачка позиција на работничката класа како таква. Преминот кон новите општествени односи на комунистичката заедница значи основната производна сила на општеството, работничката класа, да се издигне до нивото и на основна општествена сила на општеството. А тоа, за Мито Хаџи Василев, значи дека таа мора да стане непосреден корисник на полната непосредна демократија, т.е. секој работник мора да стане непосреден управувач на производството, зашто само на тој начин општествената распределба на производот според трудот и на вишокот на трудот доаѓа под контрола и пресудно влијание на работничката класа. Со тоа диктатурата на пролетаријатот е насочување на целиот социјалистички систем кон работничко и општествено самоуправување, така што демократијата, диктатурата на пролетаријатот, иманентно да израснува од самите општествени односи. Напорите на работниците во производството, укажува Мито Хаџи Василев, мораат да се врзат непосредно за пресудното нивно влијание врз стопанската и вкупната општествена политика.[97]

---

не може доследно да го оствари. Врз ваквата позиција на државата лежат и можностите за општествена привилегија, па тоа значи дека врз овие основи се зацврстуваат и тенденциите кон бирократизам во социјализмот. В. ibid., Избор I 34-35.

96 Ibid., Избор I 35 (подвл. К.Т.).

97 В. ibid., Избор I 35-36.

9. Во овва смисла, непосредната демократија, социјалистичкото самоуправување, интегралното поврзување на производителите за економските и општествени текови на општеството, е "единствен тип на демократија, вели Мито Хаџи Василев, со кој работничката класа може да ги постигне своите основи (актуелни и историски - К.Т.) цели, зашто само таа го носи во себе единството на двата противречни процеси на преодниот период, а со тоа и својата сопствена дијалектичка негација: таа ја изградува работничката класа во владејачка класа (значи, развива елемент на држава) само доколку самата значи развиток на процесот на одумирање на државата".[98] Самоуправувањето е, затоа, функција на здружените производители, што стапуваат во директни односи меѓу себе непосредно, без административен или некој друг посредник и тутор (на пример, во вид на монопол на државата во управувањето). Заради тоа, самоуправувањето е и форма на изразување на општествената сопственост, и форма на пројавување на социјалистичките општествени односи, и пат за остварување на објективните економски категории на социјалистичкото општество, и пат за формирање на работничката класа во владејачка класа на општеството. Затоа проблемот на самоуправувањето, истакнува Мито Хаџи Василев, испакнува со сета своја острина како најважен проблем на современа социјалистичка практика.[99]

[98] Ibid., Избор I 36.

[99] Токму во оваа насока Мито Хаџи Василев укажува дека не е прашање за теоретски натегања - кога веќе ја срушила и експроприрала буржоазијата - дали работничката класа управува или не управува со општеството и стопанството ако тоа го прави нејзината држава, нејзините свесни сили, зашто практиката секојдневно со сè пожестока опорост го наметнува овој проблем во социјалистичката стварност, иако работничката класа наполно е свесна дека буржоазијата решително е острането од стопанството и општествениот живот. И при тоа не се работи за некое "сомне-

10. Затоа самоуправувањето, според Мито Хаџи Василев, не може да се третира исклучиво како политичка категорија, како проблем на политичка демократија, туку како економска потреба и категорија, како економска демократија. Самоуправувањето, за него, е развиток на општествената сопственост и на социјалистичките односи, формирање на работничката класа во владејачка класа (бидејќи низ самоуправувањето таа станува ра-

вање" на класата во верноста на револуционерната авангарда и на новата држава во делото на социјализмот. Се работи едноставно за тоа, истакнува Мито Хаџи Василев, дека развитокот на социјализмот има своја класна и општествена логика: решавачката класна борба ја водат класите, и едната класа на чело на општеството ја заменува другата класа, а не нејзини претставници. Притоа Мито Хаџи Василев укажува - при што и решително инсистира на разбивањето на закоравената догматска свест - дека социјализмот, како и секоја општествена формација, се засновува врз објективни закони, дека произлегува од објективните интереси, место и улога на работничката класа, од нејзината акција како субјективен фактор врз основа на сосем објективни владејачки позиции во самите односи на производството и пошироко во сето општество. За Мито Хаџи Василев претставува субјективизам сфаќањето на теоријата дека социјализмот се раѓа пред сѐ од фактот дека авангардата ѝ останува верна на класата, а не дека израснува законито од непосредната ефикасна акција на работничката класа на чело на општеството, од објективното движење на економските односи - при идејното раководење на авангардата и улогата на чување на основните придобивки на револуцијата од страна на социјалистичката држава. Вистинската дисквалификација на класата од водењето на општествените работи, според Мито Хаџи Василев, се сведува на фактот дека една класа на чело на општеството, што per definitionem ги поседува и ги контролира средствата за производство, по прв пат во историјата не е истовремено непосреден реализатор на сопственоста и дека затоа се доведува во речиси целосна објективна зависност од своите политички претставници и од нивното субјективно толкување на нејзините интереси. Мито Хаџи Василев посебно укажува дека работни-

ководна економска сила на општеството), признавање на социјалистичката распределба според трудот како објективен закон на движењето и развитокот на социјализмот. Само врз основа на ов негова економска димензија самоуправувањето претставува основ на развитокот на непосредните социјалистички политички односи во општеството, односно на социјалистичката демократија како активно водење на сите работи во општеството од страна на неговите членови. Затоа самоуправувањето, според Мито Хаџи Василев, претставува дијалектичко автохтоно, иманентно на автентичните суштини на социјализмот разрешување на противречностите меѓу производителите и бирократските тенденции, меѓу класата раководната политичка сила, меѓу власта над луѓето и власта н стварите. Низ еден марксистички хоризонт, самоуправувањето мо же да биде тоа бидејќи претставува решение на противречноста на производството и на распределбата на општествениот произво Преминот кон управување со стварите, развитокот на социјалистичките односи во насока на непосредно здружување на производителите - според неминовната дијалектика на човечките односи - претставува слабеење на политичката моќ над луѓето, процес на одумирање на државата, прераснување на државните функции в општествени. Во социјализмот овој процес добива вид на развиток на социјалистичката демократија, зашто во неговото движен посредуваат определени политички форми и односи. Така, во ова етапа од развитокот на социјализмот, според Мито Хаџи Василев самоуправувањето е продукт на развитокот на политичката демократија, процес на нејзино остварување. Оттука неизбежно сле-

---

ците суштината на социјализмот не ја сфаќаат така, за што, ве ли тој, дава докази и безброј примери самата историја на социјализмот, и во теоријата и во практиката - од Париската комуна до денес. В. ibid., Избор I 36-37.

дува и соодветниот политички заклучок што го дава Мито Хаџи Василев: доколку самоуправувањето ја слабее политичката моќ на државата над луѓето со слабеењето на нејзините функции во општеството, дотолку социјализмот станува постабилен како политичко единство на масите, дотолку социјалистичката држава, како репрезентант на заедницата, е поцврста, помоќна (овој став на Мито Хаџи Василев претставува вистински опозиторум на познатиот сталинистички став за нужноста на јакнењето на државата во социјализмот, кој дијалектичката политичка мисла на марксизмот ја изрази во извртен вид).[100]

11. Ова општествено движење, укажува Мито Хаџи Василев, ја прави социјалистичката држава - особен тип на држава. Таа е, пред сè, во својата основа - организирана владејачка работничка класа. Како политички инструмент на развитокот на самоуправувањето на општеството, државата стварно го започнува процесот на своето одумирање, но, како вели Мито Хаџи Василев, не во смисла на вулгаризирано сфатеното движење, што неа ја отфрла како чисто "старудија на минатото", туку во смисла на движење - низ кое самото ново општество неа ја изградува како своја демократија, како своја држава, како вистински репрезентант на заедницата, а не - како што беше таа досега во класно разединетите и од класни судрувања потресувани заедници - репрезентант, како што велеше Маркс, на "илузорната заедница". Мито Хаџи Василев притоа укажува дека на ова се однесува Лениновиот став - дека државата ќе остане уште долго и по исчезнувањето н

[100] В. ibid., Избор I 38-39. Најубавата оценка на сталинистичката деградација на суштината на социјализмот, со мошне лапидарни зборови, ја даде Лелио Басо со укажувањето дека натисокот е физиолошка потреба на капитализмот, а патолошка за социјализмот.

непријателските класи, дури и тогаш кога, како инструмент на класното насилство, не ќе има кого да угнетува, зашто ќе ја ос тварува функцијата на општествена заштита на принципот на наградувањето според трудот во секојдневниот живот на луѓето, т.е. функцијата на претставување на најдлабоките интереси на целата заедница и на секоја единка.[101] Притоа е од особено зна чење теоретското разгледување од Мито Хаџи Василев на дијалектиката на противречноста на државата и самоуправувањето. Државата, како што вели тој, е во противречност со слободата, таа е навистина носител на ограничувањето на луѓето, елемент на управувањето над нив. Самоуправувањето, пак, е решавање на про тивречноста меѓу слободата иуупрвувањето со заедницата. Иако се остварува со државата, тоа - како социјалистички однос - е и во единство и во противстав со државата, зашто, од една стра на, ја засилува државата како репрезентант на заедницата, но, од друга, нea ја укинува како тенденција на изразувањето на не себната моќ над општеството која се отуѓува од човекот и нему му со противставува.[102]

[101] Државата, вели Мито Хаџи Василев, му е подредена на самоуправувањето на општеството и се користи за тоа новите односи "да ги подигне на ниво на закон и да го огласи за нелегално и казниво сето она што ним им се противставува". В. Работничката класа - владеачка сила на општеството, Избор I 415 фусн. 2.

[102] В. За противречностите на социјализмот, Избор I 40--41. В. за ова и Работничката класа - владеачка сила на општес твото, Избор I 410 и н. Врз почвата на оваа противречност Мито Хаџи Василев го согледува никнувањето на административните пос тапки, на бирократските тенденции, чиновничкото однесување, на крутиот централизам, а - како нивни придружни појави - партику ларизмот, примитивистичките малограѓански и анархоидни тенденции против општеството, секое оспорување на авторитет, како и

12. Значи, Мито Хаџи Василев овој процес на децентрализација кој се остварува со самоуправувањето го разгледува како процес на децентрализација само во однос на разорувањето на етатизмот, т.е. на осамостојувањето на политичката сфера. За него самоуправувањето е одумирање на државата "во историска и антрополошка смисла", а не во грубо вулгарната.[103] Тој инсистира дека не смее да се изгуби од предвид"дека самоуправувањето е, всушност, власт, дека самоуправувањето е држава на работничката класа, дека е тоа нова организација на работничката класа во смисла на држава, во смисла на сопствеништво, во смисла на вршење на власта".[104] Затоа и ќе укаже дека не може да се

апсурдната теорија за т.н. полна демократија - врз почвата на изградбата на самоуправувањето. Мито Хаџи Василев укажува дека недостатоците, слабостите во управувањето со стварите, незрелоста во самоуправувањето, малограѓанските тенденции што него го разјадуваат, заостанатоста која е причина за недоволна материјална база на социјалистичките односи - автоматски, според логиката на противречниот развиток, ги засилуваат административните постапки, власта над луѓето, бирократските тенденции. Клучот за решавање на овие противречности Мито Хаџи Василев го наоѓа во развитокот на самоуправувањето, т.е. во тој, како вели, специфичен историски пат на движењето на социјалистичката држава. Меѓутоа, Мито Хаџи Василев постојано предупредува дека "тенденциите на бирократизмот... органски се поврзани со заостанатоста", што му дава историска димензија на самоуправувањето и на неговата битка не само за нови односи, туку и за развиток на производните сили. В. Социјалистичката распределба и проблемот на неразвиените, op. cit.

[103] В. Реч на саветовању организација СК републичких и покрајинских центара о актуелним питањима реорганизације Савеза комуниста, in: "Стенограм Саветовање организација СК републичких и покрајинских центара 30 и 31 маја у Скопју", Скопје 1967, стр. 39. Инаку, додава Мито Хаџи Василев, не можеме да сфатиме што навистина е социјалистичко самоуправување.

развива економскиот систем, а тоа истовремено да не значи и развиток на политичкиот систем. Процесот на изградбата на самоуправувањето, според него, не значеше само децентрализација, "туку и трансформација на самиот карактер на власта, на државата, која се претвораше во една од основите и инструментите на нашите општествени односи - во насоката на политички систем што претставува самоорганизација на самоуправувачите".[105]

13. За Мито Хаџи Василев, ни социјалистичката држава ни авангардата на работничката класа не се фактори надвор од работничката класа, туку иманентни форми на нејзиниот политички израз во оваа фаза од нејзиниот развиток како самоуправување.[106]

---

[104] Ibid. (подвл. К.Т.). Мито Хаџи Василев укажува дека несфаќањето на оваа суштина на самоуправувањето овозможува објективно возобновување на силите на етатизмот, кој "нѐ тепаше во секоја комуна и во секое подрачје каде во име на немешање и во име на демократијата истапувавме со... фраза, без да одиме на пресметка со стварните носители на бирократските тенденции и сили". Ibid., стр. 40. Сметајќи ги овие тенденции за илегални, Мито Хаџи Василев ја оправдува акцијата на револуционерно насилство против нив.

[105] Политичкиот систем и реформата, во книгата "Тито во Македонија". Разговор со политичкиот актив на СРМ, Скопје 1967, стр. 125. Затоа и натамошните процеси на самоуправното општество (каков што е за него, на пример, Стопанската реформа од 1965 година), Мито Хаџи Василев не ги смета за "просто продолжување на децентрализацијата и понатамошно развивање на самоуправниот систем, туку..., заедно со тоа, нов чекор напред во оспособувањето на работничката класа поефикасно да ги разрешува сопствените противречности и постојните проблеми". Ibid., стр. 131.

[106] Реч на Саветовању организација СК републичких и покрајинских центара..., op. cit., стр. 42. Затоа тој укажува на потребата - на класата да не ѝ се приоѓа апстрактно, бидејќи

Всушност, се работи за преземање на политичка одговорност во општеството од страна на работничката класа, што - заради одговорноста за натамошниот развиток на социјалистичкото општество - ја менува суштината на општествената акција на класата (а со тоа и на социјалистичката држава и на партијата).[107]

14. Во оваа смисла, се задржува со уште поголема острина социјалистичката борба против етатизмот (кој, во преодната фаза на социјализмот имаше своја историска улога и борбата против него имаше друга суштина). Имено, вели Мито Хаџи Василев, "сè додека класата, живиот труд не се врзе непосредно со вишокот на трудот - нема вистински, развиен социјалистички однос". Етатистичкиот однос, пак, ја задржува општата основица на латентно антагонистичко судирање на работничката класа со командата над вишокот на трудот која се репродуцира во самостојна функција и позиција, противставена на непосредното решавачко влијание на производителите. Револуционерниот карактер на класната борба се оцртува низ интрансигентното спротивставување на подредувањето на живиот труд, на класата - на "власта" на

таа е реален израз на општествениот развиток, а, оттука, инсистира на ослободување од идеализацијата на работничката класа и на приоѓање кон неа како на носител на сите противречности во развитокот на новата (самоуправна) фаза на социјализмот.

[107] В. Непосредната демократија и Сојузот на комунистите, Избор III 223. Од критичка позиција спрема општеството", "од негација со исклучиво тежиште во револуционерното одречување на сите основи на општеството", критичкиот став на класата и нејзината авангарда се префрла, вели Мито Хаџи Василев, "кон негација со тежиште во конструктивната политичка одговорност, со основа во создавањето на нови основи и форми на општеството и со опора врз градителските и афирмативните сили, тенденции и акција во општествениот развиток". Ibid., Избор III 223-224.

опредметениот труд, односно на силите кои (надвор од производителот) ракуваат во акумулираното општествено богатство, со претпоставките на трудот. Натамошната задача на класата е да го раскинува овој однос, кој постојано се стреми кон репродуцирање, како израз на внатрешните противречности на класата, да ги остранува надворешните пречки во развитокот на социјализмот, факторите што се формираат надвор од нејзиното битие и му се противставуваат на слободното разрешување на тоа битие врз општата основица на подредувањето на живиот труд. Само на тој начин, вели Мито Хаџи Василев, работничката класа "ја отвора својата внатрешна противречност" и се прифаќа за сложената задача на решавањето на себеси како класа.[108]

15. Борбата против бирократизмот е, така, според Мито Хаџи Василев, битка на социјалистичките сили - овој "отуѓен носител на 'општествениот интерес'" да не "заседне на грбот на општеството" и да не ги "запре развојните процеси на социјализмот".[109] Имено, самоуправувањето е во непомирлив судир - зашто има друга општествена суштина - со бирократијата, која го мистифицира "општиот интерес" како основа на социјалистичкото движење, претворувајќи го со тоа во апстракција на самата

[108] В. Големата историска пресвртница, Избор I 436 фусн. 4. За основите на појава на етатизмот и во натамошните социјалистички процеси, в. Етатизмот и самоуправувањето, Избор II 250 и н.

[109] Големата историска пресвртница, Избор I 436. Мито Хаџи Василев дава мошне важно укажување од областа на социјалната психологија, дека бирократизмот раѓа губење на верба во масите - со потценување на социјалистичките сили (што води до соодветни консеквенции врз општествените движења). В. Значај политичког рада у развитку нашег задружног покрета, "Комунист", Београд 1957, кн. 7, стр. 286

класа, во чие име, божем - го лишува работниот човек од улогат на општествениот субјект.[110] Но, оттука се согледува постојана та опасност од бирократизам секогаш кога реалниот општествен интерес се претвора во апстрактен и се предава на реалните сили на општеството на нивно решавање.[111]

---

[110] В. Општествено-класните основи на социјалистичкото здружување и распределба според трудот, op.cit., стр. 376. Самоуправувањето е, додава Мито Хаџи Василев, пат за решавање на противречноста помеѓу бирократизмот и класата (општеството) но здружувањето на работните луѓе, кое својата опора ја поставува во единството и разрешувањето на противречностите на индивидуалниот, потесно-колективниот и општиот интерес, не навлегу ва, вели тој, според природата на работите, во спротивна крајност - претворајќи го работниот човек, со игнорирањето на прин ципите на класата, во апстракција, т.е. во фактор кој се изразува исклучиво само собеси, кој ги прави законите и практиката од тоа како што самиот го сфаќа и настојува да го реализира својот непосреден интерес. "Затоа самоуправувањето, пишува Мит Хаџи Василев, ги решава основните општествени противречности на сите нивоа на општествената организација на трудот на кои с формираат субјектите на општествените движења - почнувајќи од работниот човек, преку работната заедница, комуната и нацијата до заедницата во целост. Реализирањето на сите нив, истовремено, како рамноправни носители на сите видови интереси, чие раз решување е самоуправната практика на општеството во целост, гс овозможува општото социјалистичко движење како функција на меѓусебните односи на овие фактори кои се спротивставуваат едни на други, но и се обединуваат околу единството на тие интереси Тука се присутни како субјекти (со подеднакви позиции и влијание) и 'принципот на класата' и 'принципот на работниот човек'...", заклучува Мито Хаџи Василев.

[111] Мито Хаџи Василев, иако во многу свои трудови решително се пресметува со бирократизмот, најжестока критика на оваа, како ја нарекува, "контрареволуционерна појава", на ова "предавство на револуцијата и социјализмот" дава во својот реферат по повод 34-годишнината на Октомвриската револуција (об-

16. Во овој контекст, политичките форми на дејствување во социјализмот, истакнува Мито Хаџи Василев, и како форми

---

јавен во фрагменти во "Нова Македонија", 8.XI 1951, бр. 2152). Бирократизмот го нарачува "сила... која го попречува натамошниот развиток на социјализмот", која "го попречува победоносниот настап на социјализмот", "последна сила што се испречува против историскиот развиток". Овој став тој го задржа доследно: на Шестата седница на ЦК СКМ од 26-27 септември 1966 година, Мито Хаџи Василев истакна дека Брионскиот пленум покажа оти бирократизмот не е само жилав, туку дека е способен да го запира нашиот општествен развиток. Бирократизмот, истакна тој, им се спротивставува на градењето и остварувањето на политиката на развитокот што ја градат прогресивните сили на општеството. В. Бирократизмот е способен да го запира општествениот развиток (резиме од дискусијата на VI пленум на ЦК СКМ), "Билтен на ОНО на СРМ", Скопје, 1966, бр. 6, стр. 32.

Дека основата на судирот со бирократизмот е од историско значење покажува следниот подолг фрагмент од Мито Хаџи Василев: "...Во социјализмот, дури и тогаш кога производителите во основа го надминале наемниот однос, вредноста само покрај бирократизмот (кој се стреми да ги задржи своите општествени привилегии) ги манифестира рецидивите на суштината на капиталот - т.е. тенденцијата и појавите општествениот труд во вид на самодвижење на материјалното богатство да му се наметнува како економска и општествено-политичка моќ над производителот чии потреби и интереси и социјалистичките односи му се подредуваат на тоа движење кое станува цел само на себеси... Тоа нешто го имаше во административната фаза врз основа на државната сопственост и тоа нешто го има и во условите на развиени социјалистички односи што се изградуваат од самоуправувањето на производителите со општонародниот имот. Таквите манифестации зборуваат дека социјалистичките односи се работа на еден мошне сложен развоен процес. Но, токму тој процес, што се огледува како развиток на социјалистичката распределба според трудот и кому вредноста суштествено му посредува, со настанувањето на општонародната сопственост и на самоуправувањето на производителите - претставува основа врз која на вредноста суштински ѝ се избива можноста да функционира како капитал, бидејќи во принцип се работи за по-

на сплотување на луѓето и како метод на нивно дејствување - никнуваат од самите општествени односи. Доследно на своите теоретски погледи, Мито Хаџи Василев укажува дека движењето на општествените односи, кое значи остварување на нов степен на

ви општествени односи, за ослободен труд... Тогаш, во што е работата? Очигледно во судрувањето на општествените односи, при што не мала улога игра субјективниот фактор, како впрочем и во сето она што се случува во социјализмот. Бирократизмот е последната издишка на епохата на приватната сопственост бидејќи во својата суштина содржи однос спрема средствата за производство како спрема извор за општествени привилегии и политичка моќ над луѓето (подвл. К.Т.). Не е случајно што административниот централизам, републичкиот партикуларизам, локализмот во потесните територијални заедници, узурпацијата на правата на самоуправување и во располагањето со општествените средства во стопанските организации - се органски поврзани со бирократските тенденции и со разни видови на здобивање привилегии и лични и за своите потесни заедници за сметка на општествените средства. Хипертрофијата на потесните и личните интереси на штета на поширокйте и општоопштествените е растројство во социјалистичките односи, преовладување на туѓите и бирократските односи кои зеле замав во определени општи (економска заостанатост) или посебни услови (неразвиеност на некоја комуна, недораснатост на органите на самоуправувањето во неа или во определените стопански организации, итн.)... Насекаде каде што бирократизмот ќе успее да го оневозможи нормалниот тек на донесување решенија низ механизмот на самоуправувањето, кога работните луѓе не се изразуваат низ своите права на управување и кога на штета на заедницата поддвижува партикуларизмот или локализмот или за сметка на производителите - централистичкото администрирање, општествените средства почнуваат да 'присвојуваат' и некои атрибути на капиталот (подвл. К.Т.), бидејќи стануваат позиција на определени сили и тенденции што им се противставени на социјалистичките економски и општествени односи... (подвл. К.Т.)". Социјалистичката етика и дињарот, "Нова Македонија", 1-2.V 1962, бр. 5578.

општествените односи, со себе повлекува и развиток на политичките форми на дејствување во масите и на масите.[112] Всушност, Мито Хаџи Василев укажува дека развитокот на самоуправувањето

---

[112] Притоа Мито Хаџи Василев укажува дека масите се дотолку посилен инструмент на основниот општествен развиток доколку воопшто расте значењето и улогата на свеста во движењето на општеството. Улогата на свеста во општествените процеси, меѓутоа, истакнува Мито Хаџи Василев, "не ги негира во никој случај основните поставки на историскиот материјализам, туку само го истакнува фактот на полниот квалитет на општествената свест. Таа во социјализмот станува еден од првостепените фактори на општественото движење, зашто се засновува врз познавањето на законите на развитокот на општеството, зашто навистина му овозможува на човекот да изврши скок од царството на нужноста во царството на слободата. Свеста не измислува и не создава од себе објективни закони на движењето на социјализмот; таа нив ги познава, и тоа во смисла политичките 'акти' на заедницата, кои расчистуваат пат за натамошниот развиток на односите меѓу луѓето, само во извесна смисла 'ја прејудицираат' стихијата, односно ги забрзуваат реалните процеси. Тоа, се разбира, додава Мито Хаџи Василев, е нешто сосем друго отколку 'теоријата' дека производствените односи во претпријатијата во државна сопственост мораат да бидат од социјалистички карактер кога таа држава - е социјалистичка, создадена од партијата и во револуцијата. (Овде работите се превртуваат на глава, зашто политиката не се третира како надградба, туку карактерот на економиката 'се извлекува' од карактерот на политиката!) Поради пробивот на свеста пред вистинските дострели на објективниот развиток, поради неопходноста работничката класа што побргу да пристапува кон школата на управувањето - понекаде и делумно врз уште неразвиена материјална база - се дадени можности революционерната свест подлабоко да ги изразува интересите на класата во целост и на социјализмот, и врз таа основа токму во условите на самоуправување (на ова општествено ниво) од револуционерните позиции да им се спротивставува на тенденциите кои стихиски никнуваат во рамките на движењето на новите односи и врз осно-

го измени објективно карактерот на органите на власта во смисле на нивна натамошна демократизација, со тоа што тие од административни единици прераснуваат во општествено-економски заедници. Новите органи на власта никнуваат од самоуправувањето и претставуваат израз на непосредното зацврстување на улогата на производителите и на пресудното влијание на работничката класа врз целокупната политика на општеството. Всушност, вели Мито Хаџи Василев, политичките форми на дејствување се приспособуваат кон развитокот на социјалистичките односи и со тоа го дополнуваат слободното движење на сите односи во општеството во насока на социјализам.[113]

17. Затоа Мито Хаџи Василев укажува дека кога со политика ги изградуваме општествено-економските односи, стопанскиот систем, самоуправувањето - не смее да се губи од предвид дека, "со тоа, наедно градиме и политички систем, политички односи. Секоја промена во економските односи ја придружува промена во политичкиот систем, во политичките односи, во констелацијата на политичките сили во целината и во сите клетки на општеството." Оттука тој ќе истакне дека "да се даде на-располагање производот на трудот на самоуправната активност на човекот, да се деетатизира и децентрализира стопанството - но знаво на разни привремени индивидуални интереси на колективите и на единките." За противречностите на социјализмот, Избор I 43-44.

[113] За ова в. ibid., Избор I 42-46. Ваквото менување на суштината на политичките организации врз основата на развитокот на социјалистичката демократија, низ која "масите ќе израснуваат сѐ повеќе и сѐ постварно во политички субјект", Мито Хаџи Василев го покажа мошне инструктивно во статијата "Два инструмента на борбата за социјализам", "Нова Македонија", 1-3.I 1953 бр. 2516.

чи да се ослабат политичките и идејните конфликти, да се испуштат од предвид овие движења, прегрупирањето на силите и слично".[114] Всушност, низ една дијалектичка опција, Мито Хаџи Васо силев само укажува дека самоуправувањето - во работната заедница, комуната - се развиваат судири на интересите внатре и надвор од нив, и врз тие судири - нови судири на економско-материјалните, идејните и политичките тенденции. Затоа истакнува дека покрај паралелограмот на интересите, тенденциите и силите на економски план, кој дејствува објективно автоматизирано, системски изграден, остварен низ целиот механизам на здружениот труд (во секоја асоцијација и меѓуасоцијација) нужно постојат и "активни општествено-политички и идејни сили и фактори кои водат свесна битка на сите нивоа посебно и долж целата општествена структура".[115] Затоа тој вели дека "треба еднаш да се реши проблемот што претставуваат претставничките тела во нашиот самоуправен систем: можат ли да станат органски дел на самоуправната структура и на самоуправувањето на општеството или стануваат непоправливо бусија на етатизмот и бирократизмот?" Мито Хаџи Василев укажува дека пречи тоа што се државна структура, носител на власта, политичка сфера и посредувана демократија[116],

[114] Федерација, собраниски систем /постхумно објавени белешки/, "Погледи", 1968, бр. 6, стр. 82.

[115] Ibid. "Зошто, вели Мито Хаџи Василев, можеби во работната заедница ќе ги решат противречните интереси меѓу категориите на работната сила - во внатрешната распределба, но позицијата на работната заедница во општествената поделба на трудот, во здружениот општествен труд - комуната, републиката, федерацијата - исто така треба да се решава не само со пазаришниот механизам и со закони, туку и со пречки во системот против опасностите од приватизација." Ibid., стр. 82-83.

[116] "...па се смета, додава Мито Хаџи Василев, дека една

но дека работата е во овластувањата и во функцијата: "Секое не посредно здружување во демократскиот организам носи елемент на посредување и можност за бирократизација. Никаде не кажавме, вели Мито Хаџи Василев, дека непосредната демократија го укинува посредувањето до крај."[117]

18, Во овој контекст, Мито Хаџи Василев го разгледува проблемот на односите во федерацијата, која (федеративното уредување), вели тој во еден од своите први трудови, "... е пробен камен за демократијата и демократизмот..."[118]. Овој проблем во еден од своите последни трудови, тој ќе го разгледува мошне консеквентно на своите погледи за политичките односи во социјализмот. Имено, Митоа Хџи Василев укажува дека се јавуваат идеи оти Сојузното собрание треба да остане на еден општ федеративен политички собор - кој би се конституирал од делегации на републиките и покраините, и дека тоа најмногу би соодветствувало на духот на уставното начело дека социјалистичките републики и нивните претставнички органи се израз на сувереноста и самоуправноста на работните луѓе и народите на Југославија.

---

културно-просветна заедница во републиката, како директно здружување, демократија на инситуициите, е посилен израз на непосредната демократија отколку културно-просветниот собор на републичкото собрание..." Ibid., стр. 83.

117 Ibid. (подвл. К.Т.).

118 "Тројанскиот коњ" во нашата земја, "Нова Македонија" 7.X 1945, бр. 234 (подвл. К.Т.). Во овој контекст, Мито Хаџи Василев укажува дека федерацијата во Југославија во уште поиспакнат вид го има ова значење, зашто е поврзана со "рамноправноста, братството и единството на нашите народи".

119 Федерација, собраниски систем /постхумно објавени белешки/, op. cit., стр. 80-83.

Притоа Мито Хаџи Василев вели: "Изгледа дека принципот на осамостојување на националните економии и на републичкото самоуправување (подвл. К.Т.) - турка кон една ваква идеја како кон логично и доследно решение". За да го разгледа овој проблем, тој се прашува: "Што е нација (со своето државно отелотворување во Републиката) - и нејзиното место во процесот на развитокот во социјалистичкото општество, и што е југословенската социјалистичка заедница: дали само историско движење на народите на Југославија, еден, под влијание на околностите, создаден сојуз кој обезбедува заштита на независноста, економско потпирање на народите, или е настанување и на еден нов феномен - на социјалистичкото општество, на една нова општествена форма на интеграција на трудот, на движењето на општествената поделба на трудот врз основа на современите производни сили, но врз социјалистички основи, едно историско движење на класата,која национално е оформена, но насочена и кон освојување на социјалистичкото општество како свое разрешување?" Мито Хаџи Василев укажува дека со развитокот на идејата и практиката на самоуправувањето и на самоуправните односи - ги отворивме сите постојни противречности, барајќи нивно слободно, но социјалистичко разрешување. "Со тоа, вели тој, ни се отвори здружениот труд како еден општествен организам кој тргнува од работниот човек како единка и од сите неизбежни форми на неговата асоцијација, во кои мора да се разрешува развитокот на производните сили и противречностите на општеството". Притоа, истакнува Мито Хаџи Василев, надминувањето на етатизмот "донесе и многу бркотии": потреба да се валоризираат сите фактори и носители на ова движење и игнорираните и потиснатите со државниот монопол и централизам - работниот човек, претпријатието, комуната,

републиката, а од тоа и самиот карактер на заедницата како меѓунационален организам и здружување на работните луѓе – "нè доведе до тоа, вели тој, социјалистичкото општество да го сведеме ту на односи и превосходно значење на работната заедница, ту на комуна како 'најдена форма на ослободувањето на трудот', сега на нација (и република)". За него, меѓутоа, очигледно е дека социјалистичкото општество претставува сето тоа заедно, дека почнува од положбата на работниот човек во општествениот труд и распределбата – значи: од работната заедница, па до југословенската заедница. Затоа Мито Хаџи Василев ќе заклучи дека на Федерацијата треба да ѝ се одземе "сè што е етатистичка команда со општествениот труд", но дека, доколку Федерацијата се турка кон сојуз на социјалистички општества кои постојат пред сè во рамките на нациите како носители на сувереноста и самоуправноста – тогаш: "а) социјализмот како историско движење не е во состојба да ги надраснува националните граници и да го води општеството кон иднината; б) така сфатената нација станува параван и потпор за развиток на републичката државност и етатизам". Затоа, за него, нацијата може да биде, од становиштето на работничката класа и на нејзиното историско движење – здружениот труд, "третирана само во односите кои не го исклучуваат и не го попречуваат развитокот на пошироката заедница (не како сојуз на нации, туку) како социјалистичко општество. Во спротивно, вели Мито Хаџи Василев, нацијата не може да биде форма на развитокот на работничката класа, на нејзиното историско движење. Оттаму – разорувањето на основите за таква заедница, т.е. отсуството на нејзиното изградување го јакне национализмот, дезинтеграцијата, меѓунационалните противречности – не ја слаби општата позиција на етатизмот, туку од центарот

неа ја пренесува во републиките, со што му ја отвора вратата на јакнењето и на 'сојузниот' етатизам (подвл. К.Т.)", заклучува во оваа анализа Мито Хаџи Василев.

19. Низ сето ова Мито Хаџи Василев покажува дека е заблуда верувањето дека самоуправниот политички однос како деетатизација значи – деполитизација, т.е. "форма на ослободување на општествените односи и движење од секое политичко посредување и изразување", т.е. "процес на веќе настанатото распаѓање (одумирање) на улогата и значењето на 'политичката сфера' воопшто".[119] Тој се спротивставува на овој став, покажувајќи дека тој оперира со старото значење на политичката дејност, не согледувајќи што е тоа ново што се случува со самоуправувањето во оваа сфера на човечката активност. Имено, укажува Мито Хаџи Василев, социјалистичката епоха е општество во кое државата – и воопшто "политичката сфера" – настапуваат како нов историски феномен, менувајќи го својот карактер и улога, бидејќи го изразуваат битието и општествените односи на една класа од сосем поинаков тип од нејзините претходници во досегашната историја. Новата епоха ја симнува од историската сцена старата држава и политичките односи чија основа е во експлоататорската и угнетувачка класа. "'Политичкото општество', вели Мито Хаџи Василев, губи со социјализмот карактер на илузорна заедница, а политиката исклучиво обележје на изразување на класниот антагонизам и владеење со луѓето. 'Умирањето' на оваа суштина на политиката, на таквата политика е органска компонента на развитокот на социјалистичкото самоуправување, на деетатизацијата."[120] Уривањето на етатизмот ја претвора политиката во нешто друго

[119] Деетатизација и "деполитизација", Избор II 219.

[120] Ibid. (подвл. К.Т.).

од она што беше таа до социјализмот, но некоректно е, вели Мито Хаџи Василев, тој процес да се нарече "деполитизација" доколку сме свесни за целината и вистинската суштина на движењето на социјалистичката практика и на "политичката сфера" во неа. Зашто, иако со распаѓањето на административните односи настануваат квалитативни промени во политичките односи и форми, тоа, според Мито Хаџи Василев, не значи и разорување на овие односи и форми на движење на општеството. "Напротив, вели тој, евидентно е нешто друго: на површината избива досега потиснуваната (од класниот антагонизам) историска општествена суштина на политиката што го изразува конституирањето на општите материјални и општествени претпоставки на егзистенцијата на човекот и заедницата - во т.н. 'општ интерес'. Таа суштина, при сите досегашни експлоататорски владејачки класи, неизбежно добиваше вид на конституирање само на илузорна заедница (подвл. К.Т.). Значи, продолжува Мито Хаџи Василев, во историска смисла социјализмот не ја доведува во прашање политиката, туку го развива другиот пол на нејзината сопствена противречност, претворајќи ја од форма на движење на илузорна заедница во фактор на развивање на вистинска заедница на луѓето, ослободени од класната експлоатација и господство. Од 'сферата на отуѓувањето' на општествената моќ на човекот во рацете на владејачките експлоататорски малцинства, политиката станува процес со кој работничката класа ги проникнува сите движења и сите односи освојувајќи ги токму по тој пат дотогаш отуѓените и од стихијата разединети и дезорганизирани општествени моќи на човечкиот труд".[121] За Мито Хаџи Василев, токму заради евидентната силна улога на

121 Ibid., Избор II 219-220.

ова политичко посредување или на политичката самодејност на класата и работниот човек во изградбата на новите односи – не дава основа процесите во самоуправната политичка практика да се дефинираат како "деполитизација", како непосредна негација на "политичката сфера". Во оваа сфера, вели тој, се разоруваат односите и атрибутите на минатото, со кое е во конфликт битието на новата класа, но таа работа не е ништо друго освен организирање на н о в и  п о л и т и ч к и  о д н о с и, на н о в а  д е м о к р а т и ј а – со квалитативно поинаква суштина. Притоа тој покажува дека со овие процеси, истовремено се надраснуват политичките односи во општеството, вистински "одумира" политиката, но дека ова, според својата суштина, во дијалектиката на социјалните односи,"спаѓа во фазата на слабеењето на основните противречности на социјализмот, во процесите на постепеното но непосредно прераснување на социјализмот во комунистички односи. Тоа се услови, вели Мито Хаџи Василев, во кои единката – врз основа на општата материјална благосостојба, високо развиените производни сили и продуктивност – постигнува толку изедначени услови на работа и живот, и постигнува општествена свест адекватна на сето тоа, што почнува да дејствува во вистинска смисла како самостоен свесно активен општествен субјект. Во оваа фаза единката сама толерантно ќе ги надминува односите на распределбата според трудот, прифаќајќи постепено во практиката една нова еднаквост на луѓето, фаза – во која тој почнува да врши производство и работи од развитокот на општествениот труд и на заедницата повеќе од 'општествениот нагон' на својата личност, а помалку притиснат од економската принуда, од општествено-економските мерки и од организмите на својата општественост што стојат vis-à-vis него во улогата на

колектив што ги коригира неговите постапки."[122] Во овој контекст, општествената акција на луѓето постепено ќе го губи карактерот на политичка самодејност во онаа мера во која високо развиениот труд, богатството на заедницата и единствената структура на општеството ќе почнат да ја ослабуваат (до практична безначајност) економската противречност меѓу индивидуалното и општественото присвојување, економската принуда на создавање на вишок на труд. Оценувајќи дека политиката е придружник на економските односи[123], Мито Хаџи Василев ќе заклучи дека, кога станува збор за критиката на "деполитизацијата", се работи за конфликт со идеите и практичните акции што се стремат да ѝ ја наметнат на практиката суштината, односите и движењето што не им се адекватни на проблемите, противречностите, потребите и целите на развитокот на социјализмот. Зашто, според Мито Хаџи Василев, "историската работа на социјализмот, што се однесува до 'политичката сфера', е ослободување на општеството од етатизмот и бирократизмот и надраснување на отуѓувањето на моќта на трудот со посредство на политиката - во моќ над трудот и класата, додека деполитизацијата е само предворје на комунизмот, фаза на непосредниот премин кон нови односи или процес на надминување на социјалистичките односи".[124] Затоа идеите на "деполитизацијата", вели Мито Хаџи Василев, се

---

[122] Ibid., Избор II 220-221

[123] "Политиката е историски придружник на 'економијата', поточно: на претворањето на генеричката човекова дејност - на трудот и неговата општествена организација - во економска дејност; таа е продукт на трудот кој создава вредност и на неговите противречности..." Ibid., Избор II 221 (подвл. К.Т.).

[124] Ibid.

израз на неразбирањето на општественото битие на работничката класа и игнорирањето на нејзината вистинска општествено-економска и политичка улога како субјект на сите движења на социјализмот. Затоа, истакнува тој, овие идејни струења ги напаѓаат, по правило, јазолните точки или оној пол на противречностите во организацијата на општеството и во нејзиното движење преку кои се изразува и функционира класата. А таа со социјалистичките текови допрва се политизира, станува ангажиран субјект на сите движења на социјалистичката заедница. И, впрочем, токму диктатурата на пролетаријатот, како нејзина политичка активност, не е само форма на социјалистичкиот политички однос, туку негова суштина, единствен начин по кој се одвива социјалистичката демократија. Оттука, изградбата на производителот во самоуправувач, во управувач со општествените работи, е, всушност, натамошен процес на револуционерното освестување на пролетаријатот негова самоизградба низ самодвижење во нов човек на новата човечка заедница на нови општествени односи.[125]

20. Овие демократски процеси како полна, слободна

---

[125] Веќе дадовме доволно примери на мислата на Мито Хаџи Василев за социјализмот како општество за поинакви општествени односи отколку познатите во историјата и сè поразвиени во однос на претходната и постојната социјалистичка практика. Само укажуваме на една негова статија -"Узалудно бекство од проблема друштвених односа". Поводом Шестог конгреса БКП, "Наша стварност", Београд, 1954, бр. 7-8, стр. 142-149 - во која укажува дека растројствата во системот на државната сопственост можат да се разрешат само со развитокот на нови општествени односи; со тоа тој не само ја негира "политизацијата" на овој систем, туку покажува дека е тоа илузорна "политизација" - наспроти стварната политизација на секоја единка низ нејзината одговорност за својот сопствен живот и за развитокот на социјализмот.

и свесна акција на работните луѓе и граѓани во социјализмот, како активно учество на граѓаните во водењето на сите општествени работи, го раѓаат "животниот интерес на работничката класа да ја подигне општествената индивидуа до нивото на свесна, слободна и културна личност, да го совлада во неа менталитетот на старото, да го разбие чувството на мала вредност и стеснување пред управувањето со државата, да развие длабок интерес за сите општествени прашања, нејзината акција да ја ослободи од секој страв пред какви и да е тешкотии, пречки и тенденции, што му се противставуваат на револуционерното движење", пишува Мито Хаџи Василев.[126] Но оваа историска трансформација на личноста можеше да се роди само од она што тој ќе го нарече "суштинска работа", од "постојаната ориентација сите прашања на нашиот развиток да ги третираме и да ги решаваме како прашања на општествената, економската и политичката акција на работните луѓе".[127] Револуцијата ги разврзува "грамадните народни енергии".[128] Но, проблемот на нивното револуционерно влијание е проблем на нивниот постојан ангажман, кој нема да се обезбеди со "лева фраза", туку со нивна стварна секојдневна борба за изградба на нов живот, која нив ги поттикнува на акција само доколку се свртат кон самите себеси.[129] Народниот ентузијазам, пишува Мито Хаџи Василев во март 1945 година, поникнува "од

[126] Разговор за слободата и "стравот", Избор III 372 (подвл. К.Т.).

[127] Политичкиот систем и реформата, op. cit., стр. 119 (подвл. К.Т.).

[128] В. Нашиот Тито, "Нова Македонија", 25.V 1945, бр. 120.

[129] В. Политичкиот систем и реформата, op. cit., стр.120

свеста на нашите маси дека на ним самите им претстои со своја суверена волја да ги решаваат основните прашања на својот живот и иднина согласно на своите интереси и во своја полза".[130] Маркс ја научи работничката класа "на историјата да не гледа како на торба на бесмислици и случајности", на класната борба да гледа како на законитост на човечкиот развиток и во неа да ја види нужноста на својот успех, но и да знае дека во "успехот на своето дело" главна ролја ќе ја одиграат свесните маси.[131] Историјата на социјализмот покажа дека во социјализмот нема поважен или помалку важен субјект на општествените односи, како што нема ни попримарни или поневажни социјалистички односи; системот дејствува на целиот фронт, зафаќајќи ги сите единки и сите човечки односи и во широчина и во длабочина. Но, исто така, се покажа дека тоа се остварува како стварна практика на социјалистички развиток само ако во тоа се вклучат сопствените творечки енергии во остварувањето на подобри материјални основи и повисоки форми на општествениот живот и човечки односи. "Самоуправувањето непосредно го поврза развитокот на производните сили со слободната активност на самите производители."[132] Со тоа, заинтересирана за активно решавање на сите основни претпоставки на развитокот, заедницата, препуштајќи го целиот стопански и општествен развиток на социјалистичките општествени фактори - на секој производител и на секоја ас

---

[130] Што покажуат изборните резултати, "Нова Македонија" 15.III 1945, бр. 61 (подвл. К.Т.).

[131] В. 127 години од раѓањето на Карл Маркс, "Нова Македонија", 5-7.V 1945, бр. 104.

[132] Социјалистичката распределба и проблемот на неразвиените, op. cit.

цијација на производителите - создаде од нив носители на развитокот на општествените производни сили и на општествените односи, а со тоа суштински ја раздвижи натамошната револуционерна акција на работничката класа на изградбата на социјалистичкото општество. Обемот на одговорноста и на врските, начинот на функционирањето на новите односи - радикално влијае врз личноста, врз нејзиното богатство. Таа го гради својот нов живот, ќе каже Мито Хаџи Василев, само создавајќи богатство од форми и учејќи се на сопственото искуство. Со тоа се покажува дека социјалистичката револуција суштествено бара - во сите фази од своето движење - ангажирање на своите сопствени сили.[133] Зашто социјализмот, самоуправувањето не е механизам на социјалните односи, туку тие односи самите.

21. Изградбата на социјализмот in continuo "бара од пролетерите... иницијатива, революционерна решителност, активна борба, а не исчекување".[134]

22. Сето ова ја покажува и историската развојност на борбата на работничката класа и нејзината авангарда, нивната сѐ посложена улога во условите на развитокот на социјалистичките односи во целината на социјалистичкиот свет.

---

[133] Во повеќе свои трудови, а особено во студијата "Борбата на КПЈ за изградбата на социјализмот со сопствени сили", "Социјалистичка зора", 1949, бр. 2, стр. 37 и н., Мито Хаџи Василев укажува дека суштествена димензија на социјалистичката револуција и развиток е - ангажирањето на с о п с т в е н и т е сили.

[134] Борбата на КПЈ за изградбата на социјализмот со сопствени сили, op. cit., стр. 51 (подвл. К.Т.).

## Авангардата на работничката класа во условите на социјалистичкото самоуправување

Две константи го определуваат значењето, улогата, функцијата и начинот на организирањето на партијата на комунистите: системот на општествените односи и објективната положба на работничката класа во него.

Таа ја остварува својата улога, ќе каже Мито Хаџи Василев, како "предводнички борбен одред на работничката класа"[135], односно како "инструмент на стремежите и интересите на работничката класа"[136]. Од оваа перспектива, таа се оправдува себе и се развива како најнапредна свест и како револуционерен организам само во онаа мера во која класата низ практиката, низ општествените односи ја остварува најдлабоката суштина на своето општествено битие.[137]

Според својата идеологија и политичкото (демократското) устројство, партијата, вели Мито Хаџи Василев, претставува слотување и организирање на најсвесните сили на работничката класа и општеството, вооружувајќи ги нив со марксизмот како раководство за акција и организирајќи ги во активност на линијата на прогресот на општеството. "Внатрешната дисциплина на ова сплотување ја има за цел - ефикасноста на општествената акција, а за основа - благородните човечки стремежи, не само во

[135] Вториот конгрес на Комунистичката партија на Србија, "Социјалистичка зора", 1949, бр. 1, стр. 92 (подвл. К.Т.).

[136] Личноста во социјализмот, Избор II 201 (подвл. К.Т.)

[137] В. ibid.

форма на обично хуманистичко чувство, ами во смисла на творечка акција врз основа на познавањето на законите на општествениот развиток. Како носител на социјалистичката свест, партијата, значи, истакнува Мито Хаџи Василев, во себе го има за основа, а надвор од своите редови за цел - развитокот на субјектот како организирана општествена единка, човекот како општествено свесно суштество кое својата акција за остварување на своите човечки стремежи ја поставува колку што е можно пореално и поконструктивно, т.е. во согласност со општата перспектива што ја откриваат објективните закони и во согласност со можностите на дадената фаза на развитокот."[138] Тоа е смислата на обединувањето и дисциплината околу нејзината политичка линија[139].

Улогата на партијата - т.е. на организираната најнапредна свест што дејствува со задача да ги изградува милионските маси во свесен субјективен фактор на општествениот живот и развиток - пред неа, вели Мито Хаџи Василев, поставува два постулата: "самата да се вооружува со творечко усвојување и примена на марксизмот, однесувајќи се према практиката како спрема основен критериум, и својата идеолошка борба да не им ја наметнува на масите одозгора како своја просветителска мисија, ами самата практика и акција на луѓето да ги подига преку трпелива работа на комунистите - на нивото на свесен однос, т.е. на барање правилен социјалистички пат во решавањето на

138 Ibid., Избор II 202.

139 Политичката линија на партијата, укажува Мито Хаџи Василев, "луѓето ја прифаќаат како своја програма дотолку повеќе доколку... се изградува и од самите нив, т.е. доколку е израз на пропивање на теоријата и нивната творечка практика". Ibid., Избор II 202-203.

општествените проблеми, пат на кој практичното искуство на луѓето прераснува во начин на мислење, доживување и морално однесување спрема своите интереси и спрема обврските пред заедницата".[140]

Бидејќи политичките односи во општеството се резултат на дејствувањето на луѓето, а не плод на желбите и сфаќањата на одделните единки, политичката линија на авангардата на работничката класа ги изразува главните насоки на акцијата на субјективните сили што се потпираат врз објективните закони на општествениот развиток. Политичката линија на партијата, истакнува Мито Хаџи Василев, се формира како израз на општите сфаќања, при што е "сосем природен и можен судирот на личноста, личните сфаќања, интереси и побуди со општата 'норма' на настанувањето на општествените сили", која ја изразува политичката линија на партијата. Овој факт партијата го изразува со својот принцип на демократски централизам. "Слободното изразување на сфаќањата овозможува создавање на општ став и став на мнозинството, што ја определува насоката на дејствувањето. Придружувањето на малцинството кон заклучоците на мнозинството врз основа на дисциплина, како организациони принцип е нужна претпоставка, вели Мито Хаџи Василев, без која не е можно самото обе-

---

[140] Ibid., Избор II 203 (подвл. К.Т.). Ваквото сфаќање на улогата на комунистите, вели Мито Хаџи Василев, не само што не ги униформира ставовите на луѓето, ами го има за претпоставка слободниот развиток на општествените науки, творечкото движење на идеологијата, вистинското збогатување на марксизмот и сестраната борба на мислењата, и притоа укажува дека токму заради тоа југословенските комунисти сметаат дека работничката класа е длабоко заинтересирана научната мисла "да се предава посмело и понепристрасно во барањето на вистината" (Програма на СКЈ)

динување на субјективните сили, нивното организирано дејствување во масовни размери во насока што е од општ интерес."[141]

Врз овие општи поставки за битието на авангардата на работничката класа како политичка организација на пролетаријатот и врз генералните сознанија за општественото битие на социјализмот - Мито Хаџи Василев ја гради својата теорија на партијата во условите на развиени социјалистички односи, т.е. во периодот на самоуправувањето.[142]

---

[141] Ibid., Избор II 204. Притоа Мито Хаџи Василев укажува дека демократскиот централизам е, всушност, само "остварување на демократскиот принцип што општеството го усвојува и ка ко морална категорија".

[142] Својата теоријата на партијата Мито Хаџи Василев ја гради теоретски мошне консеквентно. Тој напиша низа трудови о овaa област, од кои најзначајните се објавени во книгите "Свртени кон човекот" (1959) и "Непосредната демократија и Сојузо на комунистите" (1964). Овие трудови за партијата, заедно со уште извесен број други, објавени се во III том од постхумно издадениот Избор од творештвото, под наслов "СКЈ во борбата з самоуправување" /в. Библиографија и Генетичка библиографија н трудовите на Мито Хаџи Василев - Јасмин, во прилозите кон дисертацијава/.

Покрај разгледувањето на проблемите на партијата во своите оп шти трудови за социјализмот (како што се, на пример, "За противречностите на социјализмот", "Личноста во социјализмот", "Големата историска пресвртница"), посебните трудови на Мито Хаџи Василев за партијата главно се насочени кон обработување на три аспекти:

а) политичко-идејното битие на партијата (овие проблеми се об работуваат, на пример, во трудовите "Непосредната демократ ја и Сојузот на комунистите", "Новата улога на СК е плод од развитокот на самоуправувањето", "Промените во идејното битие на Сојузот на комунистите" и многу други);

Притоа е на дело неговата теорија (која е темелно всидрена во основните историскоматеријалистички поставки) за никнувањето на <u>политичките форми</u> на сплотување на луѓето и на <u>методот на нивното дејствување</u> - од самите општествени односи. Секој чекор во движењето на општествените односи што значи остварување и на нов степен на општествените односи - вели Мито Хаџи Василев - со себе повлекува и развиток на политичките форми на дејствување во масите.[143] Всушност, Мито Хаџи Василев стои на становиштето дека организационите форми на политичкото сплотување на масите и карактерот, улогата и методите на нивното дејствување израснуваат од општествените односи на соодветното општество. "На оваа законитост ѝ подлегнува и револуционерната марксистичка организација", истакнува Мито Хаџи Василев, укажувајќи дека оваа, всушност, <u>да покажува нејзината револуционерна суштина и цели</u>.[144] Притоа партијата свесна за историското значење на својата револуционерна улога ги остварува

---

б) <u>историјата на КПЈ/СКЈ</u> (главен труд на Мито Хаџи Василев од оваа област е текстот "Комунистичката партија на Југославија во борбата за изградба на социјалистички општествени односи (1949-1958)", кој претставува VIII глава од "Прегледот на историјата на СКЈ" (1963), иако од одделни искажувања во низа други трудови може да се конституира една негова целосна визија за политичката линија и клучните моменти од историјата на југословенската партија);

в) <u>системот на идеолошка работа во Сојузот на комунистите на Југославија</u> (помеѓу многуте негови трудови од оваа област, најзначајни се "Идејните проблеми и идеолошката работа", "Комунистите и отворената политичка борба во општеството" и други).

[143] В. За противречностите на социјализмот, Избор I 42-43

[144] В. Комунистите во системот на непосредната демократија, Избор III 163-164 и 165.

оние задачи за кои најдлабоко е заинтересирана работничката класа и целиот народ на една земја.[145]

Така Мито Хаџи Василев покажува дека во условите на капитализмот карактерот на партијата во смисла на политички репрезентант на класата произлегуваше од буржоаските општествени односи, во кои работничката класа со својата револуционерна организација беше историски принудена да води борба за власт.[146]

Кулминацијата на развитокот на оваа ("партиска", вели Мито Хаџи Василев) страна на авангардата на работничката класа е достигната по револуцијата - со нејзиното прераснување во владејачка партија. Оваа фаза на развитокот се карактеризира со нејзиниот политички и идеен монопол, со сраснување на партискиот и државниот апарат, со сведување на масите на улога на "трансмисија", а на членството на организацијата предимно на улога на толкувач на партиската политика. Ваквата концентрација на власта во рацете на партијата - како вршење на власта "во името на класата" - објективно раѓа, истакнува Мито Хаџи Василев, "појавување на тенденции диктатурата на класата да се замени со диктатура на партијата. Ова не е само израз на деформирањето на субјективните сили во револуционерната акција да го преземат врз себе целокупното политичко насочување. Пред сè, самата улога на "владејачка партија" во општеството кое за-

---

145 Оваа димензија на партијата на работничката класа како партија на целиот свој народ - доколку ги исполнува доследно своите револуционерни задачи, Мито Хаџи Василев мошне впечатливо ја покажува веќе во една од првите свои статии - "6 април", "Нова Македонија", 6.IV 1945, бр. 80.

146 В. Комунистите во системот на непосредната демократија, Избор III 164.

почнало пат на изградбата на социјализмот - ѝ се наметнува на комунистичката организација од односите на производството врз основа на државна сопственост над средствата за производство, со кои новата држава монополно управува.[147]

Токму противречностите што ги содржи во себе државната сопственост, која ги оваплотува елементите на социјалистичките и државно-капиталистичките односи, се рефлектираат и во самата "владејачка партија", истакнува Мито Хаџи Василев, остварувајќи внатрешно судрување во начинот на остварувањето на раководната улога на комунистите. Партијата стихијно ја зафаќа тенденцијата да се зацврстува како владејачка сила "во името на класата", зашто врз основите на системот на општествените односи базира на државната сопственост неа "објективно ја напаѓаат сè посилни бирократски тенденции", а тоа, пак, е во противречност со карактерот на нужното за социјалистичко општество идеолошко обединување. Историската обврска на организацијата на комунистите како идеолошко обединување Мито Хаџи Василев ја согледува "во тоа, со својата политика да расчистува пат во организирањето на работничката класа во владејачка класа и во рамките на тие задачи да ја насочува активноста на масите и да ја изградува нивната социјалистичка свест во субјективен фактор на целокупното општествено движење".[148] Но, токму овие противречности ја покажуваат, според Мито Хаџи Василев, преодноста и на државната сопственост и на ваквиот "владејачки" карактер на партијата. Бидејќи автентичните социјалистички односи неодоливо тежнеат кон свој развиток, историјата јасно укажа и "даде доволно примери", вели Мито Хаџи Василев,

[147] B.ibid.

[148] B. ibid. (подвл. К.Т.).

за присутноста на овие противречности, како и за тоа колку тие - врз основа на тие односи и таков систем на управување - можат да доведат "до бездна меѓу партијата и класата, раководството и членството, власта и масите, политиката и идеологијата".[149]

Социјалистичките општествени односи, истакнува Мито Хаџи Василев, на раководната улога на партијата на работничката класа ѝ доделуваат сосем поинаков карактер. Притоа, "доколку партијата доследно ги претставува најдлабоките и најпрогресивни интереси и стремежи на работничката класа, таа никогаш не може да дојде на позиција и практика што нея ќе ја противставуваат на општеството и на неговиот развиток. Деформацијата на улогата на партијата е само израз на нејзиното одвојување од работничката класа и другите маси."[150] Затоа партијата може да владее "во името на класата" само во еден привремен период, додека самата класа не се организира за натамошниот развиток на општествените односи. И затоа секое конзервирање на односите во кои класата е оневозможена самата непосредно да ја остварува власта не значи, вели Мито Хаџи Василев, никаква натамошна концентрација на власта во рацете на комунистите, ами само настапување на процеси на општи деформации во развитокот на социјализмот. Зашто, социјализмот не може да се развива ако не израснува од самата објективна и субјективна улога на самата класа на чело на општеството. Подведувањето на човекот и на сите движења во социјализмот - на определена политика на политичкит

149 Ibid. ...Но, додава Мито Хаџи Василев, историјата, исто така, покажа "и колку се големи резултатите во обратната насока, кога таа (оваа противречност - К.Т.) се разрешува во согласност со прогресивните историски процеси во развитокот на општествените односи".

150 Личноста во социјализмот, Избор II 201 (подвл. К.Т.)

инструменти никогаш, истакнува Мито Хаџи Василев, не произлегува од некоја апстрактна сила на самите тие инструменти, туку е само израз на дадените општествени односи во општеството. Кога класата ја губи можноста да се развива во владејачка општествено-економска и политичка сила на општеството, тогаш се деформира и партијата, заклучува Мито Хаџи Василев.[151]

Притоа се деформираат и односите во самата партија, односно не се остварува активната улога на комунистот. "Слободата и иницијативата на комунистите можат да произлегуваат само од општествениот статус на слободниот работник", вели Мито Хаџи Василев. Зашто, комунистот и може да ја врши револуционерната улога само ако ѝ служи на работничката класа и ако се потпира врз слободната и полна акција на работниците. "Таму каде што се владее 'во името на работничката класа', каде што се конзервира монополот наспроти социјалистичката демократија, каде што работниот човек - така да се каже - се претвора во поданик, партијата почнува да се одвојува од масите, а раководните фактори се одвојуваат од членството; врвовите сраснуваат со бирократските тенденции во еден одделен интерес што започнува да се осамостојува во своето движење; внатрешниот партиски демократизам се претвора во формалност; комунистот е спречуван во својата слободна акција за револуционерните цели и се претвора во предавач и подгонувач што добро ја владее револуционерната фраза, значи - и самиот станува обесправен; ликот на граѓанинот и комунистот се деформира бидејќи се сведува на 'послушност'; догматизмот и ревизијата на марксизмот стануваат идеологија што ја спречува творечката мисла и практика."[152]

[151] В. ibid.

[152] Ibid., Избор II 201-202 (подвл. К.Т.).

Вистинската практика на социјалистичката демократија, вели Мито Хаџи Василев, нема никаква врска со една ваква состојба.[153] Раководната улога на партијата по преземањето на власта од страна на работничката класа, според својата најдлабока суштина - истакнува Мито Хаџи Василев - ја изразува не само потребата од цврста организираност на класата што мора да ги брани своите извојувани придобивки, ами суштинскиот факт - дека <u>настапува епоха</u> која врз основа на укинувањето на приватната сопственост <u>се движи како непосредно организирано општество со пресудната улога на свеста</u> која ги сфатила законите на општествениот развиток и која ја добила потребната материјална база за да може со насочуваната акција на милионските маси да ги остварува нив на најбезболен начин. "Во овие рамки, вели Мито Хаџи Василев, раководната улога на партијата како марксистичка организација не стои наспроти <u>слободата</u> на работните луѓе, ами го изразува фактот дека <u>слободната творечка акција</u> на човекот врз основа на научно-сознаените објективни закони станува <u>суштински фактор</u> на целокупниот општествен развиток."[154] Но, истакнатите противречности на "владејачката партија" и последиците по вкупните односи во општеството не се последица на ваквата - во вистинска светскоисториска смисла - раководна улога на партијата, туку израз на фактот дека политичката линија на партијата - поради определени објективни и субјективни причини - започнала да го <u>напушта</u> во практиката длабокото <u>сообразување со законите на објективниот развиток</u>, дека станала <u>с у б ј е к т и в и с т и ч к а</u>, т.е. дека почнала "да се прави глува за

[153] В. ibid., Избор II 200.

[154] Ibid., Избор II 202.

стремежите на масите за понатамошен развиток на социјалистичките односи".[155]

Затоа развитокот на социјалистичката демократија, со обезбедување на вистинска контрола на масите над целокупниот општествен живот - значи, системот на самоуправувањето - не само што овозможува натамошен развиток на социјализмот, туку, вели Мито Хаџи Василев, "овозможува правилен развиток и на внатрепартискиот живот врз демократски принципи. Тој... ја спасува партијата од тенденциите кон бирократизирање, ја развива нејзината револуционерна улога и го продлабочува револуционерниот лик на комунистот".[156]

Со ова Мито Хаџи Василев, всушност, ја истакнува примордијалноста на основниот општествен однос над сите феномени кои извираат од него. Имено, разрешувањето на основната противречност на политичката организација на работничката класа во системот на државната сопственост е овозможен само со разрешувањето на противречностите кои се иманентни за тој систем.

Меѓутоа, истовремено се разоткрива длабоката органска зависност на сите процеси во општеството. Имено, заради големото значење на раководната улога на партијата во социјалистичкото движење, нејзината промена и натамошното развивање на неј-

[155] Ibid., Избор II 204. Токму врз изнесените аспекти на улогата на свесниот фактор во социјалистичкото движење, Мито Хаџи Василев дава мошне важно укажување за толкувањето на суштината на деформациите на демократскиот лик на партијата: "Врз оваа основа (субјективистичкиот однос - К.Т.) - вели тој - не може да се обезбеди в и с т и н с к о м н о з и н с т в о во партијата; всушност, тогаш меѓу другото започнува и внатрешен притисок против членството на партијата".

[156] Ibid. (подвл. К.Т.).

зините методи на борба стануваат услов за промените во базичните општествени односи.[157] Затоа Мито Хаџи Василев ќе каже: "Свеста на раководните револуционерни сили на општеството во нашата земја (подвл. К.Т.)[158] беше пресуден фактор за безболното движење на општеството од неговата административна фаза кон развиени социјалистички односи."[159]

---

157 Оваа интеракција на свеста и материјалните движења само покажува на кој (висок) степен од развитокот се наоѓа социјалистичкото општество во интегралниот процес на движењето на човечкото општество. Но тоа, истовремено, покажува дека се зачнуваат нови процеси на човечкото движење, кое - ни заради објективните, ни заради субјективните причини - не може натаму да се одвива на "класичен" начин, односно дека новите процеси веќе (и уште повеќе ќе) бараат исклучителна човечка (и политичка) творечка практика.

158 Бидејќи - во светскоисториска смисла - само југословенската практика денес остварува единство на општествен самоуправен однос и нова политичко-идејна линија на партијата, теоријата за партијата (и при сета научна методолошка скепса дека врз еден пример тешко се вообличуваат докрајни заклучоци), консеквентно на тоа, може да се гради само врз искуството на југословенските комунисти - доколку воопшто тендира да биде наука.

159 За противречностите на социјализмот, Избор I 43. Овој факт, дека револуционерната промена во социјализмот се извршува под пресудно влијание на партијата, на светскоисториски начин го истакнува значењето на позицијата "владејачка партија" во првата (преодната) фаза на социјализмот. Имено, својата доминантна улога во општествените процеси таа ја потврдува не само со соодветната акција во фазата на административниот социјализам, туку токму со надминувањето на овој свој карактер како партија.

Некои антагонистички судири во социјалистичките земји последниве децении, всушност, го покажаа значењето на овој факт во светскоисториска смисла, а не само неговата "регионализираност"

Притоа, истакнува Мито Хаџи Василев, нашата Партија не би можела доследно да ја спроведува својата револуционерна политика да ги задржеше притоа своите стари форми и методи на дејствување и дотогашните форми на политичко сплотување на масите.[160] Партијата, заедно со општествениот процес на самоуправувањето, "се развиваше *во Сојуз на комунистите*, растеше од владејачка партија во предимно идејно дејствување, во една *секојдневна идејно-политичка борба за изградба на социјалистички односи и свест* – во иста мера во која политичките организации *на масите* го губеа карактерот на трансмисија и стануваа поли-

на југословенско искуство. Факт е дека без историскиот чин на самонадминување на работничката партија (како единствен вистински политички фактор во социјалистичките земји) како "владејачка партија" не можат вистински да започнат да се остваруваат натамошните процеси на социјалистичкиот развиток, како што е факт дека работничката класа, која пројавува стихиен, елементарен стремеж кон тие процеси, не може вистински да ја доблесне својата непосредна демократска улога без истовремениот идентичен стремеж и на својата революционерна организација. Работничката класа и партијата се судбински поврзани. /Сите теории кои зборуваат за непосредниот премин кон социјализам од капитализмот како израз на стихијниот стремеж на работничката класа остануваат, засега, во сферата на спекулација./

[160] Врз основа на досегашната анализа, станува можно појасно зошто во отпорот на догматско-бирократските сили, дури и ако го признаваат "самоуправувањето", a priori се отфрлаат обидите за промена на начините на дејствувањето на партијата, зашто со тоа *објективно* би се прифатил патот на промените во социјалистичкото движење. Но, исто така, станува појасна тоталната игноранција на оние социјалистички теоретичари кои – во знак на својата "радикалност" – инсистираат на "самоуправувањето" а притоа ги сметаат за неважни промените во политичко-организационото битие на партијата.

тички парламент на работните луѓе".[161]

Развитокот на социјалистичките општествени односи како развиток на демократијата, зацврстувањето на улогата на масите во одлучувањето врз основа на самоуправувањето и слободното движење на односите и законитостите во економиката, истакнува Мито Хаџи Василев, претставува сообразување на дејствувањето на напредната свест и социјалистичката стихија на развитокот, односно оневозможување на судрувањата меѓу субјективната акција и објективното движење, т.е. продлабочување на нивното единство. Со овој историски чин, практиката на милиони станува во вистинска смисла на зборот - творечка. Затоа овој процес претставуваше, вели Мито Хаџи Василев, темелен удар врз практицизмот во политичката и општествената акција на субјективниот фактор, како што самоуправувањето е фундаментален удар против бирократизмот и етатизмот. Со тоа, политичките форми на дејствување се приспособуваат кон развитокот на социјалистичките односи и го дополнуваат, вели Мито Хаџи Василев, слободното движење на сите односи во општеството во насока на социјализам.[162]

Со тоа се покажува дека натамошните процеси на демократизација на општеството, развитокот на самоуправувањето, решавањето - на тој начин - на противречностите во развитокот на социјализмот, објективно се проследени не само со промените на формите на организирање и на начините на дејствување на комунистите, туку со објективното менување на улогата на организацијата на работничката класа во социјалистичкото движење. Меѓутоа, со тоа не се намали, туку се потврди значе-

161 В. За противречностите на социјализмот, Избор I 43 (подвл. К.Т.).

162 В. ibid., Избор I 43-44.

њето на улогата на авангардата на работничката класа во социјалистичките процеси, зашто нејзиното битие се здоби со нова револуционерна улога, која, всушност, претставува само континуитет на нејзиното револуционерно битие.

Со надминувањето на државниот монопол во производствените и општествените односи, истакнува Мито Хаџи Василев, правото на управување, дотогаш во рацете на револуционерните инструменти на класата (државата, партијата), се заменува со се посилната улога на работните луѓе во политичкиот развиток на општеството. Во основата на самоуправниот социјализам, во системот на непосредната демократија, лежат односите на директно здружување на производителите, кои во производството повеќе не ги обединува државата како исклучив претставник на сопственоштвото и во позиција на работодавец во односите на производството. Со тоа се создадоа основи за општествени односи низ кои, укажува Мито Хаџи Василев, врз најширока демократска основа се остваруваат материјалните и морални интереси на работничката класа, која сама управува со општеството. Работните луѓе го преземаат раководењето и на својата работа и на организацијата на својот севкупен живот. Со тоа, врз поразвиени социјалистички односи, тие го сообразуваат својот колективен и индивидуален интерес, решаваат со полна одговорност за сите конкретни проблеми на изградбата и развитокот на општеството.

Од друга страна, паралелниот соодветен квалитативен развиток и длабока трансформација во методот на работата на југословенските комунисти, на нивната организација како револуционерна авангарда и на нејзината улога во социјалистичката преобразба во општеството - создаде најадекватни услови за слободно изразување и полна афирмација на прогресивните материјални

интереси и општествени стремежи на работничката класа и другите работни маси на патот кон изградбата на социјализмот. Во условите на самоуправувањето, во процесите на изградбата на неговиот систем (за кои решителна улога во иницијативата и практичниот развиток одигра револуционерната организација на југословенската работничка класа) – улогата на Сојузот на комунистите е насочена кон идејно-политичката работа на подигање на свеста на милиони граѓани, а пред сѐ кон развивањето на максимум иницијатива и организираност на работните луѓе во секоја конкретна задача да се дојде до решенија и да се остварат резултати што ги засилуваат социјалистичките односи и притоа да се усогласуваат личните и колективните интереси, како и интересите на локалната и пошироката заедница.[163]

Со тоа, истакнува Мито Хаџи Василев, организацијата на југословенските комунисти на еклатантен начин ја докажа основната марксистичка теза за политичкиот живот – дека организационите форми на политичкото сплотување на масите и карактерот, улогата и методите на нивното дејствување израснуваат од општествените односи на соодветното општество. Притоа-ваквата активност и развиток на Сојузот на комунистите на Југославија, кој "неизбежно се приспособуваше кон движењето на социјалистичките општествени односи", не значи слабеење на раководната улога на комунистите. Мито Хаџи Василев укажува дека тоа го покажува и југословенската практика.[164] Процесот на демократиза-

[163] В. Комунистите во системот на непосредната демократија, Избор III 165.

[164] Во недијалектичките анализи на деформациите на административниот социјализам, иако, со право, се обвинува партијата за овој процес на деградација на социјализмот, речиси редовно но се согледува дека и таа фактички е суспендирана во своо-

цијата на односите во југословенското социјалистичко општество и на демократизацијата на односите во СКЈ, всушност, претставува процес на подоследно изразување на р е в о л у ц и о н е р н а т а суштина и цели на југословенските комунисти. Мито Хаџи Василев истакнува дека е тоа победа на "живата творечка идеологија" - пат на активно поврзување на Сојузот на комунистите со работните луѓе во секојдневната активност на масите и комунистите. Со ова, развивајќи ја социјалистичката револуција, Сојузот на комунистите на Југославија уште повеќе ја засилува улогата на комунистите како носители на новите општествени односи во секојдневната непосредна практика. Притоа, логиката на овој објективен револуционерен процес нив "ги ослободува од притисокот на стихиските тенденции да зацврстуваат и конзервираат што и да е што развитокот го направил одживеано; ги ослободува од опасноста да ги догматизираат своите принципи" - создавајќи "далеку пошироки основи за нивната раководна улога, ја направи таа улога понепосредна, а со тоа и попотребна и поодговорна".[165]

Со тоа се покажува дека континуираноста на промените во движењето на револуцијата го задржува револуционерниот карактер дејствување - како политичка организација - во таквите услови, дека принципиелно се претвора во трансмисија на "државата". Затоа, развитокот на социјалистичките односи како самоуправување, всушност, претставува и процес на фундаментална обнова на политичката дејност на комунистичката организација.

[165] Комунистите во системот на непосредната демократија, Избор III 165-166. Затоа Мито Хаџи Василев кажува дека - колку што развитокот на социјалистичките односи во нашето општество се покажа "и неизбежен и успешен" - не треба да се заборави фундаменталниот придонес што во тој развиток го дадоа членовите на СКЈ.

рактер на акцијата на масите, со соодветната улога на комунистите и нивната организација. Извршувајќи суштествена општествена социјалистичка преобразба, но вршејќи ги процесите на оваа преобразба како доследно револуционерно движење на работничката класа, останаа, истакнува Мито Хаџи Василев, еднозначно определени главните карактеристики на местото на партијата во рамките на класната борба на југословенскиот пролетаријат:

"- остварување на партијата на чело на работничката класа и општеството, како фактор кој, врз основа на најпрогресивната свест, обезбедува што поолно и понепречено одвивање на основните процеси на социјалистичката изградба во стопанството и во другите општествени дејности;

- остварување на идејно, организационо и акционо единство на комунистите како претпоставка за ефикасно влијание на таа свест врз општествените движења што се бремени со противречности;

- зачувување и продлабочување на органската поврзаност на авангардата со класата и со другите работни луѓе преку опирање врз суштествените општествени интереси и стремежи на работничката класа, врз придобивките, широчината, демократизмот и сопствените сили на нашата револуција и на работните луѓе, врз творечката мисла и практика на револуцијата во нашата земја, врз согледаните перспективи на социјалистичкиот општествен развиток."[166]

Но, од револуцијата, од освојувањето на власта, до денес, истакнува Мито Хаџи Василев, сфаќањата на Сојузот на кому-

[166] Непосредната демократија и Сојузот на комунистите, Избор III 221.

нистите во областа на теоријата на партијата се развија од тезата за раководната улога на партијата во социјалистичката изградба до тезата за насочувачката улога на свесниот субјективен фактор како водечка идејно-политичка сила на социјалистичкото општество. Меѓу едната и другата теза, укажува Мито Хаџи Василев, лежи развитокот на социјалистичката практика - од државно-административниот социјализам до настанувањето и полната афирмација на самоуправувањето. За таа квалитативна промена на општествените односи, која е остварена во континуитетот на единствениот процес на нашата социјалистичка изградба, врзани се и длабоки квалитативни промени и во битието, во општествената позиција и во остварувањето на улогата на самата авангарда. Партијата останува и натаму:

- авангарден дел на работничката класа,

- идејно обединет врз основа на теоријата на научниот социјализам,

- политички единствен околу основните интереси и стремежи на работничката класа во социјалистичката преобразба,

- организационо поставен во таков внатрешен живот што него го прави способен за ефикасна акција.[167]

Ова, вели Мито Хаџи Василев, и ги врзува обете тези за улогата на партијата во еден континуиран развиток на теоријата на партијата по освојувањето на власта. "Но, зад идентичната цел (остварување на партијата на чело на општеството заради обезбедување на што подлабоко и посеопфатно освестување на објективните развојни процеси на социјализмот) стои квалитативна негација на првата теза со другата; на командувањето -

167 В. ibid.

- со убедувањето; на одлучувањето од името на работниот човек - со влијанието врз самостојното одлучување на самиот работен човек; на стоењето на чело на општеството преку државата која со монополот во управувањето му е надредена на работниот човек - со стоењето на чело на општеството преку борбата за свеста на работниот човек кој управува со работите на своите потесни асоцијации и на социјалистичката заедница во целост со помош на демократските самоуправни и државни органи, итн."[168]

На дело е, всушност, длабоката дијалектичка смисла на развитокот како остварување на континуитетот само низ радикалните промени. "Промените, вели Мито Хаџи Василев, се од толку длабок карактер, што е принципиелно погрешно да се посматраат како усовршување на авангардната улога на партијата или како подобрување на врските на партијата со класата или како приспособување на методот на работа кон новите услови. Развитокот на теоријата на партијата не тргна по патот на менување на погледите за улогата на субјективниот фактор врз основа на позрели сознанија а на почвата на истите општествени односи. Настанатите длабоки квалитативни промени во самото општествено битие на преодната епоха бараа соодветен нов пристап кон улогата на авангардата, а не создавање на поправилна теорија за партијата од она што важела дотогаш."[169]

Со тоа на еклатантен начин се укажува на суштината на социјализмот. Неговата историска задача е да оствари преобразба на општествените односи, а не владејачка улога на партијата. Битието на партијата е определено од задачите на борбата за социјализам. Затоа развитокот на односите на непосредната демо-

[168] Ibid., Избор III 221-222.

[169] Ibid., Избор III 222.

кратија ја разоткри постапно суштината на промените што ја зафаќаат партијата. Со тоа се откри, истакнува Мито Хаџи Василев, дека "надраснувањето на раководната улога во насока на насочувачката улога на СКЈ во општеството - е објективен општествен процес, а не чин на волјата на самиот Сојуз на комунистите, кој поттикнат со нови сознанија, се стреми да се постави поинаку спрема класата". Но, само затоа што овој процес е посматран низ аспектот на процесот на фундаменталното општествено движење - може јасно да се согледа "дека оваа промена не води кон слабеење а уште помалку кон укинување на функцијата на политичкото раководење со општествената акција на класата од страна на авангардата".[170]

Во овие процеси на натамошниот развиток на социјализмот, работничката класата и општеството ја преземаат непосредно во свои раце власта над стварите, а со тоа и над општествените односи. Поради тоа, истакнува Мито Хаџи Василев, партијата престанува да ги раководи на дотогашен начин развојните движења на заедницата: престанува да ги управува луѓето со помош на власта над стварите, т.е. преку непосредно и суверено реализирање на монополот на државата во управувањето со материјалните и општествените претпоставки за работата и животот на луѓето. Затоа надраснувањето на раководната улога на партијата претставува негација на специфичниот општествен карактер на раководењето, но не и укинување воопшто на политичкото раководење со општествената акција на работните луѓе. Тоа останува, истакнува Мито Хаџи Василев, и натаму објективно нужно како што и натаму остануваат присутни политичките односи во општеството. Ра-

[170] Ibid.

зликата е во тоа, вели тој, што сега, во сообразност со односите на непосредната демократија, <u>политичкото раководење се реализира преку идејното насочување и политичката борба на комунистите за правилни одлуки на работните луѓе</u>.[171]

Извршени се длабоки револуционерни промени во општеството. Тој факт ја определува и позицијата на класата и на нејзината авангарда во натамошните општествени движења. Во револуционерниот период, кога ни класата ни партијата не беа носители на политичката одговорност во општеството на чие чело се наоѓаше буржоазијата, партијата стоеше на чело на класата само преку својата политичка линија и сопствениот пример во акцијата. Денес, меѓутоа, тие се носители на таквата одговорност во

---

[171] В. ibid., Избор III 222-223. "Раководењето со општествениот живот и со активноста на луѓето со помош на власт над стварите, пишува Мито Хаџи Василев, е карактеристика на поранешните општествени епохи. Тоа задолжително носи <u>карактер на владеење над луѓето</u> (подвл. К.Т.). Тој тип на општествени и политички односи е во длабока противречност со општественото битие и со историската мисија на работничката класа. Поради тоа таа и не може да се оствари непосредно како класа во таква функција: на материјалните производни сили на општеството да им се даде пак карактер на класна припадност би значело работникот да се доведе во судир со другиот дел на општеството, а не на пат на неговото ослободување преку укинување на претпоставките за чие и да е класно господство. Под притисокот на таа противречност дури и воспоставувањето на таков однос од името на сопствените револуционерни интереси на класата ја погодува и неа самата - во смисла на ограничување на нејзините права и на демократијата, т.е. претставува и владеење со класата и основа за силни тенденции на бирократизам." Сето ова, додава Мито Хаџи Василев, не ја одрекува историската неопходност на тој однос како почетна фаза од развитокот на преодниот период, но укажува на неговата противречност и привременост. Ibid., Избор III 223 фусн. 3.

општеството, истакнува Мито Хаџи Василев. А тоа ја исклучува секоја аналогија со периодот на борбата за власт. "Ако партијата (од името на класата) престанува да му се наметнува на општеството со <u>свои</u> одлуки низ монополот на државата во управувањето со стварите и односите, со тоа не ја симнала од себе политичката одговорност за развитокот и карактерот на функционирањето на општественото самоуправување. Таа објективно не може да се оствари како насочувачка идејно-политичка сила на класата при политичко индиферентност спрема одлуките во самоуправниот организам врз основа на кои се извршува развитокот на стварите и односите во општеството. Затоа <u>партијата и натаму не е само идеен фактор за насочување на општите движења, туку и политички фактор за одлучување во општеството</u>."[172]

Преземањето на историска одговорност за судбината на натамошниот развиток на општеството ја менува суштината на општествената акција на класата и партијата. Самата природа на критичката позиција на авангардата спрема општеството се изменила од негација со исклучиво тежиште во револуционерното одречување на сите основи на општеството - кон негација со тежиште во конструктивната политичка одговорност, со основа во создавањето на нови основи и форми на општеството и со опора врз градителските и афирмативни сили, тенденции и акција во општествениот развиток.[173]

Затоа ова напуштање на почвата на минатото во општест-

---

[172] Ibid., Избор III 223 (подвл. К.Т.).

[173] Смислата на натамошните револуционерни процеси , истакнува Мито Хаџи Василев, се поместува од пронаоѓањето <u>алтернатива</u> - во натамошна доследна <u>изградба</u> на поставените темели на новиот свет.

вено-политичките односи бара, според Мито Хаџи Василев, нов пристап во анализирањето и дефинирањето на карактерот на промените што ја зафаќаат партијата. Тој истакнува дека е веќе прилично јасно оти се работи за длабоки преобразувачки процеси на битието на партијата, а не само за нејзина нова улога или уште помалку за остварување, на ист начин, на истата (раководна) улога на авангардата. "Партијата - пишува Мито Хаџи Василев - престанува да биде авангарда од поранешниот период, како што општеството во самоуправувањето не е исто што и општеството од административниот период на социјализмот. Суштината на промените не е во методот на работата. Определениот карактер на улогата на СК носи со себеси и соодветни методи за акција, и таа не може да се реализира со поинаков начин на работа од оној што е обусловен од нејзиниот карактер. Од друга страна: нов карактер на улогата на СК не е можен со иста партија, со неизменето битие на партијата. Тој претпоставува не само <u>поинаква суштина</u> на позицијата на СК на чело на општествените движења, туку и <u>нови внатрешни односи</u> во самиот Сојуз на комунистите. Партијата не може да остане секогаш иста ако нејзината општествено-политичка база се менува квалитативно. Самата практика дава доволно предупредување дека новата улога на СК не може да се оствари врз база на старите односи меѓу комунистите (меѓу членот на СК и организацијата, меѓу раководствата и организациите), со надраснатите или тесни критериуми на кадровската политика, за приемот и казнувањето во организацијата, со старите сфаќања на единството и методите на неговата изградба, со поранешниот начин и дел на идеолошката изградба, со стариот метод на работа, форми на дејствување и организациона структура итн."[174] <u>Квалита-</u>

[174] Со тоа, Мито Хаџи Василев го потврдува ставот на <u>Ле-</u>

тивното менување на општествената состојба кои непосредна социјалистичка демократија е и квалитативно менување на битието на партијата (подвл. К.Т.)".[175]

Авангардата на работничката класа, во концепцијата на Мито Хаџи Василев, не е случаен феномен во работничкото движење. Тој ѝ го враќа нејзиниот дигнитет како голема историска сила, како незаобиколив подвижник на револуционерната акција на работничката класа. По тој инсистира на нејзините историски димензии, зашто и борбата на работничката класа е историски определена. Целите и на работничката класа и на нејзината партија се исти во светскоисториска смисла. Тие само се развиваат и продлабочуваат. Но, методите на борбата за нивно остварување, истакнува Мито Хаџи Василев, имаат историски димензии, зашто се остваруваат низ нивната акција.

Затоа тој ќе истакне дека, поради тоа, "и може да постои разлика меѓу она за што се прогласува една партија и тоа - што всушност претставува таа во реалните односи, со својата вистинска практика. За да биде една партија антибирократска сила според своето битие, во практиката - продолжува Мито Хаџи Василев - не е доволно да се декларира за таква и да се бори против чиновничкиот бирократизам, да исповеда револуционерна идеологија, да го прокламира комунизмот како своја цел, итн. Таа мора преку радикален револуционерн курс и практика да го расчистува патот за да се развијат такви општествени односи внатре кои може да се реализира себеси не само како антибиро-

нич од "Чекор напред, два чекора назад" дека формата на дејствувањето не е помалку важна од содржината.

[175] Непосредната демократија и Сојузот на комунистите, Избор III 224-225.

кратска свест туку и антибирократска практика, внатре кои нејзиното битие - изразувајќи ги тие општествени односи - единствено може да стане (според својата структура и внатрешни односи и според своето дејствување) антибирократска сила. Токму во таква смисла - истакнува Мито Хаџи Василев - и се развиваше КПЈ - од авангарда која беше партиска форма на класната власт во - Сојуз на комунистите,кој е внатрешна свесна сила на развитокот на една беспартиска демократија; прераснуваше од организација поставена врз принцип на здружување на идејни и политички истомисленици што ги извршуваат одлуките што им се надредени - во практика на демократскиот централизам кој има основа во правото на членството самостојно да создава ставови и одлуки во рамките на општата линија, итн."[176]

Социјализмот се "усовршува" од една до друга фаза, вели Мито Хаџи Василев, но преку квалитативна негација на претходната фаза, т.е. преку натамошен развиток. Поради тоа самоуправувањето не се јавува како усовршување на административниот систем: зашто - колку обете фази, една покрај другата, претставуваат единствен историски процес на развитокот на социјализмот, толку се меѓусебно противставени со различен тип на општествени односи врз основа на поопштествените средства за производство. Со тоа, истакнува Мито Хаџи Василев, и улогата на партијата во условите на развиена социјалистичка непосредна демократија не е некое "позрело" остварување на авангардната улога на комунистите, или - уште помалку - "исправување на заблудите" на теоријата и практиката на партијата за условите на административниот социјализам, туку нејзина нова историска ул

176 Ibid., Избор III 225.

га, со нови методи на дејствување - во условите на самоуправниот производствен и општествен однос.

Деетатизацијата на проширената репродукција донесува суштествени промени во општествено-економските и политичките односи на социјалистичката заедница, суштествено менувајќи го карактерот на свесната општествена практика, создавајќи нови односи, нови услови, нов распоред на општествените фактори и нови методи во нејзиното остварување. Свесната практика, истакнува Мито Хаџи Василев, престанува да биде форма и средство на подредување на класата - на функцијата извршител на свеста на авангардата (која го мобилизирала одлучувањето за сите општествени работи) и се изразува како слободна самодејност на класата непосредно на чело на општеството. Со тоа, за авангардата престанува потребата да ги "одделува" од класата и да ги узурпира организмите што ги собираат, активираат и насочуваат силите и акцијата на класата (државата, масовните организации, разни здруженија и демократски органи), претворајќи ги нив во опора на подредувањето на улогата на класата - на сопствениот монопол. Организирањето на работничката класа на чело на општеството, со помош и во самоуправните односи, воспоставува, истакнува Мито Хаџи Василев, радикално нови односи меѓу класата и сите овие организми, кои повеќе не можат да бидат трансмисија и стануваат форма на самостојноста и самодејноста на класата.[177]

"Ова движење - пишува Мито Хаџи Василев - го става Сојузот на комунистите пред потребата да изврши длабоки идејни, политички и организациони промени, да го измени сопственото битие за да може да посредува, со влијанието на најпрогресивната

177 В. Големата историска пресвртница, Избор I 464-465.

свест, во напорите на класата за развивање на нејзината слободна акција во свесна социјалистичка практика. Од фактор кој ја водеше класата во битката за преобразување на општеството од позиции на надреденост, идентифицирајќи се себеси за општествен субјект на развојните процеси, авангардата се трансформира во фактор на остварување на класата како субјект, во внатрешна сила на слободниот развиток на класата, во истурена позиција на нејзината свесна општествена акција. Основната смисла на реорганизацијата на СК, според тоа, е ново и подлабоко поврзување на авангардата со историското движење на класата во социјалистичкото преобразување на општеството."[178]

До остварувањето на основниот чин на самоуправната преобразба, до непосредното поврзување на производителот со проширената репрдукција - што означува теориско и практично решавање на противречноста меѓу бирократскиот етатизам и работничката класа - самоуправувањето се развива, истакнува Мито Хаџи Василев, како преодна свест и практика, односно како концепција и практика на деетатизацијата на општеството. Но, со поврзувањето на производителот со проширената репродукција - класата веднаш се најде исправена пред теоретските и практичките проблеми на своето конституирање во општествено-економските односи, кои сега се развиваат од нејзината сопствена егзистенцијална противречност меѓу општественото и приватното присвојување. Главното поприште на судирот се пренесува од противречноста меѓу класата и државата - во самата класа, во самоуправната практика која слободно ја решава противречноста меѓу историските интереси и движењето на класата, од една, и дезинте-

[178] Ibid., Избор I 465 (подвл. К.Т.).

грацијата од секој вид и секакви извори, како форма на приватизацијата, од друга страна. Со стапувањето на историската сцена на автентичниот однос на социјализмот, веднаш, вели Мито Хаџи Василев, избива на преден план - како фактор на движењето - основната внатрешна противречност на класата. Самоуправувањето, всушност, за него, и не е ништо друго туку форма на движењето на таа противречност.

Конституирањето на класата во основен општествен субјект, кој со сопствени иницијативи и решенија го репрезентира и реализира слободното движење на акумулацијата и репродукцијата на работната сила, повлече, неизбежно, цела верига од основни прашања од теоријата и практиката на социјализмот, поставувајќи ја потребата од продлабочување на сите постојни сознанија. Во овој контекст, особено се значајни прашањата за улогата на водечката идејно-политичка сила - Сојузот на комунистите - во однос на слободното социјалистичко општество: општиот проблем на авангардата во однос на демократијата, нејзината суштина и функција во општеството на слободен социјалистички труд, кое е поставено пред проблемот да овладува со стихијата и да ја решава слободата на човекот внатре општествените односи и материјални движења врз основите на општествената сопственост и односите на распределбата според трудот и социјалистичкото самоуправно здружување.[179]

---

[179] В. ibid., Избор I 466-467. Основниот проблем на општествените односи во развиениот социјализам произлегува, според Мито Хаџи Василев, токму од поврзувањето на проширената репродукција за производителите, што "отвори нови прашања на развитокот на социјалистичките односи". Имено, продукциониот однос прераснува од однос во претпријатието, каде што државата

Во овој контекст, укажува Мито Хаџи Василев, и битката за самоуправни однос сè повеќе се пренесува од областа на битката околу системот - во областа на непосредната практика и развитокот на односите на новиот систем."Целиот општествен организам станува поприште на оваа битка, а работните луѓе и нивната самоуправна дејност - непосреден фактор на таа битка... Борбата се одигрува во сите клетки на општеството".[180]

Содржината на оваа нова битка на работничката класа и комунистите Мито Хаџи Василев ја согледува, пред сè, во судирот со бирократизмот, кој се "децентрализира" во стихиски тенденции за узурпација на основните асоцијации[181], како и со

---

наемната работна сила, во однос на работните луѓе не само во работната заедница, туку и меѓу нив како асоцијации на стоковните производители во рамките на движењето на општествената поделба на трудот. Притоа, укажува Мито Хаџи Василев, овој однос се разликува суштествено од капитализмот, каде што стоковните производители-капиталисти не се во меѓусебен продукционен однос, односно овој однос во самоуправувањето темелно му соодветствува на карактерот на општествената сопственост што им припаѓа и на асоцијациите и на општеството како целина.

[180] Ibid., Избор I 467 (подвл. К.Т.).

[181] В. ibid. "Треба да се напушти, вели Мито Хаџи Василев, вулгарното резонирање дека бирократските тенденции и сили во работните заедници не се и нивен сопствен производ, дека не никнуваат на почвата на односите во самата работна заедница, туку дека претежно се создаваат од 'надворешните' односи во општеството, дека во работната заедница ги создава - комуната, а во оваа - републиката, а во оваа - сојузниот бирократизам. Исто така, треба да се напраснат сфаќањата дека бирократизмот во работната заедница се раѓа само од администрацијата, управата, комерцијалната и техничката служба, од раководствата на општествено-политичките организации во неа - а не и со опора врз работниот човек. Субјектот-самоуправувач не треба да се

приватизацијата и дезинтеграцијата[182], кои притоа се "засилени со потпирање врз други стихиски (примитивни и малограѓански) тенденции".[183]

Широкиот општествен простор за овие нови противречности на општествениот развиток придонесува, според Мито Хаџи Василев, оваа битка да се изразува во сè поостри форми и во сè пошироки општествени размери.[184]

Всушност, Мито Хаџи Василев покажува дека ослободувањето на општеството од административните стеги ја разоткри вистинската суштина и состојба на човекот во преодниот период:

"Приватизацијата лесно му се припишува на 'негативното влијание' на ослободеното стоковно производство, на општото комерцијализирање на сите општествени дејности. Излегува дека главен виновник е - распределбата според трудот, чии односи ги развивме подоследно отколку во претходната фаза (во административниот систем), дека позрелиот социјализам го 'расипува' добриот социјалистички граѓанин кој во претходната фаза се однесувал многу попозитивно, почовечки, со поголема социјалистичка свест. Всушност, вели Мито Хаџи Василев, допрва почнува бит

третира како апстракција на 'чиста' општествено-економска социјалистичка сила - во чиј материјален и морален интерес и свест постои само тенденцијата секогаш доследно да се свртува кон социјалистичките односи." За новата опора на бирократизмот во приватизацијата и дезинтеграцијата, в. ibid., Избор I 468-470.

182 В. ibid., Избор I 468. За широките форми на приватизација, за нејзината материјална основа и теоретска опора, в. ibid., Избор I 467-471.

183 В. ibid., Избор I 467.

184 В. ibid.

ката за трансформација на класата, на работниот човек и општеството во целост - во социјалистичка производствена сила. Луѓето со своето битие се онакви какви што ги завари револуцијата. Приватното битие во човекот на нашата епоха е - негибнато; тоа не можеше да се изрази слободно во поранешниот административен период: луѓето беа во општи односи на уравниловка и наемање на работната сила, притиснати уште и идејно и политички со условите во кои револуцијата ги решаваше своите задачи на начин кој од нив бараше, пред сè, послушност, дисциплина, извршување. Противречностите на општеството беа 'извлечени' од базата на општеството во врвот на водечката и управувачка сила, каде што арбитрираше единствена цврсто насочена и организирана команда на револуцијата. Општиот интерес доби статистичка мистификација врз основа на уравниловка, потиснување на индивидуалниот интерес и на демократските слободи на класата и личноста. Политичката борба имаше јасни и отворени форми на решителна диференцијација со непријателските класни сили и на дејствување против нив. На приватизацијата на базата на општеството не ѝ беше оставен општествено-економски и идејно-политички простор. Таа беше потисната, зашто административно беше потиснато приватното битие на човекот, се разбира: по цена на развитокот и на самите социјалистички односи во целост. Тоа му овозможуваше на бирократизмот да ја мистифицира сопствената суштина (приватизацијата) во правилно репрезентирање на општоопштествениот интерес...

...Надраснувањето на оваа фаза и развитокот на приватното присвојување врз основа на слободни односи на распределбата според трудот, ја исфрлија на површина приватизацијата како пол на противречноста во движењето на социјализмот. Сега треба

да се сфати дека тенденциите на стихијата во оваа насока не се помалку опасни по развитокот на социјализмот од бирократскиот етатизам. Тие не го одделуваат помалку Сојузот на комунистите од масите отколку што тоа го прави бирократската узурпација во смисла на поранешната фаза. Тие се силни, жилави, многубројни, подмолни и со таа предност што извираат од пазувите на класата што лесно можат да се вклопат во самоуправната практика, што се користат со демократијата. И токму поради тоа што социјалистичките сили и општеството не можат во новите услови да се борат против нив (само или претежно) со административни средства а со тоа да не ги загрозат односите на самоуправувањето – неопходна е интензивна, решителна и организирана политичка битка на свесните сили на класата за социјалистичко одлучување внатре самоуправниот процес, за социјалистичко единство на општественото и правилното присвојување во рамките на распределбата спо ред трудот."[185]

Затоа Мито Хаџи Василев ќе каже дека основата на организацијата на Сојузот на комунистите денес мора да има основа во решавањето на проблемите на оваа историска битка. Зашто, истакнува тој, главно прашање за авангардата не е самата појава на тенденциите на приватизација, кои се објективно неизбежни, туку борбата против нив. "Сојузот на комунистите нема општествени, или било кои други причини, денеска помалку да ги фрла во борба комунистите и работните луѓе. Демократијата не се ужива: таа треба постојано да се одгледува, развива, воспос

---

[185] Големата историска пресвртница, Избор I 469-471 (подвл. К.Т.).

тавува, освојува."[186]

Врз основа на ова се открива дека задачата на Сојузот на комунистите е всидрена во судбинската демократска битка што ја води општеството за автентични социјалистички односи и постојан социјалистички развиток. Во таа битка, корен на политиката (на државата, власта, и на организираната свесна акција), ќе каже Мито Хаџи Василев, е интересот на работниот човек, кој објективно е заснован во приватната сопственост над работната сила. Работниот човек, пак, не мора да изрази хипертрофија на приватното присвојување, но тоа, вели Мито Хаџи Василев, не е безбедност за општеството дека тој нема да тргне по тој пат "во еден или друг случај, за пократко или подолго време, со помали или поголеми последици". Тој ќе престане да упаѓа во овие или оние форми на приватизација кога, врз скапо платеното практично искуство, ќе почне да го сфаќа <u>единството на индивидуалното и општественото присвојување</u> и <u>опасноста од откинување на индивидуалното и групното присвојување од принципот на распределбата според трудот</u>. Но, тогаш, кога ќе го сфати тоа, кога самиот ќе стане пречка на деформирањето на приватното присвојување, ќе почне, всушност, да настапува како <u>свесен општествен субјект и политички фактор</u>, како <u>носител на единството на сите видови на својот интерес</u>. Со тоа, <u>надраснувајќи ја сопствената дезинтегрираност, ќе ја освојува политиката</u>, вели Мито Хаџи Василев. Зашто, работниот човек може с о ц и ј а л и с т и ч к и да ги изрази своите интереси само к о м п л е к с н о – <u>не единствено или претежно како работна единица или комуна, туку единствено и рамноправно низ сите форми на здружување: од непосредната заедница до заедницата во целост</u>. Само така тој може

186 Ibid., Избор I 471 (подвл. К.Т.).

да функционира - наспроти дезинтегрираноста (која се стреми да ја преовлада со социјализмот) - како општествена производна сила, обединета и организирана во социјалистичкиот труд врз основа на општествената сопственост. "Сè што не води сметка за тоа, вели Мито Хаџи Василев, има само илузија дека ги решава социјалистичките односи. Зашто тоа е навистина пат кој ги засилува дезинтеграционите процеси и го поттикнува објективно деформирање на општествената сопственост во групна, локална и 'национална' сопственост."[187]

Затоа, решавајќи ја опасноста од бирократска приватизација на власта, на општествената сопственост, на управувањето со општествените работи, на општиот интерес (која,со посредство на етатистичкиот систем, се претвора во опора на изделоената моќ на определени општествени сили нaдредени над општеството) - класата не може да допушти деформација на слободната самоуправна дејност во опора на приватизацијата на развитокот на општествените производни сили во насока на дезинтеграција, групна сопственост и нарушување на односот на распределбата според трудот. Всушност, вели Мито Хаџи Василев, првата опасност може да ја отстрани само со совладувањето на оваа друга опасност. "Неспособноста преку самоуправувањето да се обезбедува социјалистичко единство на општественото и приватното присвојување - ја претвора децентрализацијата на вишокот на трудот во власт на стихиските бирократски тенденции, кои во секоја асоцијација ја одделуваат класата од управувањето со распределбата на производот, создавајќи со тоа услови за тенденциите за враќање на етатистичките односи."[188]

[187] Ibid.

[188] Ibid., Избор I 472 (подвл. К.Т.).

За Мито Хаџи Василев, битката против приватизацијата во условите на самоуправувањето е сестрана акција на класата, на социјалистичките сили:

- против одделувањето на самоуправниот организам од неговата суштина како здружување на производителите во општествена поделба на трудот (разни форми на примитивно, монополистичко и егоистичко затворање на заедниците, гранките, регионите);

- против технократизмот, кој слободното стоковно производство го турка до апсолут и до негово одделување од суштината на општественото преобразување и до противставување - на развитокот на социјалистичките односи на здружувањето врз основа на распределбата според трудот;

- против бирократската узурпација на управувањето во асоцијациите;

- против уравниловката или распоните во личните доходи што се создаваат со посредство на бирократските позиции на командата во асоцијациите а не врз основа на придонесот во трудот;

- против привидната "солидарност" и потрошувачкиот менталитет во распределбата;

- против полуселанската и занаетчиската затвореност спрема модернизацијата, примената на науката, стручните кадри, итн.

Сето она, заклучува Мито Хаџи Василев, што во нашиот економски, општествен и политички живот "не изразува насочен и решителен стремеж кон идентификација со развојните процеси на современите производни сили и на економиката во насока на сè поголема рационалност, целесообразност и продуктивност на тру-

дот, и со развојните процеси на социјалистичките односи на распределбата и демократијата во општеството - претставува дезинтеграција со општото општествено движење, позиција и форма на дејствување на приватизацијата."[189]

Затоа Мито Хаџи Василев развитокот на Сојузот на комунистите го посматра како органски дел на општиот развиток на класата и општеството, на нивното стапување во нови економски и политички односи, кои ја отвораат основната противречност на класата и го обусловуваат своето движење со нејзино разрешување. Во тој контекст, организацијата на Сојузот на комунистите, според него, мора да биде "феномен на деприватизацијата, значи - и процес на разоружување на општите позиции на узурпацијата во општеството и форма на организирање на класата и развивање на нејзината самодејна свесна практика во насока на натамошната борба против приватизацијата".[190]

Мито Хаџи Василев истакнува дека заради тоа менувањето на улогата на авангардата во нашата епоха означува напуштање на монополот, т.е. на издвоеното од класата одлучување за развојните текови на општеството. "Сојузот на комунистите престанува да биде посредник и носител на таквите односи - дел од етатистичката структура", пишува Мито Хаџи Василев.[191]

Притоа тој повторно укажува на исклучителното значење на позицијата и дејноста на организацијата на комунистите за вкупните социјалистичките текови. Менувањето на внатрешните односи во Сојузот на комунистите, во сообразност со новата уло-

189 Ibid., Избор I 472-473.

190 Ibid., Избор I 473

191 Ibid.

та на комунистите и со новата форма на развитокот на свесната практика во општеството - кое, според него, има суштина на надраснување на опасноста од приватизација во авангардата - претпоставка е за развитокот на процесот на општата деприватизација, за успешна борба на комунистите против стихиските тенденции кон присвојување на туѓ труд и општествена моќ кои ги формализираат самоуправните односи. Затоа е од историско значење таквата организациона реконструкција на Сојузот на комунистите која "го продлабочува демократизмот во редовите на комунистите и со тоа го стеснува просторот за узурпација (приватизирање) на правото на донесување на ставови, одлуки итн. што се вршеше преку хиерархиската структура, неформалните групи или нарушувањето на вистинската практика на демократскиот централизам со игнорирање на слободно изразената волја на мнозинството."[192]
Создавањето на нова констелација на силите во организациите на Сојузот на комунистите околу демократската практика, и новата општествена акција на авангардата, со поконкретни и поефикасни можности за изразување, за размена на искуства, за критика и изградување на општа одговорност на комунистите како во поглед на внатрешните односи така и во поглед на акцијата - суштност го изразува фактот дека класата, која станува субјект на развитокот на современите производни сили, нужно приоѓа кон органско сврзување на својата општествена акција за развитокот на општествената поделба на трудот врз нова основа што ја прави ослободениот и здружен труд на човекот во социјализмот.[193]

[192] Ibid.

[193] В. ibid., Избор I 474. Зато Мито Хаџи Василев ќе каже дека "длабоката скриена суштина на трансформацијата на Сојузот на комунистите е процес на подготвување и организирање на

Организирањето на Сојузот на комунистите мора да создаде, истакнува Мито Хаџи Василев, потребни претпоставки за битката за елиминирање на приватизацијата во општествената практика - со тоа што со својата улога во општеството и со внатрешните односи и форми на собирање радикално ќе ја надминува "сопствената надреденост над класата и општеството и хиерархиската структура (надредување над членството) како форми на затворање на авангардата наспрема општеството и на раководните структури наспрема членството, т.е. како форми што се покажуваат погодни за развиток на бирократски тенденции и сили и чија основа и смисла на постоењето е - узурпацијата".[194] Оваа историска задача Сојузот на комунистите ја остварува со својата автентична битка за демократски развиток, и тоа, според Мито Хаџи Василев, во двојна смисла - и во смисла на своето поставување наспрема класата (со својата улога), отворајќи се пред неа и потпирајќи се врз нејзините стремежи и слободна акција, а и во смисла на такво менување на своите внатрешни односи со што се отвора и однатре (наспрема членството) и наспрема општеството. Со тоа се засилува и во членството и меѓу работните луѓе широката демократска база токму за прогресивно-демократските тенденции и сили.[195]

Демократскиот централизам, пак, во овие рамки е форма

---

класата за свесно социјалистичко овладување со развитокот на општествената поделба на трудот (како форма на движење на продуктивната моќ на трудот), односно за ослободување на развитокот на општествената поделба на трудот од притисокот на тенденциите на дезинтегрирачката приватизација" (подвл. К.Т.).

194 Ibid., Избор I 475.

195 В. ibid.

на еден нов паралелограм на сили на Сојузот на комунистите, кој ги развива прогресивно-демократските сили, овозможувајќи нивно единствено обединување низ целата структура на Сојузот на комунистите - неутрализирајќи ги тенденциите на приватизација и во форумите и во базата преку активно сплотување на вистинските револуционерни стремежи во редовите на комунистите. "Само врз основа на вистинската практика на демократскиот централизам, пишува Мито Хаџи Василев, Сојузот на комунистите може да го зачува ликот на таков општествен организам чија идејно-научна основа е марксизмот. Тој се откинува од бирократско-догматската 'религиозна' идеализација на раководните структури како основа на хиерархиските односи, но и не запаѓа во демагошко-либералистичка монографска идеализација на 'базата', на членот на СК - како апстрактна монада, бидејќи поаѓа од фактот дека со тенденциите на приватизацијата можат да бидат зафатени еднакво и редовите во базата на комунистите и во раководните структури. Тоа не го намалува значењето на моралниот лик на комунистиот и на СК како целост, значењето на свеста и меѓусебната доверба на комунистите во акцијата за заедничките револуционерни цели, но го истакнува фактот дека Сојузот на комунистите, пред сè, е марксистичка партија, дека дејствува врз научна анализа на објективните движења и противречности и дека комунистите ѝ приоѓаат на етиката не како идеалисти туку како марксисти кои на процесите во надградбата им поставуваат основа во објективниот паралелограм на сили и тенденции, кој ја дава својата резултанта, како и во сите процеси во општеството, преку слободното заемно влијание на базата и на (од неа) изведените структури во насоката на заузданување на стихиските тенденции."[196]

---

196 [illegible] Избор I 475-476.

Во оваа смисла, доследно марксистички градејќи ја својата концепција на авангардата на работничката класа во условите на самоуправувањето, Мито Хаџи Василев, всушност, покажува дека таа своето историско значење секогаш во историјата можела да го избори само како авангарда на политичката а к ц и ј а на работничката класа.

А оваа акција секогаш има конкретни историски цели.

Во таа смисла и треба да се разбере неговото укажување дека водечката позиција на Сојузот на комунистите на Југославија на чело на општеството е во општата бескомпромисна политика за изградување на социјалистички односи, во нејзината акција "во идеолошкото н а с о ч у в а њ е на социјалистичките сили к о н полна победа на самоуправувањето на општеството.

---

197 Комунистите во системот на непосредната демократија, Избор III 166.

# РАБОТНИЧКАТА КЛАСА И МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА

Врз примерот на историјата на македонскиот народ Мито Хаџи Василев ја проверува својата концепција за социјализмот како општество кое остварува развивање на сите човечки потреби, за свесните социјалистички сили како сили на историска акција кои во својата дејност активно ги решаваат предизвиците и задачите на времето, за социјализмот како епоха која ги разврзува во нагорност сите човечки потенции.

---

## Постулатите на историските погледи на Мито Хаџи Василев

---

"...На 2 август 1944 година, Првото заседание на АСНОМ ја изјави суверсноста на македонскиот народ и ја прокламира Народна Република Македонија за една од шестте републики на Демократска Федеративна Југославија. Со овој епохален настан, пишува Мито Хаџи Василев, се прекрши македонската историја на два дела: заврши долгиот период на борбите за национална и правна афирмација на македонскиот народ и отпочна неговото слободно

движење како суверена нација."[1]

Пишувајќи го ова по повод десетгодишнината на АСНОМ, Мито Хаџи Василев вели дека смислата на чествувањето на овој празник, за македонскиот народ не е од сентиментален карактер. Тоа "треба да ги окрепи нашите сили, да нѐ потсети на револуционерните искуства, да ја манифестира континуираноста и доследноста на нашите напори за докрајната победа на оние цели со кои Револуцијата настапи во вооруженото востание".[2]

За Мито Хаџи Василев историјата не е феномен по себе, нешто што се случило и што е завршено. Таа своето значење го добива од сегашнината и патот, стремежот кон иднина. Творечкиот ангажман кон сегашнината и иднината бара свртување, истражување на минатото: "Секогаш еден народ што се бори за победа на Револуцијата - пишува тој - има само активен однос кон своето историско минато".[3]

Историскиот прејден пат, од современа перспектива погледнато, "ни ја раскрива, вели Мито Хаџи Василев, чудесната едноставност на историскиот развиток" - "вековите во историјата се секогаш едноставни". По, тоа е затоа што наредната деценија ја објаснува, ја разоткрива смислата на претходната: вооружената борба што 1941 година КПЈ ја започна во Југославија и Македонија е, вели Мито Хаџи Василев, "сенародна вооружена негација на создадената положба со Хитлеровото поробување на Југославија

---

[1] Десет години од Првото заседание на АСНОМ, во книгата "Десетгодишнина на Н.Р. Македонија. АСНОМ 1944-1954", Скопје 1954, стр. 5 (подвл. К.Т.).

[2] Ibid.

[3] Ibid. (подвл. К.Т.).

и негација на претходното 23-годишно минато кое му одеше на рака на Хитлера", како што и годините на слободен живот "се само потврда и развивање на оние придобивки што нашите народи на чело со работничката класа ги здобија во своето вооружено востание".[4]

Веќе ова е достатно, истакнува Мито Хаџи Василев, за - во еден историски пресек - да се објасни пресвртот што се случил во една земја. Но целта на историското сознание, според историската визија на Мито Хаџи Василев, е да се сфатат процесите, да се најдат причините за успесите и неуспесите, на заблудите и исправните историски ориентации, за да се разберат нивните законити тенденции и законитоста на нивната резултатност.

Затоа, за една историска визија не е достатно да се каже што претходно се случило. "На историјата би можело вака да се гледа - пишува Мито Хаџи Василев - само ако престанал историскиот развиток на еден народ, ако се стои в место и се разгалуваме со спомени од минатото."[5]

Нас тој поглед врз слученото не може да нѐ задоволи, истакнува Мито Хаџи Василев, затоа што сме на патот на револуцијата, на историската нагорност, затоа што не стоиме в место. "Ние сме во сурова борба за завојување на една иднина што е за нас прашање на живот или смрт."[6] Затоа, според Мито Хаџи Василев, на нашето минато мораме - "неизбежно" - да гледаме од точката "како сме ја создавале историјата, што и како совладала Револуцијата за да го расчисти патот на народот за движење на-

---

4 Ibid.

5 Ibid. (подвл. К.Т.).

6 Ibid. (подвл. К.Т.)

пред".[7]

Сето ова е нужно, зашто не смееме да заборавиме "дека и за напред мораме да ја создаваме нашата историја", дека мораме "да се бориме и да завојуваме нови победи".[8]

Ова е п р в и о т постулат на историските погледи на Мито Хаџи Василев:

Историјата не е панегиричко воодушевување со минатото зашто, сепак, суштествено за човекот е движењето напред. Исходувајќи од клучниот момент на историското движење - Револуцијата - тој сознава дека таа, доколку е вистинска основа за развитокот, ја остварува својата суштност само доколку е движење напред. "...Револуцијата може да живее само ако постојано се движи напред", ќе воскликне Мито Хаџи Василев.[9] "Смело напред!", повикот на иницијатива, на хероизам, "борбата за совладување на се старо - и навики, и сфаќања, и појави, и односи" - тоа е за Мито Хаџи Василев творечка идеологија во акција, но и творечка практика на милионите што ја збогатува идеологијата. Силата на еден народ, на едно движење, според него, е во пронаоѓањето на вистинските патишта за движење напред, остварување на политика која го преобразува општеството, која е израз на "животните интереси и сремежи" на работните луѓе. Антиисториските сили се препознаваат токму низ нивното опирање на ова свртување напред, на овој човечки згон за создавање историја. Тие "со калапи и догми" се обидуваат да ја скостенат напредната свест, да ја де-

[7] Ibid. (подвл. К.Т.).

[8] Ibid.

[9] Со лице кон иднината, "Нова Македонија", 1-3.V 1954, бр. 2939.

зорганизираат во вистинските историски цели, да го сопрат развитокот; принципиелно се против Револуцијата (и оние кои се задоволни со постигнатото и сакаат него да го догматизираат, и оние кои суштински не се задоволни со придобивките - со нивната смисла - па во својата малограѓанска реакција ги напаѓаат сознанијата од Револуцијата, обвинувајќи ги дека се "шаблон"). Смелото одење напред, е услов на победите! Историско е она постоење, оној народ, онаа Револуција - кои постојано одат напред зашто поинаку и не можат! Силата за движењето, ќе каже Мито Хаџи Василев, е во умеењето да се најдат "оние задачи од кои зависи чекорењето напред", а тоа е возможно само ако - "лицето постојано е свртено кон иднината".[10]

Затоа историјата, за Мито Хаџи Василев, е "она што е превазидено" и - во процесот на револуционерното движење - "не можеме да заборавиме дека таа ѝ служи на денешнината, а не обратно".[11]

В т о р и о т постулат на историските погледи на Мито Хаџи Василев извира од ваквото сфаќање на историјата како творечка практика на масите. Имено, едно револуционерно движење принципиелно не се откажува од минатото - зашто знае дека е резултат на условите, дострелите, на борбата која доведе до него, зашто историјата принципиелно ја посматра како ч о в е ч к о дело. "Не можеме да го занемариме минатото, вели Мито Хаџи Василев, зашто тоа значи да се откажеме од себеси (подвл. К.Т.), да си ги затвориме патиштата за иднината".[12]

[10] В. ibid.

[11] Стари знамиња над нашата нова историја, "Нова Македонија", 2.VIII 1954, бр. 3018 (подвл. К.Т.).

[12] Ibid.

Разгледот за минатото е нужен за движењето напред: со него се дознава што и како довело до сегашнината (и кои се тензиите кои ја отвораат иднината). Меѓутоа, за една вистинска историска свест, свесна за движечката смисла на човечкото постоење, основата на историското разгледување може да биде само (или принципиелно само) откривањето во минатото на оние сили, идеи, процеси кои претставуваат в и с т и н с к и историски субјект и движење. Секој датум, настан, акција, идеја, сила во минатото е факт. Но не секој факт е историски по своето значење. Напредокот е, сепак, резултат не на секоја акција, туку на онаа која - спротивставувајќи му се на логиката на траењето (кое е - in res - сѐ уште нечовечка стварност), борејќи се против тенденциите кои него сакаат да го закостенат, или кои објективно не значат напредок, или кои се заблуда, или кои не соодветствуваат на вистинските историски потреби и стремежи на народот..., и надминувајќи ги свесно своите недозрелости, сѐ поправилно сфаќајќи ги историските тензии и наоѓајќи сѐ поадекватни решенија и патишта на своето остварување - значи, напредокот е резултат на онаа акција која е навистина историска во смисла на човечкото движење напред.

Оттука вториот постулат на историското сознание има две компоненти: историјата е постојано движење, но во тоа движење историскиот ум - токму заради тоа што, всушност, го решава прашањето на натамошното движење (на движењето денес, т.е. на движењето од денес во утре) - мора да ги бара оние сили на кои историскиот развиток им е иманентен, затоа што се остварување на историските потенции и потреби, и затоа што идејата што ги движи е вистински одговор на предизвиците на времето, што,пак, лежат во нив самите и што тие самите,истовремено, ги оваплоту-

ваат.

Третиот постулат на историските погледи на Мито Хаџи Василев е методолошки.[13] Историјата мора да биде објективен разглед, и тоа токму заради тоа што има стварно значење за движењето напред. Таа не смее да служи за замаглување на погледите како замаглување на вистинските перспективи. Затоа не смее да биде замаглување на минатото.

За значењето на овој принцип Мито Хаџи Василев принципиелно зборува во статијата "Стари знамиња над нашата нова историја".[14] Таа е напишана по повод некои погледи на македонската историја кои, недијалектички зборувајќи за нашето минато, инаугурираат ставови кои навидум, или делумно, се точни, но кои затоа се идеолошка фраза, а не историска наука, чија задача е да открие што стварно било, а не што се пројавува како појавна форма.

Во оваа статија Мито Хаџи Василев расправа за два клучни моменти од македонската историја - Илинденското востание и АСНОМ - односно за начинот како нив ги толкува еден вид исто-

---

[13] Се разбира, во смисла на предимност, зашто ни првиот - кој се однесува на смислата на историјата, ни вториот - кој се однесува на историските сили, не се лишени од методолошко значење за историските разгледи, како што ни третиот - методолошкиот - постулат не е лишен од принципиелно значење за суштината на историските разгледи.

[14] Статијата е објавена во весникот "Нова Македонија", на 2 август 1954 година, бр. 3018. Ова е една од оние статии на Мито Хаџи Василев кои ја возбудија и разбранија јавноста, една од оние кои и по речиси три децении "се паметат" и кои зборуваат за силата на публицистичкото "перо" на авторот.

риска наука. Поводот за овој осврт на "историскиот ум" му се текстовите на историчарите во кои - по повод 50-годишнината на Илинденското востание - е напишано дека 1944 година, т.е. решенијата на АСНОМ, се само "манифестација на вооружената победа над окупаторот", а јубиларната 1953 година - "доказ дека жртвите не се попусто дадени, зашто слободата, слободниот живот веќе силно вивна над урнатините од војната"; притоа заклучокот гласи дека "идеалите на македонскиот народ, идеалите на Илинден - се збиднати и дури надминати" (подвл. М.Х.В.). Историчарите утврдуваат, вели Мито Хаџи Василев, дека македонскиот народ 150 години водел борба, дигал бунтови и востанија, но дека - "од сите тие востанија и борби, освен четиригодишната НОБ, ниту едно не се искачи до онаа височина до која Илинденското востание со Крушевската Република, ниту едно не покажа таква ударна сила и замав како ова", како и тоа дека нашиот народ, "врвејќи по патот на Илинден, уште во стара Југославија (нашол) сигурен и бестрашен водач по патот на своето ослободување во лицето на КПЈ", која, како велат тие, е единствената партија што ги оцени и призна револуционерните традиции на нашиот народ, "неговото славно минато и неговото право да има своја национална култура и самостоен развиток".

Започнувајќи го коментарот на овие ставови, Мито Хаџи Василев пишува: "...На 2 август нашиот народ ја прославува и годишнината на Илинденското востание и годишнината од создавањето на Народна Република Македонија. Овие историски настани се стопуваат за него во една прослава, не само затоа што АСНОМ не случајно и симболично ја славеше победата на националните стремежи и вооружени борби токму на оној ден кога почна Илинденското востание, туку и затоа што стварната историја на нашиот народ

има објективен континуитет како револуционерно-ослободителна борба" (подвл. К.Т.). Овој континуитет, укажува Мито Хаџи Василев, КПЈ и субјективно го изразуваше. "Илинден беше порано илегална или фалсифицирана историја. Единствено КПЈ го бранеше него како историска вистина (подвл. К.Т.). Таа ги оживуваше и развиваше неговите револуционерни традиции. Борците во НОБ јуришаа во битки и со старите комитски песни, а АСНОМ ги донесе своите историски одлуки на 2 август". Притоа македонската држава им оддава достојно признание на илинденските борби и борци, истакнува Мито Хаџи Василев.

"Историјата на еден народ - пишува Мито Хаџи Василев - секако е единствена. Нашите генерации, што ја изнесоа на свој грб четиригодишната НОБ, не страдаат од суетност дека македонскиот народ започнува да живее дури со нив. Меѓутоа - додава Мито Хаџи Василев - историска невистина е и штетно замаглување на погледот на народот во процесот на својот општествен развиток - кога од објективно присутниот и субјективно изразениот континуитет на неговите борби, на решавањето на неговите општествени развојни проблеми, н а и в н о и а н т и и с т о р и с к и се прави е д н а борба, е д н а револуција, т.е. остварување на о н и е задачи и цели што ги исфрлил почетокот на народното будење."

Мито Хаџи Василев укажува дека кај нас е дадена научна правилна оценка на нашиот развиток, вклучувајќи го тука и развитокот на ослободителните борби, т.е. значењето и местото и на илинденскиот период и на НОБ, како и историската врска меѓу нив - но дека притоа "навиката на повторување фрази"(подвл. К. Т.) покажа огромна сила. "Некогаш Димо Хаџи Димов пророкувал дека македонскиот народ не е засекогаш поразен и дека ќе доживее

втор Илинден. Тоа стана борбена тема и на поетите. Во мобилизирањето на народот за вооружена борба против окупаторот, комунистите постојано ги потсетуваа масите на Илинден, а и победата... беше славена на Илинден. И ете – вели Мито Хаџи Василев – веќе 10 години ја слушаме и сами повторуваме фразата за 'првиот' и 'вториот' Илинден". Оваа фраза "како агитациона парола, како говорничка фигура на митинзите, како новинарска непрецизност, дури и еднострано земено – како втора вооружена акција на нашиот народ – продолжува тој – и може да се поднесе. Но, како историја, како оценка, како поглед на нашето минато што претендира на важење е наполно погрешно, антиисториско и штетно", смета Мито

Сите ние, ќе го коментира ова Мито Хаџи Василев, "од нашата социјалистичка револуција правиме втор, но сега победоносен Илинден. Се изживуваме сентиментално и националистички како нација, се посматраме како завршен историски субјект уште од почетокот на овој век (подвл. К.Т.). Дури некој рече – оти нашата национална борба е илјадагодишна. Зар е чудно тогаш – се прашува Мито Хаџи Василев – што поетите го учеа народот како над него – во борбата против фашизмот и предавничките експлоататорски класни сили – се вее Гоцевото знаме?! Луѓето симболот го претворат во историска вистина, на штета на историјата" (подвл. К.Т.).

Мито Хаџи Василев особено се противставува на недијалектичкиот став кој за НОБ истакнува "најмногу или само тоа дека тоа е продолжување на Илинден, дека е остварување на Илинден, и дека всушност меѓу 'првиот' и 'вториот' Илинден постои само едно 'дури', т.е. – 'остварување и дури надминување' на идеалите..." За Мито Хаџи Василев тоа значи дека "историјата ја чи-

таме поинаку од што е создавана (подвл. К.Т.), дека "го замаглуваме погледот на луѓето, ги учиме на мислење дека НОБ и немала свои идеали, туку, главно, извршувала стари задачи, дека црпела сила од минатото, дека марширала под стари знамиња (подвл. К.Т.) дека ја мобилизирала за себе старата (веќе изградена во сите насоки, а, пред сè, национална) свест на масите, дека на старите традиции и идеали ја извлекла својата победа", дека "ја претвораме НОБ во блед одблесок на Илинден".

Натаму Мито Хаџи Василев решително ќе напише: "Истакнувајќи ја минатата величина, за да ја произвикаме националната гордост на масите, ние и несвесно му фрламе во лице на народот една од најтешките навреди - дека е неспособен да го надмине минатото, дека се врвовите на неговата револуција и творештво назад, а не денес и пред него, дека се пресушени неговите творечки прогресивни сили, дека нема иднина (подвл. К.Т.), бидејќи 40 години тапка во место, имајќи пред себе само едни - илинденски завети и цели".

Основната забелешка на "историскиот ум" Мито Хаџи Василев не ја упатува на толкувањето на Илинден (иако, како што ќе изнесеме подоцна, ваквата ориентација има свои последици), туку на ненаучното, нестварното толкување на суштината на историското движење остварено со АСНОМ, односно на неразбирањето на неговата револуционерна суштина, со што, всушност, не се разбира ни револуционерната суштина на НОБ и на денешницата на македонскиот народ. За Мито Хаџи Василев тоа значи дека не можеме да се снајдеме во нашата сопствена историја. "Толку години - пишува тој - се бие жестока битка за изградбата на социјализмот, а од нашиот печат се точи бесмислената фраза дека решенијата на

АСНОМ - тој творечки револуционерен чин што ги крши основите на еден систем а ги полага на новиот (подвл. К.Т.) - само се"манифестација на вооружената победа над окупаторот!" Во овој ред тој ги подредува и ставот дека "НОБ може да се сврсти според значењето со Илинден во еден ред, бидејќи меѓу другите борби само таа ја има достигнато вистината на востанието од 1903 година и на Крушевската Република", како и оној кој тврди "дека нашиот народ ја нашол КПЈ како сигурен водач - 'врвејќи доследно по патот на Илинден'". Каков е тоа чуден поглед на историјата? - се прашува Мито Хаџи Василев. И зар КПЈ за нас значи само признавање на нашите традиции, славно минато и право на националната култура и самостоен развиток?!

Мито Хаџи Василев смета дека со вакви "неодговорни фрази ја фалсифицираме историјата, затоа што меѓу 'првиот' и 'вториот' Илинден не ја откриваме историски објективната квалитативна разлика (подвл. К.Т.), туку гледаме само продолжување на борбата, остварување на идеалите од 1903-та. Го пренебрегнуваме - вели Мито Хаџи Василев - целиот наш развиток меѓу двата Илиндена, немаме очи за такви ситници дека се овие два Илиндена - ослободителна борба во продолжување, но едновремено и д в е револуции" (подвл. К.Т.).

Со ова Мито Хаџи Василев - застапувајќи се за историска вистина - го застапува, всушност, дигнитетот на историската борба на работничката класа и нејзиниот единствен придонес во борбата на македонскиот народ за национални права. "Македонскиот народ - пишува Мито Хаџи Василев - постоеше и порано, но без работничката класа. Неговата борба ја водеа ситнобуржоаските елементи, интелигенцијата и селските маси. Го движеа во неа повеќе националните и н с т и н к т и одошто една веќе разви-

ена и формирана национална с в е с т. Но, во потамошниот развиток се јавува и расте новата општествена и историска сила - р а б о т н и ч к а т а к л а с а. Таа постапно, иако многу мала, удрира свој печат на борбата на народот, застанува на негово чело. И македонскиот народ не ја најде КПЈ, туку работничката класа и во Македонија ја градеше КПЈ со својата политика и национална борба, а народот се приврзуваше за неа, ја примаше како своја народна партија во онаа мера во колку ја прифаќаше работничката класа за остварувач на своите и национални и социјални права, во колку неизбежно сфаќаше дека само социјализмот може во современите услови да го реши и неговото национално прашање. КПЈ, според тоа, за нашиот работен народ (а тоа мислам е - македонскиот народ) беше стремеж не само за признавање славното минато, правото на своја култура и самостоен развиток, туку, пред сѐ, стремеж кон - социјализам, кон повиен општествен систем во кој ќе ја најде и својата национална слобода" (сѐ подвл.К.Т.)

Затоа Мито Хаџи Василев укажува дека е неточно посматрањето на НОБ само како национално-ослободителна борба. Социјалистичката револуција, истакнува тој, не отпочнува дури по победата над окупаторот: во НОБ политички и вооружено беа разбиени сите класни реакционерни и експлоататорски сили, нивната власт уште тогаш беше разбиена и постепено преземена од револуционерните маси. Несфаќањето на овој историски процес претставува основа за изопачување на суштоста на извршените револуционерни процеси. "Решавањето на социјалните проблеми, остварувањето на правата на работничката класа, можноста да се изградува социјализам - вели Мито Хаџи Василев - не произлегуваат од решеното национално прашање, од остварената национална слобода на македонскиот народ и другите наши народи, туку обратното: пос-

ледните произлегуваат од победата на работничката класа, од победоносната социјалистичка револуција. И натаму - изградбата на социјалистичките односи во нашето општество е она што ја обезбедува независноста, потполниот национален развиток на народите, нивната стварна рамноправност" (подвл. К.Т.). Затоа Мито Хаџи Василев децидно вели: "Тоа е историјата што ние не само не смееме да ја заборавиме, туку што мораме јасно и постојано да ја истакнуваме пред лицето на нашиот народ. Еден народ што е свесен за себеси, за своите цели во развитокот, должен е во својата свест да држи сѐ на свое место, онака како што го оставил во историјата. Инаку тој не може правилно да го согледа и оцени својот развиток. Смешно е, една успешна и тоа социјалистичка револуција да се сведе на идеите на едно востание од пред 50 години, да се посматра само како национална борба и остварување на полувековните идеали. Смешно е, во име на респектот пред подалечното минато, да се скаструва неспоредливото историско значење на новото, така да се каже - на највисоко ниво остварено револуционерно творештво на еден народ" (сѐ подвл. К.Т.).

Принципиелно инсистирајќи на развојната димензија на движењето низ историјата (доколку ова движење навистина е историско), Мито Хаџи Василев ќе укаже дека нашите национални идеали се развиваа и дека во нив даваа придонес низа генерации. Но затоа ќе каже дека - иако "заветите на Илинден се секако остварени, барем она што во нив претставувало најпрогресивна демократска сушност и стремеж на масите" - "...ние од народот ќе направиме слепец, ако го учиме да ги затвора очите пред фактот дека новите генерации ги остварија, всушност, с в о и т е н а ц и о н а л н и  и д е а л и, во кои илинденските идеи претставуваат историски само еден почеток на нивно формирање. Зашто

во Илинден македонскиот народ покажа дека навлегол во процесот на своето национално формирање, но зад Илинден стојат децении на буен развиток на овој процес, во кој НОБ е акција на една веќе цврсто застаната на нозе нација која веќе се стреми свесно и решително кон с о ц и ј а л и с т и ч к о решение на сите свои битни проблеми" (подвл. К.Т.).

Притоа, укажува Мито Хаџи Василев, ваквата необјективност на приодот кон нашата историја речиси нужно се одразува и врз квалитетот на толкувањето на подалечното минато - пред сè во "склоноста да ја преправаме историјата и во друга насока". Тој ќе го нарече смешен обратот на историскиот ум: "од НОБ ја бришеме социјалистичката револуција, а Илинден го 'социјализираме'". Иако во Илинденското востание учествувале и социјалисти, и нивната улога и влијание не биле мали, Мито Хаџи Василев истакнува дека "црвеното знаме над Крушевската Република не може неа да ја направи - социјалистичка република". Манифестирајќи суптилност за историска анализа како проникнување во вистинските состојби, противречности и задачи на епохата, Мито Хаџи Василев ќе напише дека "многу сме чувствителни на тоа дека Гоце бил социјалист по убедување, а неговото историско значење е токму во тоа што делувал како национален водач без да му поставува на движењето некакви социјалистички пароли". Ваквиот неисториски пристап, според Мито Хаџи Василев, ја изразува желбата "од тесно-национална сентименталност" да му додадеме на Илинден, но, всушност, тоа значи негово кривотворење, одземање од него. Како особен вид историски мистификации тој го прогласува пишувањето мемоари за времето на Илинден - од сегашен аспект, почнувањето на мемоаристите - на историјата од себе, и, во овој ред, фалсифицирањето на настаните и идеите, и воопшто вадењето "за Илинден

'социјалистички пасош' за неговото влегување во пишаната историја на социјалистичка Југославија".

Зар ѝ е ова потребно на нашата историја, на Илинден?!, воскликнува Мито Хаџи Василев.

Бранејќи ја така суштноста на Историјата, нејзината објективност, Мито Хаџи Василев го брани, всушност, дигнитетот на историската борба. Затоа тој во заклучокот на статијата "Стари знамиња над нашата нова историја" инсистира историската наука да се ослободи од агитациониот и новински потход кон нашата историја: "Таа е доволно богата, убава, славна за да ја преправуваме, разубавуваме или фалсифицираме на наша штета - пишува Мито Хаџи Василев. - Сите имаме гревови во овој поглед, но време е агитацијата да ѝ отстапи место на науката. Не можеме да го занемариме минатото, зашто тоа значи да се откажеме од себеси, да си ги затвориме патиштата за иднината. Но мораме добро, точно, и с т о р и с к и о б ј е к т и в н о да ги изучуваме патиштата на нашиот развиток без боење, разместување, катценување или потценување на настаните, идеите, луѓето, условите. Да се учиме на херoизмот на луѓето, на нивната љубов, оданост и карактерност, но да ги согледуваме секогаш и слабостите на нивните дејствија, нивната историска ограниченост и лостовите што влекле н а п р е д и што тегнеле н а з а д. Тоа е историјата, она што е превазидено и ние не можеме да заборавиме дека т а а ѝ с л у ж и н а д е н е ш н и н а т а, а не обратно. Инаку треба да се запреме на исто место и да се убедиме како народ дека никогаш нема да сториме нешто повеќе и поголемо од она што ни го оставило минатото..."

x x x

Врз ваквите постулати на историските погледи, од еден автор не може да се очекуваат историски списи во смисла на ређење на настаните, датумите, личностите; во своите списи еден автор со вакви постулати, пред сè, ќе ја бара логиката на настаните, зашто - ако клуч на минатото се покажува сегашнината - тогаш сегашнината на минатото е единствениот негов вистински клуч.[15]

Во оваа смисла Мито Хаџи Василев обработи три томи од македонската историја.

## Револуционерната политичка визија на Јане Сандански

Сандански е исклучително крупна, прогресивна фигура во нашето револуционерно минато, истакнува Мито Хаџи Василев. Револуционерната дејност на овој наш херој и еден од првоборците на нашето илинденско и поилинденско националноослободително движење - кој сите свои сили и способности безрезервно ги стави во служба на делото и интересите на својата поробена татковина - "обележува еден, макар и не долг, но со крупно значење период од нашата национална историја... Сандански е, всушност - нова, поилинденска развојна етапа во нашето револуционерно ослободително движење..."[16]

[15] Истиот принципиелен пристап Мито Хаџи Василев го вградува и во своите истражувања на историјата на КПЈ/СКЈ.

[16] Сандански - втора етапа во нашето национално-ослободи-

Основното што, според Мито Хаџи Василев, го карактеризира Сандански во плејадата борци од овој исклучителен период на македонската историја, тоа е постојаниот стремеж за согледување на автентичните интереси на народот и за изградба на една вистински револуционерна животворна политичка визија - во која во неразлачно единство би биле вградени трајните постулати на македонската борба и нејзините конкретни цели. Ова ги определува и содржината и насоката на продолжителната борба на Сандански - и неговиот трагичен крај.

Започнувајќи ја револуционерната активност во 1895 година, кога со една чета инспирирана од Фердинанда заминува за Македонија, Сандански останува разочаран. "Тој на самото место се убеди дека овие чети ги движи преку границата некоја задна намера, дека тие не се префрлени со задача да му помогнат на населението да се пробуди, да се организира, да се подготви за борба, туку просто затоа да се прават провокации, да се предизвикуваат турските власти, а кај масите да се зацврсти ропската покорност и надевањето на Бугарија".[17]

"Тогаш се зареков - пишува Сандански во своите "Спомени" - да не му станувам никому орудие..." (подвл. К.Т.).

Годината 1889, вели Мито Хаџи Василев, е од пресудно значење за целиот натамошен развиток на Сандански. Сретнувајќи се со Димо Хаџи Димов, Гоце Делчев, Ѓорче Петров и други маке-

---

телно движење до Првата империјалистичка војна, во книгата "Животот и делото на Јане Сандански", Скопје 1949, стр. 5 (подвл. К.Т.). /Овој текст на Мито Хаџи Василев најнапред е прочитан како реферат на свечената академија во Скопје, на 22 април 1949 година, по повод 34-годишнината од убиството на Јане Сандански./

[17] Ibid., стр. 6 (подвл. К.Т.).

донски револуционери и дејци на Внатрешната организација, запознавајќи се со нејзината цел и патиштата и формите на нејзината борба, како и со нејзиниот однос спрема великобугарската политика на Фердинанда, олицетворена во Врховниот комитет, и јасно сознавајќи дека Организацијата е на страна на народните интереси - Сандански го одредува конечно својот пат за натаму.

Во 1901 година Сандански со својата чета заминува за Македонија. Отпочнува период на негова упорна и тешка организаторска работа, пишува Мито Хаџи Василев, на создавање и проширување на мрежата на Внатрешната организација во цела Пиринска Македонија, на избирање раководни тела и нивно меѓусебно поврзување, на создавање чети, на вооружување на народот и негово воспитување во организирана и дисциплинирана сила. Едновремено со тоа Сандански води и систематска разобличувачка кампања на великобугарската Фердинандова политика и на улогата што, во службата на таа политика, му е доделена на Врховниот комитет, на врховистичкото движење, кое - под претекст за помош на македонскиот народ од страна на Бугарија - всушност, имаше за цел да го ликвидира с а м о с т о ј н о т о револуционерно движење на нашиот народ олицетворено во Внатрешната организација на чело со Гоце Делчев. "Сандански бескомпромисно стои на позицијата дека интересите на македонскиот народ се од основа различни од интересите на Бугарија што се однесува до решавањето на македонското прашање и дека, во условите на великобугарското мешање во македонското прашање, битен услов за успешна борба на нашиот народ претставува - ориентацијата кон с в о и т е с о п с т в е н и с и л и, т.е. кон запазувањето на самостојноста на ВМРО и нејзината раководна улога во ослободителната

борба".[18]

Поради тоа, истакнува Мито Хаџи Василев, Сандански особено многу агитира во народот против провоцирањето на востанието, кон што тежнееја врховистичките агенти на Фердинанд, и беспоштедно се противставува на секој обид за инфилтрирање на врховистичките чети во Македонија.[19]

Така, до Илинден, вели Мито Хаџи Василев, дејноста на Сандански се движи исклучиво во рамките на идејните и организациони односи на движењето поставени од Гоце Делчев.

Притоа Мито Хаџи Василев особено го истакнува исклучителното значење на дејноста на Сандански во изградбата на Организацијата не само како оружје за революционерна борба на народот, за ослободувањето на неговата земја, туку едновремено и како орган кој презема на себе функции на власт во однос на ре-

---

[18] Ibid., стр. 7 (подвл. К.Т.). Според логиката на политичкото дејствување, врховизмот и централизмот во македонското движење - кои се два дијаметрално спротивни пола во односот спрема базата на политичката акција - стануваат, денес - во времето на изразениот империјализам - парадигма за најважното политичко прашање - независноста на политичката одлука.

[19] Постапката на Сандански спрема овие чети, кој во нивното делување на македонска територија гледаше само обид да му се наложи со оружје на нашиот народ врховистичката великобугарска политика, е мошне карактеристична за неговото политичко дејствување. Имено, Сандански најпрвин ги повикувал да се состанат и пред цело село да објаснат зошто пошле во Македонија, какви им се целите итн. и да останат да делуваат ако народот ја одобри таа политика. Бидејќи војводите на овие чети одбивале ваква јавна дискусија и јавен, отворен суд на народот, Сандански им наредувал веднаш да се вратат од каде дошле. Во случај на неизвршување на наредбата, тој ги покренувал четите и вооружената селска милиција и со борба ги префрлал преку границата, понекогаш разбиени и десеткувани. В. ibid., стр. 7-8.

шавањето разни спорови меѓу населението, игнорирајќи ја наполно корумпираната султанска власт, нејзините судилишта и други органи. Самиот тој вели во своите "Спомени": "Прв пат агитирав во смисла да се постави Организацијата самостојно, да се почувствува населението слободно на тој начин што ќе се отстранува од турските власти и што ќе се концентрира власта во рацете на Организацијата, така што населението на дело да види малку слобода, да ја почувствува таа слобода и да ја засака."

Вистинските борци за автентичните интереси на македонскиот народ беа против од врховистичките елементи во Централниот комитет инспирираното решение за дигање на востание, зашто сфаќаа какви последици ќе донесе ова подранетото востание. Во донесеното решение, истакнува Мито Хаџи Василев, Сандански ја прозираше намерата на врховистичките елементи да ги испреварат објективните и субјективните услови, да ги поднесат на удар и уништување најсилните организации и - преку неуспехот на востанието - да си создадат можност за преземање на разбиената организација во свои раце, за нејзино подредување на Фердинандовата политика. Притоа тие сметаа дека подранетото неуспешно востание, освен што ќе ја разбие Организацијата, едновремено ќе создаде за врховистите и позиции во народот, каде по поразот тие очекуваа - појава на деморализација и апатија, на губење верба во сопствените сили и ориентација на помош од Бугарија. Разбирливо е зошто Сандански, како и Гоце, не можеше да се согласи со ова решение.[20]

[20] Благодарејќи на спротивставувањето на Сандански, Серскиот округ во целина се изјасни против кревањето востание. Во знак на солидарност и помош, организацијата од овој оркуг, бидејќи востанието не можеше да се одврати, разви во време на Илинден само интензивна комитска и диверзантска дејност, вршејќи особено атентати по пругите и патиштата подалеку од селата, како би се избегнал теророт над населението од турските власти.

Значењето на политичката линија која ја застапуваше Сандански особено дојде до израз во периодот по Илинденското востание, кога Внатрешната организација се најде во мошне тешка положба. Исползувајќи ја настанатата деморализација по претпрениот пораз, врховистичките тенденции и нивните поддржувачи се засилија и го раширија своето влијание. Во Организацијата сѐ поостро се покажуваше блискиот расцеп. "Предна сила во натамошната борба за сочувување на принципите за самостојноста на Организацијата, а против врховистичките разбивачи што седза во врвовите на Организацијата и во раководствата на теренот - истакнува Мито Хаџи Василев - сосем природно мораше да стане Серскиот револуционерен округ, во кој Сандански цврсто ја држеше Организацијата, прекалувана од непомирлива борба со великобугарските претеници и агенти. Природно е што Сандански на чело на Серскиот окружен комитет, а со идејна помош од Димо Хаџи Димов и поддршка од Ѓорче Петров и други останати верни на Гоцевите идеи - основачи и дејци на Организацијата, се оформи во лево крило на Организацијата, кое будно и цврсто стоеше врз позициите на вистинските интереси на нашиот народ."[21]

Сандански, со својата група, одби да учествува во работата на подготвуваниот конгрес во 1906 година, на кој врховистичката агентура се подготвуваше - исползувајќи го своето мнозинство - да ја прогласи предавничката политика и службата на бугарските интереси - за закон во Организацијата. Со своето упорно барање Конгресот да се одржи не во Софија, туку на територијата на Македонија, Сандански ја оневозможи оваа намера. По ова, за бугарскиот двор беше јасно дека Сандански и неговата група - веќе позната во Организацијата како "лево сандансистичко

21 Ibid., стр. 9 (подвл. К.Т.).

крило" – е основната пречка што оневозможува да се преземе ослободителното движење во кобуршки раце и дека санданистите за кратко време ќе ги разбијат извојуваните врховистички позиции во народот, штом попушти првиот бран на деморализацијата.

Затоа, истакнува Мито Хаџи Василев, кобуршкиот агентурски трио Сарафов – Гарванов – Хр. Матов пристапија кон организиран заговор за убиство на Сандански и други револуционери. Едновремено со тоа, тие и натаму испраќаат чети во Серскиот округ за провоцирање на властите и за дезорганизација и дезорентација на народот. Серскиот окружен комитет на чело со Сандански ги осуди на смрт Сарафова и Гарванова за оваа подновена дејност против интересите на Организацијата и македонскиот народ. По пресудата, која ја изврши во Софија Тодор Паница во 1907 година, официјалниот дворски бугарски печат и сите врховистички весници во Македонија отпочнаа бесна кампања со цел да го дискредитираат санданистичкото движење како збирштина на бескрупулозни терористи и убијци, на "расколници" и "цепачи" на Организацијата, кои сакале Организацијата да ја изместат од здравите "традиционални основи", занесувајќи се со некакви "утописки реформи" и "еволуирања"...

Во отворените писма на Серскиот оркужен комитет за одбрана на вистинските принципи на Организацијата, Сандански подвлекува дека меѓу него и врховистите постојат "принципиелни разлилчија", кои не се никаква "апстракција", туку нивната суштина е во тоа што сарафовската врховистичка група, "нарушувајќи ги организационите принципи", создава и создаде друга – не револуционерна, ами бугарска национална пропаганда". "...Една револуционерна организација – вели Сандански во првото отворено писмо – ќе може да го оправда своето постоење ако смета предимно на

своите сопствени сили и ако го насочува развитокот на борбата што ја води со чисто револуционерни средства."[22]

За разлика од врховистичкото становиште на Христо Матов, кој автономниот принцип, и воопшто самостојноста на нашето движење во однос на Бугарија, ги толкуваше само како форма зад која се крие вистинската цел - "подоцнежното присоединување кон Бугарија", Сандански истапува со друго становиште: "...Ако за нас е безразлично дали ќе следи присоединување, тогаш уште отсега произлегува да прекинеме со нашата дејност; да ја премавнемо секоја револуционерна организација и да им препуштиме сè на бугарските агенти и владици." Затоа, вели Сандански, политиката на завојување од страна на Бугарија, "еднаква со онаа на Србија и Грција, безусловно ни налага да го определиме нашиот однос како кон туѓа непријателска сила".[23]

Така Јаневата автономна Македонија, истакнува Мито Хаџи Василев, е насочена и против бугарските апетити; за разлика од врховистите, таа има за цел стварно ослободување на Македонија,а не нејзино подоцнежно присоединување кон Бугарија, чиј, како вели самиот Сандански, "единствен идеал е економското потчинување на 'слободна Македонија'". Сандански ја разви тезата дека е погубно за македонското население македонското прашање да се третира во смисла на национално обединување на Бугарите.

[22] Јане Сандански гради мошне модерна концепција на една револуционерна политичка организација. Револуцијата како промена врз сопствените противречности не е суштински можна како опирање врз туѓи сили. Истовремено, средствата на револуционерната дејност и промена не се само идејни, туку и политички - организацијата, власта и др.

[23] Не случајно, истакнува Мито Хаџи Василев, сандансистите се наречени од врховистите "чудовишта што ја застрашуваат велика Бугарија". Ibid.. стр. 19.

Неговиот заклучок, истакнуваат современиците на Сандански, беше дека сите што агитираат било во Македонија, било надвор од неа врз основата: ослободување и обединување на Бугарите – треба да бидат непријателски пресретнати од ВМРО, така како што се пресретнуваат српските и грчките агитации и чети. Сандански инсистира да се работи врз продлабочувањето на свеста во масите дека се тие самостоен народ, дека имаат право на слободен живот и дека треба да се борат за извојување на својата слобода без да се опираат врз туѓата помош, зашто тие што би дошле да го ослободат, ќе дојдат, всушност, да го заробат. Јасно е од ова, вели Мито Хаџи Василев, врз каква основа Сандански го развива своето движење и од каде произлегува неговата остра упорност и непомирливост во борбата против великобугарските врховистички агенти.[24]

Притоа Сандански го согледува интегралното значење на смислата на борбата за ослободување. Тој е еден од иницијаторите за засилување на дејноста на Организацијата на полето на културно-просветното издигање на масите. "Тој јасно согледува, пишува Мито Хаџи Василев, дека е нужно не само вооружување на народот, зацврстување на неговата борбена дисциплина со немилосрден однос кон секое предавство, туку дека е потребна, заедно

[24] В. ibid., стр. 11-12. Мито Хаџи Василев истакнува дека ова е особено важно да се истакне кога се зборува за националноослободителните борби на македонскиот народ во минатото, "зашто денеска и великобугарите од редовите на БКП сакаат да го оспорат националниот македонски карактер на тие борби за да ја фрлат во архива македонската нација и за да ги оправдаат своите претензии над Македонија, служејќи се во тоа со аргументот дека божем Сандански никако не сакал да се одделува од бугарскиот народ, т.е. од заедничкиот живот со него, дека Сандански зборувал и знаел само за бугарски јазик, па, според тоа, се чувствувал Бугарин и сл." В. за ова и во статијата Два пленума на ЦК БРП(к) по македонското прашање, "Нова Македонија", 7.IX 1948, бр. 1140.

со политичката агитација и организационо средување, едновремено и упорна борба за отстранување на тешката вековна заостанатост, за отстранување на назадните идеи што ја сковуваат свеста на масите во суеверен страв пред секоја новина во животот и слично".[25] Во вакavата дејност на Сандански, вели Мито Хаџи Василев, доаѓаат до израз неговите грижи за народот, сфаќањето не само на конкретните потреби и задачи на револуционерната борба, туку и на перспективите за изменување на животот на масите како резултат на победоносното востание, на перспективите за уништување на вековното наследство од примитивизам и скотски живот лишен од основните културни придобивки на човекот.

Сандански, исто така, ја активира Организацијата и на економско поле. Тој не се задоволува со тоа да ја олесни положбата на чифлигарската раја што ќе казни некој чифликчија и што под притисок од терор ќе ги присили другите на послушност, т.е. на почовечко однесување кон бездушно експлоатираните селани. Кај Сандански созрева мислата во јасен став, вели Мито Хаџи Василев, дека и прашањето за земјата е основна парола врз која треба да

---

[25] Ibid., стр. 12-13. Мито Хаџи Василев го наведува окружното писмо што, со потпис на Сандански, е читано по мелничките села: "...Управата на реонот, гледајќи дека се противни на духот на Организацијата - како дивјачкото однесување на татковците кон ќерките и продавањето на последните како добиток, така и грубите однесувања на мажите кон нивните жени, а исто така и расипништвото на пари за сосем бесполезни дарови при годеж и свадба - ги повикува родителите да не ги мажат ќерките насила, т.е. женидбите да стануваат по меѓусебна согласност и љубов меѓу момчето и момата, да не се земаат никакви пари од момчето... Тие што не ќе се потчинат на оваа наредба ќе бидат казнети..." Во ова окружно писмо, натаму, се повикуваат десетарите "да земат сериозни мерки против нечистотијата што владее речиси во секоја селска куќа".

се врши мобилизација на чифлигарските маси во борбата против султанскиот апсолутизам и воопшто против турското ропство. Кај него созрева барањето "земјата да се даде на оној што ја обработува", т.е. барањето за отворена борба против феудалните односи во селото.

Аграрното прашање, барањето да се задоволи потребата на безимотните чифлигари за земја, претставуваше едно од основните барања на Сандански во младотурската револуција и основа за неговото соработување со младотурското движење. "Младотурската револуција од 1908 година, пишува Мито Хаџи Василев, ја доведе до потполн израз реалноста на паролата за автономијата на Македонија во рамките на Турција, за која се бореше уште Гоце Делчев како за најблиска цел на движењето. Меѓутоа, Гоце за остварувањето на оваа автономија сметаше, пред сѐ, да изврши притисок на турската влада со востание на нашиот народ и со евентуална интервенција врз таа основа од големите сили. Гоце проповедаше заедничка борба со аргатското турско население, но тој притоа повеќе ја имаше предвид неговата неутралност за случај на востание на Македонците, одошто ја имаше непосредната перспектива за стварен револуционерен сојуз, т.е. за поткрепа од внатрешна турска револуционерна сила, која во негово време не даваше никакви знаци оти се разбудува. Илинденското востание помогна за раздвижувањето на овие внатрешни сили во Турција. Создаденото младотурско движење во подоцнежниот период се јавува токму оној нужен внатрешен фактор на кој можеше да се потпира движењето на нашиот народ во борба за демократизирање на Турција, односно за решавање на националното прашање со нејзино федеративно устројство. Задача на нашето движење во овие услови беше да се развие во моќен фактор во конституциона Турција, кој ќе врши постојана

пресија над младотурците против половичноста на револуцијата, а за нејзино доведување докрај и за разрешување, во тој ред, и на македонското прашање. За ова беше нужно да се изработи јасна платформа на движењето, а едновремено и организационо да се реорганизира сходно условите за исползување на легалните форми на борба. Тоа го бараа и нашите маси, на кои веќе им беше дотегнато изродениот четнички институт и сите врзани за него давачки што паѓаа врз нивен грб."[26]

Се покажа на видело, вели Мито Хаџи Василев, потребата да се спроведе на дело што што Сандански го предвидува во своето второ отворено писмо, а имено: "Современата опстановка на македонското прашање во основа не претставува лесно разрешлива задача, ами, напротив, повелителна е нуждата од едно подлабоко проникнување и сестрано изучување на суштноста и смислата на револуционерното движење. Напразно реакционерите испаѓаат вон од себе од секое новаторство и критичко однесување кон дадената стварност, напразно ги употребуваат сите средства да се противстават на неизбежниот процес на еволуирање. Тие методично ја исполнуваат улогата на Бугарија, која со своите егоистички домогнувања ѝ го одзеде најдрагоценото време на Организацијата и ја туркаше во внатрешни борби за да ѝ пречи на нејзиното засилување и слободен развиток."

Сандански неодложно пристапува кон оваа задача. Пред сѐ, лишен од секој шовинизам и тесноградост, тој јасно гледа дека натамошното раздвижување на турските маси и масите на другите национално поробени народи - во цврст сојуз и заедничка борба претставува основен услов за демократизација на Турција, а со тоа - и основен фактор за решавањето и на националното прашање,

---

[26] Ibid., стр. 14

истакнува Мито Хаџи Василев. "Затоа ова раздвижување и заедничка борба ги поставува како најблиска цел, која ќе се оствари под знамето на федеративно демократско устројство на Турција, како основно барање на движењето, кон која тоа ќе се стреми со секојдневна борба под пароли блиски на работните маси, како што се - земјата на чифлигарите и др. За остварувањето на оваа цел Сандански сознаваше дека треба да се кове ново оружје што ќе соодветствува на новите услови, што ќе дава достаточно широки основи за борбена политичка мобилизација на м а с и т е во општествениот живот на Турција. Организацијата, онаква каква што беше создадена од Гоце Делчев, оправдана во тие услови кога движењето не можеше да смета на никаква поддршка во самата Турција и кога масите, во услови на тешка нелегалност, требаше да се подготвуваат за внатрешно востание како основна цел - веќе претставуваше за новите услови изживеана форма. Таа - единството на масите, сепак, објективно го налагаше во извесна мера со својот четнички институт; нејзината активност повеќе се изразуваше како дејност на четите одошто како широко политичко секојдневно движење на масите; во неа политичката работа повеќе израснуваше од еден вид создавана воена организација одошто првата беше претпоставка за втората."[27]

Поврзувајќи го, по младотурската револуција, решавањето на македонското прашање со прашањето на другите поробени народи во Турција и со движењето на турските маси, Сандански мораше да изгради нова основа на Организацијата, зашто "базата на оваа со работка не можеше да биде вооружената тесно поставена четничка активност, ами најширокото движење и отворената политичка актив ност на самите маси, кои ќе дејствуваат секојдневно како моќен

[27] Ibid., стр. 16 (подвл. К.Т.).

субјективен политички фактор, а не, како дотогаш, да претставуваат само пасивно население чија задача се состои во тоа да им укажува помала или поголема поддршка на четите - дури не дојде моментот за востание, кога наеднаш да се пројави како субјективен револуционерен фактор."[28]

На оваа цел - на создавањето на масовно движење со нови организациони основи, подредени се напорите на Сандански за оформувањето на аграрно движење во масите, за изградувањето на Народната федеративна партија, за широката мобилизација на масите во изборните борби, за создавањето на разгранет печат, за создавањето професионални организации (како, на пример, на учителите), за преземањето однатре егзархискиот институт и подредувањето на неговата дејност на интересите на народот, итн.

Притоа, укажува Мито Хаџи Василев, и покрај сета работа во оваа насока, будно го чуваше револуционерниот карактер на движењето и решително им се спротивстави на сите обиди на младотурците да го разоружаат македонскиот народ, да му го одземат со толку тешкотии набавеното оружје.

Основните принципи на политичката линија на Јане Сандански се изложени во програмата на Народната федеративна партија. Таа ги истакнува своите цели да се бори за тоа:

- врховната власт да му припаѓа на народот;

- да се премавнат сите национални и класни привилегии и да се даде право на секоја националност да се организира и самоопредели;

- да им се даде обласна самоуправа одделно на Македо-,

---

28 Ibid.

нија, на Албанија, Ерменија, Арабија и др.;

- да им се даде земјата на чифлигарите;

- да се измени од корен даночниот систем врз основа на прогресивно оданочување;

- да се даде бесплатно задолжително основно образование, итн.

Младотурскиот режим, меѓутоа, се покажа на дело неспособен да ги спроведе ветуваните реформи: и покрај извесни покушнија, продолжуваше да ги брани феудалните односи на село, одбиваше да им даде автономија на поробените народности и, сосема природно, вели Мито Хаџи Василев, не беше во состојба да ја одржи поддршката на масите за себе. "Младотурците не сакаа, исто така, да видат дека балканските монархистички клики, заплашени од демократизирањето и преродувањето на Турција, се готвеа усилено за војна, како би го решиле прашањето за своите аспирации, и дека таквата внатрешна политика на режимот може, при тој случај, да ѝ нанесе само штета на самата Турција и на народите во неа. Сандански, кој непомирливо се бореше против таканаречените конституциони клубови што ги создаваа во Македонија бугарските, српските и грчките завојувачи, а со цел да ја предизвикаат и компромитираат младотурската власт со провокативна активност, за да ја распалат уште повеќе анархијата и, од друга страна, да ја оправдаат својата интервенција - јасно ја гледаше оваа опасност и завојувачка игра околу Македонија. Но тој не можеше сето тоа да го предодврати."[29]

Кога започна Балканската војна, "гледајќи го јасно нејзиниот резултат - пишува Мито Хаџи Василев - Сандански се прик-

[29] Ibid., стр. 17.

лони кон помалото зло, и со своите чети и вооружениот народ зеде активно учество на страната на сојузните балкански држави. Неговата парола веднаш станува одделна самоуправна Македонија во федерација на балканските народи, што беше единствено барање во таа ситуација, макар и непосредно неостварливо со оглед на тоа што војната ја водеа балканските монархистички завојувачки клики и што во соседните народи не постоеја такви сили што би можеле да наложат еден потполн демократски излез од победата над Турција."[30]

Од балканските војни, Македонија излезе распокината на три дела, со нов ропски јарем врз својот грб, истакнува Мито Хаџи Василев. Кога по една година отпочна Првата империјалистичка војна, во која Бугарија се готвеше да војува на страната на централните сили, Сандански пристапи кон сондирање на мислење со раководствата на разните опозициони и буржоаски демократски партии за организирање на заедничка борба за сргнување од власта на Фердинанд и неговата монархистичка клика, за прогласување на Бугарија за република. "Несомнено - вели Мито Хаџи Василев - дека Сандански стоеше пред задачата да изработи самостоен став на македонскиот народ во таа војна и да застане на чело на едно движење во Македонија кое ќе ги застапува интересите на македонскиот народ пред демократските револуционерни сили од Балканот, кои исто така правеа обиди да ги решат низ војната основните прашања на своите народи."[31]

Фердинанд ја спречи оваа опасност, "организирајќи го по трет пат убиството на Сандански, кое - за несреќа на нашиот на-

---

[30] Ibid. (подвл. К.Т.).

[31] Ibid., стр. 18 (подвл. К.Т.).

род - успеа да го оствари".[32]

Мито Хаџи Василев го оценува делото на Сандански како "нова, односно втора етапа во развитокот на нашето национално движење до Првата светска империјалистичка војна. Санданистичкото движење, истакнува тој, е нераскинливо врзано со сета претходна дејност на Гоцевата ВМРО и тоа израснува врз нејзината основа, имено - како доследно, бескомпромисно продолжување на политиката и целите што ги постави Гоце, но, од друга страна, тоа, сепак, се оформува и како нов чекор напред во доизјаснувањето и развивањето на суштноста и формите на борбата на нашиот народ во изменетите услови..."[33]

Во овој период, како што вели Ѓорче Петров, на обосебување на Македонија како самостојна морална единица, Сандански претставува етапа во која нашето революционерно движење ги напушта, како веќе непогодни, традиционалните организациони основи на ВМРО, за кои, пак, во негово време - не случајно, вели Мито Хаџи Василев - особено упорно се држат врховистите. Тоа е етапа во која натаму се развива политичкиот и организациониот

[32] Великобугарската Фердинандова политика особено со физичко истребување на раководните дејци на македонското движење се обидуваше "да го обезглави нашиот народ, да го дезорганизира и уништи неговото самостојно движење, односно да го подреди на своите поробувачки цели" (в. ibid., стр. 5; 18). Како жртви паднаа Сандански, Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров и стотици други борци од нашето илинденско и поилинденско револуционерно движење. В. за ова и во студијата Значењето и местото на ВМРО (Обединета) и Мајскиот манифест во македонското револуционерно движење, во книгата "Мајскиот манифест и декларацијата на ВМРО (Обединета)", Скопје 1948, стр. 37-38.

[33] Јане Сандански - втора етапа..., op. cit., стр. 18 (подвл. К.Т.).

демократизам на движењето, етапа во која македонското прашање се извлекува од состојба на изолираност и се поврзува со прашањата на другите поробени народности на Турција, како и со движењето на турските маси. Тоа е уште потесно сврзување на националното движење и неговите проблеми со идеологијата на социјалистите, истакнува Мито Хаџи Василев. "Земено во крајна линија, сандонистичкото движење е објективен, наложен од стварноста, процес на подготвување на идеолошката и организациона хегемонија на социјалистичкото работничко движење во националноослободителното движење на нашите маси, што и стана неизбежно по Првата империјалистичка војна, поточно - по Великата октомвриска револуција, кога работничкото движење на Балканот огромно порасна под раководството на комунистичките партии."[34]

Со тоа објективно е воспоставен историски мост, истакнува Мито Хаџи Василев, меѓу нашето револуционерно минато и нашата сегашна револуционерна социјалистичка стварност. Затоа, како лик на бескомпромисен борец, организатор и стратег на нашето револуционерно движење, бескрајно предан на вистинското народно дело - Сандански е за нас, вели Мито Хаџи Василев, "наше позитивно историско наследство, сопствено дело на нашиот народ, неодвоива и неотуѓива револуционерна подготовка во развојниот пат на борбените напори на народот до извојувањето на конечната победа".[35]

---

[34] Ibid.,стр. 19.

[35] Ibid.,стр. 5-6 (подвл. К.Т.).

## ВМРО (Обединета) - историска заблуда на една политичка линија

ВМРО (Обединета) не е случајна и без значење појава во развитокот на македонското револуционерно движење од минатото, колку таа и да не успеа да се разрасне како организација по сите краишта на Македонија и макар што нејзините принципи не беа од толку долг век на македонската сцена, вели Мито Хаџи Василев. - Таа има свое значење поради тоа што се појавува и дејствува во време кое нужно бараше поставување на нашето национално прашање врз нови основи, кое бараше нова раководна сила во народното движење и налагаше решителна пресвртница во борбените напори на масите со оглед на новите услови на Балканот создадени како резултат на Првата светска војна, со оглед на новиот фактор во меѓународниот живот создаден со Октомвриската револуција и со оглед на јакнењето во балканските земји - на силата и борбата на работничката класа под раководство на комунистичките партии.[36]

Во оваа смисла, Мито Хаџи Василев појавата на ВМРО (Обединета) ја согледува во контекстот на внатрешните развојни процеси, со кои беа опфатени масите на македонскиот народ како

[36] В. Значењето и местото на ВМРО (Обединета) и Мајскиот манифест во македонското революционерно движење, во книгата "Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (Обединета), Скопје 1948, стр. 34-35 (подвл. К.Т.). Со овој текст, кој претставува поговор кон книгата во која се објавени документите на ВМРО (Об.) Мито Хаџи Василев, како што вели, прави обид да го "најде вистинското место" на оваа организација "во напорите на нашиот народ за национална слобода и своја државност".

резултат на сите оние промени и настани што ги донесе светската војна, кои своевидно се одразија и врз состојбите во неговото движење.

"...По Илинденското востание, пишува Мито Хаџи Василев, првобитната ВМРО изживуваше тешка криза, настаната не само како резултат на поразот, но и како резултат на тоа што во повеќето организации, како и меѓу пораснатата, по востанието, емиграција во Бугарија, упорно надираа и преовладуваа сѐ повеќе врховистите и врховистичките идеи, за кои поразот беше удобен терен за разбивање на вербата кај активистите и масите во своите сопствени револуционерни сили...[37] Балканските војни... и крвавењето на балканските народи до 1918 година во слава на империјалистите и поробителските апетити на своите кругови од власта - внесе потполна дезорганизација во македонското движење. Сандански, кој претставуваше опасност за создавање на самостоен став на македонскиот народ во избувнатата војна, беше убиен 1915 година од фердинандовската клика и нејзините македонски агенти. Клањето во Македонија од војските на балканските државички, веќе според тоа како која идеше на ред да окупира нејзини делови, и активноста на одделни врховизирани организации во војната како предни одреди на Фердинанда - доведе до таква положба што ВМРО на поголемиот дел од теренот фактички престана да постои како организирана сила во масите. Таа веќе беше силно компромитирана. Масите, нештедени ни порано, по востанието, од теророт на нејзиното десно, врховистичко крило -

---

[37] Единствен силен обид "да го спаси движењето, да го развие натаму во новите услови, поставувајќи му нови задачи со оглед на вриењето во сама Турција - беше, пишува Мито Хаџи Василев, дејноста на крилото на Јане Сандански".

во војните го почувствуваа врз себе уште повеќе ова оружје на бугарскиот окупатор... за клање и истребување на сè она меѓу Македонците што не се согласуваше во великобугарската идеја за присоединување на цела Македонија кон Бугарија. Двете крила на Организацијата - левото, федералистичкото, и десното, врховистичкото - постоеја меѓу емиграцијата и идејно збираа по извесен број дејци од движењето, но ниту едно веќе на теренот не располагаше со свои солидни мрежи на организации на кои би можеле да се потпрат."[38]

Меѓутоа, иако ВМРО како револуционерна сила престана да постои во сите делови на Македонија, тоа не им пречеше на раководителите на десницата од оваа организација - да шпекулираат со ВМРО во интерес на бугарската завојувачка политика. Водачите на десното, врховистичкото крило Александров и Протогеров се поврзуваат со превратничката офицерска "Воена лига", бидејќи на бугарскиот двор му беше потребно старото испробано оружје за разрешување на внатрешните прашања во своја полза. Александров и Протогеров пристапуваат кон возобновување на својата терористичка организација со методи на терор, застрашување и убиства, пишува Мито Хаџи Василев. Организацијата ја нарекоа "автономистичка", а се снабдуваше со оружје од војската.

Меѓутоа, терористичката дејност на оваа организација и нејзиното "лакејствување на бугарската реакција",[39] ја доведе

---

[38] Ibid., стр. 38-39 (подвл. К.Т.).

[39] Ibid., стр. 40-41. Мито Хаџи Василев потсетува дека овие го искористија случајот во 9-то јунскиот преврат 1923 година да спроведат клање над земјоделци, комунисти и чесни македонски дејци не само низ Пиринска Македонија, туку и по градо-

нев во судир со добар дел од чесната македонска емиграција, групирана во Илинденската организација, како и со припадниците на левицата од поилинденската ВМРО, со Македонската федеративна организација. Ваквата нејзина активност дури предизвика судир и во нејзиниот ЦК, меѓу П. Чаулев, од една, и Александров и Протогеров, од друга страна. Чаулев побара отргнување од политиката на бугарскиот двор и влада и влевање на македонското револуционерно движење во единствениот балкански револуционерен фронт "на национално поробените народи и угнетените класи". Александров, чувствувајќи дека над неговата ВМРО е надвисната опасност од разбивање и изолација, како и опасност, вели Мито Хаџи Василев, од создавање на движење на народот во кое тој не ќе има никакви позици, се "приклонува да прави обиди за спогодување со Чаулев за на некаков начин да ја стабилизира политички положбата на својата организација меѓу масите и меѓу луѓето од прогресивното лево крило, кои беа многу поблиски до народот".[40]

Од овој обид, како резултат на преговорите водени со Чаулев, како и со други дејци на македонското движење, се појавува "новата ориентација" на ВМРО - ВМРО (Обединета), која значи обединување на сите групи и поединци на македонското движење.[41] Основните линии на "новата ориентација" на ВМРО - објавени во нејзините документи - се во тоа што Александров и Протогеров се откажуваат од својот автономистички принцип

---

вите на Бугарија. Тие, исто така, го искористија Септемвриското востание на работниците и селаните (1923 година) за нови клања.

[40] Ibid., стр. 41.

[41] За текот на преговорите и за документите донесени тогаш, в. ibid., стр. 34-39.

(зад кој се крие великобугарското разбирање на македонското прашање како бугарско државно прашање) и од барањето за присоединување на целокупна Македонија кон "мајка" Бугарија. Тоа значеше, вели Мито Хаџи Василев, раскинување со политиката што ВМРО "ја претвори во оружје на бугарскиот двор и на неговите империјалистички апетити, а прифаќање на позициите на самостојноста и независноста на македонското револуционерно движење, за остварување на обединета и независна Македонија во една федерација на балканските народи".[42] За извојување на оваа цел, ВМРО се задолжува да води борба против поробителските балкански влади, создавајќи единствен револуционерен фронт на македонскиот народ, кој ќе бара соработување и помош од единствениот балкански револуционерен фронт, од - како што се вели во Манифестот - "национал-револуционерните и социјал-револуционерните движења". Таа ќе бара, исти така, и поткрепа од СССР.[43]

---

[42] Ibid., стр. 37.

[43] Меѓутоа, веќе обнародувањето на принципите на оваа политичка линија ја покажа илузорноста на вака создадениот "сојуз". Имено, ни цели десет дена по објавувањето на Манифестот на ВМРО (Об.) двајцата членови на ЦК-потписници на документите - Тодор Александров и генерал Протогеров се откажаа од овие принципи со една своја декларација, тврдејќи дека тие не потпишале никаков Манифест ниту други слични документи, и дека сето тоа просто "мистификација" и "дело на емигрирани комунисти". Александров и Протогеров, вели Мито Хаџи Василев, "овој отказ не го дадоа просто како 'страшливци' стеснети од заплашувањата и натисокот на бугарската влада. Тие, всушност, како долгогодишни агенти и оружје на бугарскиот двор и неговата политика, не можеа и не мислеа да ги отфрлат така реско своите стари позиции, меѓу другото и поради тоа што од предавство на народните интереси не може да се направи скок во добродетел". Ibid., стр. 37-38 (подвл. Т.Т.).

Самата ВМРО (Об.) во своите документи тврди дека Александров пристапил кон "спогодување" притиснат од масите и нивниот отпор, што се одрази и кај некои негови луѓе и кај други чесни групи и поединци надвор од тоа движење. Меѓутоа, вели Мито Хаџи Василев, "оваа проценка на ВМРО (Об.), колку и да е точна и вистинита во еден пункт за причините што го присилија Александров на отстапки, сепак е мошне еднострана. Таа испушта од предвид дека масите не се одвојуваа од 'традиционалната' ВМРО, која на Александров му беше само прикритие за неговата противмакедонска политика - само поради тоа што растеше нивното незадоволство од таа политика, но дотолку повеќе и поради тоа што врз нив изврши свое влијание Октомвриската револуција, како и нараснатите работнички движења во балканските земји. Токму овие причини ги турнаа кон ВМРО (Об.) не само Александров, но, од друга страна, и сите други нејзини искрени дејци и иницијатори".[44]

Всушност, истакнува Мито Хаџи Василев, се покажа дека македонските народни маси многу брзо се снајдоа во новата положба и почнаа да гравитираат кон новите набујали револуционерни сили на Балканот, "напуштајќи ги застарените принципи и старите водачи, биле тие оцапани и компромитирани како убијци на својот народ, или пак чесни, но очито неспособни да ги сфатат развојните процеси и новите барања на борбата".[45] Македонските работни маси 1920 година испратија во Белградската народна скупштина од вкупно 23 пратеника - 17 комунисти, во Пиринска Македонија 1923 година дадоа свој глас за пет комунисти и земјоделци од вкупно седум пратеници (а во 1926 година

---

[44] Ibid., стр. 42 (подвл. К.Т.).

[45] Ibid., стр. 43 (подвл. К.Т.).

Егејска Македонија испрати во грчкиот парламент 7 пратеници--комунисти). "Овие резултати, пишува Мито Хаџи Василев, постигнати се против желбата и напорите на ВМРО, која спроведуваше клање по Македонија на земјоделци и комунисти. Тие се, исто така, постигнати и против политиката на еден дел од чесни револуционерни дејци групирани околу Илинденската организација, кои проповедаа таква 'самостојност' на движењето што потполно го исклучуваше 'мешањето на Македонците во внатрешните работи на Бугарија'... Гласањето на масите за комунистите... укажува на оној процес во кој масите беа вовлечени по Светската војна, поточно по Великата октомвриска социјалистичка револуција. Работните луѓе на Македонија ја чувствуваа сред себеси веќе нараснатата сила на работничката класа, се ориентираа во својата борба кон неа како кон раководен фактор и длабеа јаз меѓу себе и своите нови (иако сѐ уште не сосем јасно формулирани) позиции на национална борба, од една страна, и - обидите на ВМРО од друга, која се создаваше со сила на терор, и тоа како оружје токму за борба против тие демократски сили и тие нови барања зад кои масите застануваа се поцврсто".[46]

Така основната оценка на Мито Хаџи Василев за историските околности во кои настана ВМРО (Об.) укажува на тоа дека новиот развиток на Балканот предизвикуваше "процес на нужно разлагање на старите движења, на старите организациони форми и на старото поставување на националните прашања. Тоа беше едновремено и процес на распаѓање и изживување кај масите воопшто на 'традиционалната' ВМРО, а дотолку повеќе на Александровата ВМРО ставена во служба на бугарскиот двор. Масите и новото движење што израснуваше - се развиваа во овие услови, ис-

[46] Ibid., стр. 43-44 (подвл. К.Т.).

тaкнува Мито Хаџи Василев, мимо постојните организации а по свој одделен пат, и дури привлекуваат кон себе групи и поединци од тие организации."[47]

Великата Октомвриска револуција не можеше, истакнува Мито Хаџи Василев, да не изврши влијание и врз македонското револуционерно движење, особено со оглед на порастот на револуционерните сили на балканската работничка класа. Не можеше да не открие пред масите нови перспективи за националните движења, да не укаже на новите основи врз кои треба да се постави националното прашање, како и на новите сили што мораат и можат единствено доследно и правилно да раководат со движењето за да се постигне успех во борбата. Масите на македонскиот народ - особено во Вардарска Македонија и особено под влијанието на КПЈ - почнаа да го сфаќаат ова, вели Мито Хаџи Василев, и да се подредуваат под знамето на комунистичките партии, зашто во нив "наминовно созреваше мислата за ново движење под раководството на работничката класа, за движење во рамките на веќе создадените постојни држави, а за овладување на положбата во тие држави преку поддршка на еден народ на друг. Овој развосн пресвртнички процес - укажува Мито Хаџи Василев - во низините на народот вршеше огромен притисок врз целото дотогашно движење и над неговите претставници, како од старото лево, така и од десното крило."[48]

Сето ова, според Мито Хаџи Василев, е само почеток и "уште не значи дека нашиот народ во поголемиот дел бил потполно на јасно со овие нови перспективи, дека имал јасна слика ка-

---

[47] Ibid., стр. 44 (подвл. К.Т.).

[48] Ibid. (подвл. К.Т.).

ква форма низ овој процес ќе добие неговото движење, какви најблиски и подалечни цели ќе исфрли како свои основни пароли итн. Но пресвртницата е јасна. Јасно е инстинктивното чувство дека се раскрстува со старите патишта и практика, дека минува она време кога неговите напори беа исползувани преку извесни групи од старото движење како оружје на против-македонска и против-балканска политика. Кога работните маси гласаа за комунистите - кај нив можеби сè уште немаше јасно разработена програма за своe национално движење под раководството на комунистичките партии, но тие објективно пристапија кон тој пат, тие им дадоа доверба на комунистичките партии - и тие гледаа во нив сила под чие знаме можат да застанат сигурни во својата победа."[49].

Изнесувајќи го својот став за односот на масите и политиката, Мито Хаџи Василев пишува: "...Ориентацијата на поробените македонски маси кон комунистичките партии ги задолжуваше овие партии од трите балкански земји - чесно и јасно, односно правилно-револуционерно да го постават македонското национално прашање и да поведат смела борба за неговото најправилно разрешување. Од ова зависеше и фактот до која мера македонскиот народ ќе стане сојузник преку својата националноослободителна борба на работничкото движење во секоја една од овие земји. Историски необорив е фактот дека одлучно најдоследно и најправилно го постави и разреши ова прашање токму КПЈ."[50]

Со желба, во ваквата констелација, да не останат пасивни, изолирани од масите, "кои што се откинуваат од старото и бараат ново", разните струи во старото македонско движење - за-

[49] Ibid., стр. 45 (подвл. К.Т.).

[50] Ibid. (подвл. К.Т.).

паднато, особено меѓу 1910 и 1924 година, во тешка криза (во којашто сандашистите беа единствено светла точка) - се обединија околу "новата линија", во ВМРО (Об.), мислејќи дека со тоа ќе извршат нужна пресвртница во движењето и ќе му дадат јасно формулирана нова платформа на народот на тој начин, вели Мито Хаџи Василев, што ќе ги одредат новите патишта, новите цели, новите сојузници на револуционерното движење на Македонија. Затоа ВМРО (Об.), истакнува Мито Хаџи Василев, претставува пресврт на еден дел од старото революционерно движење и на еден дел од масите под неговото влијание (и тоа особено од емиграцијата и од Пиринска Македонија) кон нови колосеци - со оглед на барањата на времето, со оглед на оваа нова ориентација на масите, меѓу кои комунистичките партии веќе создаваа свои цврсти позиции.[51]

"Независно од тоа што мислеле нејзините искрени иницијатори (на пример, како тие преку неа се јавуваат единствени раководители на целиот македонски народ во име на Независна Македонија и Балканска федерација, како тие народот го преведуваат на нови позиции, и слично) - всушност, пишува Мито Хаџи Василев, ВМРО (Об.) објективно-историски останува само форма во којашто еден, и тоа најчесен и навистина револуционерен дел од нашето старо движење, изврши постапен развиток од старите принципи до позициите на современото револуционерно национално-демократско движење на нашиот народ на чело со работничката класа, а под раководството на КП. Додека огромното мнозинство на народните маси, предимно во Вардарска Македонија, го извршија овој преод директно и под непосредно раководство на КПЈ,

---

[51] В.ibid., стр. 35; 46.

и тоа доста брзо, на дејците од ВМРО (Об.) им беше нужен цел еден период на работа врз основа на принципи кои претставуваат само половина пат меѓу старото и новото, за да го совладаат докрај старото и да преминат сосем на новото."[52]

ВМРО (Об.) имаше краток век. "Луѓето што беа во неа, вели Мито Хаџи Василев, доколку не се пасивизираа, минаа логично во натамошниот свој развиток – на позициите на движењето што се раководеше од КП. Значи, не народот пријде кон ВМРО (Об.) – во таков случај тоа не би пропаднало макар какви удари ја снашле – туку многу дејци од неа минаа на уште посолидни позиции, директно на позициите на комунистичките партии, т.е. – од симпатии кон КП до активност на комунисти."[53]

Оценувајќи ја дејноста и значењето на ВМРО (Об.), Мито Хаџи Василев ќе истакне дека позитивното и прогресивното во ВМРО (Об.) е во напорите на еден дел од нашето движење (главно од емиграцијата), кој остана верен на народните интереси, да изврши обединување на внатрешните сили од бившото револуционерно движење, него да го возобнови врз нови основи, насочувајќи ја активноста на организацијата кон создавање на едно широко масовно движење на народот потпрено врз нови сојузници. Меѓутоа, ВМРО (Об.) не успеа да ги збере најшироките маси, да ја добие нивната поддршка и под свое знаме да се разрасне во широко народно движење. "Тоа е и единствената причина за нејзината 'смрт'", ќе каже децидно Мито Хаџи Василев. Единствената заслуга на ВМРО (Об.) тој ја согледува само во тоа што таа

---

52 Ibid., стр. 47 (подвл. К.Т.).

53 Ibid.

изврши дотолку обединување на извесни сили од старото движење, што ги спаси од пасивност или изродување во непријателска дејност - тогаш кога тие сѐ уште не можеа да се искубат потполно од рамките на старото, односно да го разберат и прифатат доследно докрај новото.[54]

Но, тука тој ја согледува едновремено и нејзината противречност. "Ова скршнување од старото кон новото, таа го врши преку еден, за народот неприемлив во основа - компромис меѓу елементи од едното и другото. Во тоа треба, истакнува Мито Хаџи Василев, да се бара и основата за одвоеноста на ВМРО (Об.) од широките маси. Сите основни принципи на ВМРО (Об.) болуваа од овој компромис, од опасната позиција на стоење по средина... Во тоа 1) како го постави движењето, 2) какви цели му постави и 3) какви патишта и сојузници му одреди (што Мито Хаџи Василев ги смета за три услова на едно политичко движење), ВМРО (Об.), таква каква што беше создадена, правеше компромис меѓу старото и новото, кој ја откинува објективно од вистинските интереси на народот и покрај сета нејзина лева ориентација, што не можеше, а да не води кон изолација од масите."[55]

1) ВМРО (Об.), истакнува Мито Хаџи Василев во оваа анализа, го поставува македонското прашање не како македонско национално прашање, туку исклучиво како политичко прашање, лишено од стварната македонска национална содржина. Во нејзиното раководство преовладува став дека Македонците по народност се "Бугари".[56]

---

[54] В. ibid., стр. 47-48.

[55] Ibid., стр. 48 (подвл. К.Т.).

[56] Мито Хаџи Василев укажува дека ова се огледува во низа статии на весникот "Македонско дело" и во низа документи на

"Ова е о с н о в е н пункт на кој ВМРО (Об.) се отки нува и изолира од масите на народот. Таа не можеше а да не го плати ова свое становиште со сопствена гибел. Сфаќањето дека сме ние Бугари кои специфичните услови ги присилуваат да го решаваат прашањето за своето ослободување во едно второ швајцарско издание на Балканот - ја убива животната основа на македонскиот проблем, а имено националното прашање, и во склопот на балканскиот политички јазол го претвора нашиот проблем во вештачко политичко прашање. Ова, објективно, според својата основа в е л и к о б у г а р с к о е в а н г е л и е, не можеше да ги воодушеви масите од трите дела на Македонија за една ваква поставена 'национална' борба. Знамето на ВМРО (Об.) беше компромитирано уште од почетокот. По себе се разбира дека беа однапред осудени да останат јалови сите вакви недоносени обиди за создавање во Македонија ново, лево револуционерно 'национално' движење поставено уште од почетокот врз старата, десна, врховистичка слизгавица."[57] Така овој став на раководителите на ВМРО (Об.), "иако не се работи за свесно спроведување на великобугарски шовинизам" (макар што секогаш, вели Мито

---

Централниот комитет. "ВМРО (Об.) диференцирано подвлекува како во Македонија под Бугарија населението било експлоатирано, 'поробено' (во каква смисла?!), лишено од граѓански права и ис ползувано од бугарските империјалисти за остварување на своите поробувачки планови по однос на другите делови на Македонија. Но, од друга страна - сепак Македонците во Бугарија имале свои културни права, 'свој' бугарски јазик, и слично. А кога се зборува за Македонија во Југославија и Грција, се подвлекува дека во овие земји народот страдал уште и од денационализација и асимилација, дека во нив биле укинати за 'македонските Бугари' бугарските училишта итн." Ibid., стр. 48-49 (подвл. К.Т.). В, за ова, и ibid., стр. 53.

[57] Ibid., стр. 49 (подвл. К.Т.).

Хаџи Василев, тој почнува прво од искривувањето и фалсифицирањето на народносниот лик на Македонсците), објективно налива вода на великобугарскиот шовинизам, иако од друга страна му објавува јаросна војна.[58] Сфаќањето дека македонското прашање не е национално туку политичко - пишува Мито Хаџи Василев - "се јавува кај чесните македонски прогресивни дејци (повторувам - не е збор за убедените великобугарски шовинисти!) - токму како компромисен одраз во нивната свест на стварната иолизија меѓу која секогаш било вклештено старото движење, па и самите тие. Последниве нов не ја разрешуваат целосно определени на една или друга страна (или како Македонци или како великобугарски шовинисти), оми така, што со едната нога стојат на една, а со другата нога на втората позиција. Тогаш кога луѓето чесно се чувствуваат за македонски Бугари, а од друга страна, исто така, чесно стојат на позициите за ослободувањет на Македонија а не за нејзиното присоединување кон Бугарија - единствен излез за усогласување на оваа спротивност е тој да се прогласи македонското прашање за 'политичко'. Но, независн од тоа што се внесени во таквото поставување на прашањето искрени слободарски напори кои се разликуваат од содржината што великобугарите ја внесуваат во истото ова прашање - нерешенат фактички противречност, изникната врз основа на оваа колизија практично се изразува така што на една страна се руши великобугарскиот шовинизам додека од другата се подѕидува."[59]

---

[58] За изворот на овој став како резултат на упорната асимилација од страна на Бугарија, в. ibid., 49-52.

[59] Ibid., 52. Застапниците на ваквото становиште, вели Мито Хаџи Василев, чувствуваат дека постои одделно национално чувство на <u>народот</u>, "но кое сѐ уште не го усвоиле" (ibid., стр. 53). Ваквите карактеристични појави во историјата на на-

Збрката од разбирањата што постои во ВМРО (Об.) по прашањето за народноста на Македонците "најречито зборува за тоа дека нејзините дејци - што сѐ уште не го совладале докрај минатото во себе - чекорат напред кон народот кој ги испреварува, но со глава свртена назад".

Но, од документите на ВМРО (Об.) се гледа, пишува Мито Хаџи Василев, дека таа, иако ги декларира Македонците за "Бугари", сепак не е начисто со тоа прашање и не се решава со тој назив да излезе пред масите во еден таков документ каков што е Манифестот. И тоа не е, според Мито Хаџи Василев, некое тактизирање, наложено од некакви услови во кои е поставено на разрешување македонското прашање, туку нејасност на погледите. Но, "оваа неисчистеност на чувствата и поимите по ова прашање... ја оневозможи ВМРО (Об.) во масите на нашиот народ. Таа беше бессилна да ги прибере нив околу своето знаме затоа што беше бессилна да ги претвори во 'македонски Бугари'. Оставаше како единствен исход - и нејзините дејци да се почувствуваат како Македонци, доколку секој еден од нив стоеше верно на позициите на народот, или, задржувајќи ја старата своја позиција, да останат само обични леви фразери, кои немаат ништо заедничко со својот народ. И многумина минаа по единствениот пат токму тогаш кога под силата на народното движење раководено од КПЈ сфатија дека македонското прашање е национално

---

шето национално движење (а кои сакаат - вели Мито Хаџи Василев - да ги искористат великобугарските шовинисти за своите прикриени аспирации), јасно, според Мито Хаџи Василев, зборуваат за "особеностите на тешкиот процес на национален развиток на нашиот народ (на кого што најмногу тешкотии во тој однос му создаде токму бугарската завојувачка, денационализаторска и асимилаторска политика)". Ibid., стр. 54 (подвл. К.Т.).

а не 'политичко'."[60] Затоа Мито Хаџи Василев ќе заклучи дека поставувајќи го прашањето за ослободување на нашиот народ вака наопаку, ВМРО (Об.) како таква јс загуби и последната објективна можност за да ја оствари и онака илузорната цел за организирање на една единствена организација во цела Македонија раководена од еден центар во услови кога нашата татковина е распокината на три дела.[61]

2) Вториот основен пункт на кој ВМРО (Об.) - во услови во кои беше поставена да дејствува - "копаше јаз меѓу себе и широките маси на нашиот народ", Мито Хаџи Василев го гледа во нејзиното канализирање на борбата на нашиот народ кон Независна Македонија (самостојна македонска држава) и Балканска федерација. "Ова е гимназиска погрешка на дејците од емиграцијата собрани во ВМРО (Об.), кои во измените на Балканот по војната не умееја да извлечат од реалните услови и - реални заклучоци. Перспективната цел на старото движење - Балканска федерација и во нејзините рамки федерирана Македонија, која ја поставува и Гоце Делчев, а по него и Јане Сандански, ВМРО (Об.) ја претвори во свое непосредно барање, во парола на денот, за која - сосем разбирливо - не можеше да ги воодушеви масите, кои имаа барем повеќе реален инстинкт."[62] (Гоце јасно разбираше, укажува Мито Хаџи Василев, дека во оние услови во кои беше македонскиот народ фрлен на Балканот, кога пред него се испречуваат не само Отоманската империја, туку и сè посилните империјалистички апетити на другите балкански завојувачи - не може да се извојува и сочува конечната слобода на целиот македонски народ, освен ако во животот на тие државички не се

[60] Ibid., стр. 55 (подвл. К.Т.). [61] В. ibid.

[62] Ibid., стр. 56 (подвл. К.Т.).

извршат такви длабоки промени што ќе ги потсечат во корен поробувачките аспирации и што ќе овозможат заемен развиток на балканските народи врз основа на нивната слобода и рамноправност. Само од таа гледа точка, истакнува Мито Хаџи Василев, перспективно зборува Гоце за балканската федерација. Тој од неа не направи непосредна акциона задача на движењето токму затоа што имаше правилно разбирање за односот на силите на Балканот и за висината на развојниот степен на балканските народи. Напротив, во условите на упорно мешање од некои балкански земји во внатрешното движење на Македонија, Гоце поставува принцип за самостојна борба, и - во однос на силите меѓу македонскиот народ и турската империја и другите аспиранти на Македонија - тој бара автономија како единствено реално, можно и, затоа, непосредно барање за тоа време. Во нешто изменетите услови во Турција во која се развиваат силите на младотурското движење, сметајќи на обострана поддршка во борбата против султанскиот апсолутизам меѓу младотурците и движењето на нашиот народ, Јане Сандански го проширува ова непосредно барање на Гоцета во барање за федерирање на Македонија во една конституциона младотурска Турција. За Јане, укажува Мито Хаџи Василев, исто така, Балканската федерација останува не блиска ами перспективна цел. "Генијалноста и на Гоце и на Сандански е во тоа што тие не ги пречекорија со своите барања реалните граници на времето. Тоа им ја осигури поддршката на масите." За разлика од нив) ВМРО (Об.), истакнува Мито Хаџи Василев, очито не се снаоѓа во ситуацијата, "Таа не ги согледува реалните барања на времето, наложени од извршените измени во балканските односи, ниту значителните социјални раздвижувања во секоја една од балканските земји. Таа од балканската федерација прави

објект на свои непосредни напори и ја става во нејзината основа Независна Македонија. По изморените балкански народи од војните и револуционерните судири, ВМРО (Об.) им поставува задача да заборават на своите најблиски задачи за внатрешна демократизација на земјите во кои реакционерните сили беа веќе на врвот на својата офанзива против работните маси, а да се борат за балканска федерација, за непосредни коренити револуционерни промени - како би го решиле, меѓу другото (односно, во прв ред), прашањето за обединувањето на Македонија и за нејзината слобода и 'независимост'. ВМРО (Об.) на овој пункт не научи ништо од Гоце и од Сандански[63], ниту се поучи од масите на нашиот народ, кои гласаа за комунистите во секоја една од балканските држави, ориентирајќи се кон барањата за оневозможување на настапот на реакцијата, односно за внатрешна демократизација на земјите како услов за разрешување на македонското прашање прво во тие земји."[64] Затоа Мито Хаџи Василев ќе укаже дека паролата за "Независна Македонија" го одвле-

---

[63] "Колку е овој федерализам на ВМРО (Об.) искривен и колку тој не држи сметка за реалноста се гледа - вели Мито Хаџи Василев - и од следното: Сандански ја изградуваше својата федеративна партија не врз голото барање на обособување на Македонија како федерална единица во една демократизирана Турција, ами со оружје се мешаше во внатрешните работи на Турција во полза на демократските сили а против апсолутистичката власт Од друга страна, пак, неговите приемници федератисти го пресадија овој федерализам (во рамките на Турција), реален за Јаневото време - во федерализам во балкански обем како непосредно барање, и во името на истиот пристапуваа кон обединета борба на целиот македонски народ врз такви 'самостојни' начела што го исклучуваат мешањето во внатрешните работи на земјите во рамките на кои робуваат делови на Македонија." Ibid., стр. 58.

[64] Ibid., стр. 57

куваше македонскиот народ, разделен на три дела, од единствено правилниот пат на борба во прв ред за остварувањето на своите најблиски цели. "Ова ветровито барање објективно го дезориентираше нашиот народ и го изолираше од заемната борба со другите народи во една земја, за разрешувањето на македонското прашање прво во рамките на тие земји како услов воопшто за нашето обединување."[65]

Всушност, истакнува Мито Хаџи Василев, во името на федеративниот принцип поставен во балкански размери, ВМРО (Об.) ги откинува, како нешто изолирано, само за себе, нашите "татковински интереси", па, во името на нив, се измислива таква "независност" на македонското движење, која него објективно го изолира од прогресивните сили на балканските народи внатре, во секоја земја поодделно. Притоа, додека народните маси политички се декларираат со изборот на комунисти-пратеници

---

[65] Ibid. (подвл. К.Т.). "Паролата за 'Независна Македонија' - истакнува Мито Хаџи Василев - однапред, a priori претпоставува еднаков степен и ниво на развитокот на демократските сили на сите балкански држави, а врз таа основа - и нивна совмесна акција. Меѓутоа, целокупниот досегашен развиток на Балканот ја отфрли оваа позиција. Се покажа јасно, по оваа војна, оти не мораат сите балкански земји да се демократизираат едновремено. Се покажа, исто така, оти обединувањето дури и на два дела на Македонија наидува на тешкотии, и тоа субјективни тешкотии, што произлегуваат токму од нееднаквиот развиток на демократските сили во овие две земји. (Оваа нееднаквост се гледа токму во тоа - додава Мито Хаџи Василев - што раководната сила на демократските сили во братска Бугарија, т.е. БРП(к), односно нејзиното раководство, има во основните линии на својата политика спрема македонското прашање такви ставови што ни колку за нокот не се разликуваат од националистичките позиции на великобугарската буржоазија.)" Ibid., стр. 57-58.

(значи кога не се одвојуваат од внатрешниот политички живот на своите земји), додека силите на реакцијата подготвуваат и извршуваат удар по демократските сили, "прогресивните леви дејци од македонското револуционерно движење, подготвувајќи се за борба за 'Независна Македонија' и Балканска федерација, прокламираат во име на овие цели дека тие се еманципираат од внатрешниот политички живот, дека се рамнодушни спрема поставувањето и свргнувањето на владите, дека одбиваат да служат на која и да е партија или политички фактор, и усрдно чекаа да бидат исклани еден по еден по градските улици."[66] Меѓу овие изјави за "немешање" и паролата за "Независна Македонија" Мито Хаџи Василев утврдува објективна органска врска, а тоа е изолирањето на македонскиот народ и неговото национално прашање од борбата на другите народи со кои тој заедно живее во една држава. "И тука не помагаат ништо платонските декларации за 'единствен революционерен фронт', за борба со непосредни барања (како аграрно прашање, свои училишта итн.) - кога не е никаде <u>практично</u>, <u>на дело</u> поставено прашањето за <u>секојдневна, конкретна заемна борба на македонскиот народ со другите народи во една земја</u>, и тоа - како за разрешување на сите прашања на денот, така и за своето непосредно барање - разрешувањето на националното прашање во рамките на таа земја."[67] Неодржливоста на паролата за "Независна Македонија" во рамките на една балканска федерација Мито Хаџи Василев ја согледува во тоа што таа <u>не соодветствува</u> на политичките услови тогаш на Балканот, на создалениот однос на силите. Нејзината неодржливоста, според него, е и во тоа што, поставена како непосредна задача во тогашните услови, се јавува како <u>демобилизаторска во основа</u>,

[66] Ibid., стр. 60. [67] Ibid. (подвл. К.Т.).

бидејќи ги дезорганизира масите, ги одвојува од нивните стварно непосредни задачи за демократизација на земјата, дезинтересирајќи го нивното движење за напорите на прогресивните сили на другите народи и слабејќи го така внатрешниот единствен фронт против реакцијата. "Сосем е јасно дека широките народни маси на Македонија не можеа да ѝ дадат и не ѝ дадоа поддршка на една ваква политика која противречи на нивните основни интереси".[68] Со тоа, стварноста ја демантираше акционата сила на паролата на ВМРО (Об.). "Со оглед на ова, заклучува Мито Хаџи Василев, единствено позитивно во оваа парола на ВМРО (Об.) за тоа време е во тоа што преку неа дојде до израз чувството на единственост на целиот македонски народ како посебен во однос на другите народи на Балканот, кое постоело кај дејците од старото движење, а кое - макар и искривено во нивната свест ('македонски Бугари') - сепак избивало на површина."[69]

3) Мито Хаџи Василев укажува дека и поставката за "македонските Бугари" и поставката за "Независна Македонија" - оставаат свој одраз врз принципите од коишто резултираат ставовите на ВМРО (Об.) за основната сила на движењето, за неговите сојузници, за раководниот фактор, за формите на борба итн. - исто онака како што и тие поставки, од своја страна, никнуваат во извесна смисла врз основа на овие ставови. Пред сѐ, вели Мито Хаџи Василев, ВМРО (Об.) се поставува како единствена организација и единствена политичка раководна и револуционерна сила за сите три дела на Македонија.[70] Потоа, бидеј-

[68] Ibid., стр. 61 (подвл. К.Т.).

[69] Ibid., стр. 62 (подвл. К.Т.).

[70] В. ibid. Во Декларацијата од основачката конференција на ВМРО (Об.) - од октомври 1925 година - дури категорички со

ќи смета дека во својата револуционерна борба за слобода на Македонија "може да смета само на крајните прогресивно револуционерни движења во Европа, кои се борат против империјалистичката политика на своите влади, против постојните мировни договори, а за вистинското самоопределување на своите и туѓи народи" (Манифест), ВМРО (Об.) изјавува дека, во рамките на ова, ќе соработува и ќе содејствува со националноослободителните движења на поробените балкански народи и ќе воспостави врски со комунистичките партии и ќе се потпира врз СССР. И, трето, ВМРО (Об.) се ориентира да развива илегални и легални форми на дејност, да работи на разраснувањето на широкото масовно движење на територијата на цела Македонија, преку кое ќе ги поставува на разрешување актуалните политички, стопански и културни проблеми.

Дејците од ВМРО (Об.), вели Мито Хаџи Василев, и во прашањето на патиштата и начините на борбата, стојат на половина пат. "Тие сакаат македонското револуционерно движење да го изместат од старите колосеци на нови, а притоа го поставуваат пак врз основа на старите организациони форми, кои не можеа да служат за вообличување на едно движење што кај масите прерасnуваше, под раководството на комунистичките партии, во квалитативно ново. Новите сили во ова движење не можеа да ја имаат за организациона основа ВМРО, која беше веќе изживеана токму затоа што таа резултираше од други услови и други односи чиишто печат го носеше врз себе."[71] Мито Хаџи Василев укажува дека ова не е голо прашање за име (дали ќе се вика ВМРО или тврди дека "надвор од ВМРО (Об.) нема револуционерна сила во Македонија".

[71] Ibid., стр. 63 (подвл. К.Т.).

поинаку). Според него, веќе обидот да се изврши преориентација на движењето така што ќе се накалемат нови сили во тоа движење врз старите организациони основи - е длабока причина за низа кардинални грешки, "причина што ги остави нејзините дејци во воздух, откинати од масите". Токму овој обид, "што се темели - вели Мито Хаџи Василев - врз очито неразбирање на работите, ним им ја потфрлил смислата да извикаат парола за 'Независна Македонија'. Токму тој им пречеше да видат дека во новите услови, создадени на Балканот по светската војна, не може да се постави национално движење кое би било доследно демократско и правилно насочено - ако во него не претставува основа движењето на работничката класа, т.е. ако таа не биде прифатена како револуционерен фактор во него и ако нејзиното раководство во лицето на КП не биде усвоено."[72] Затоа Мито Ха-

---

[72] Ibid. (подвл. К.Т.). Притоа Мито Хаџи Василев дава мошне важна анализа на развитокот на политичките односи во Македонија во аспект на водечките револуционерни сили. "Раководството на првобитната, Гоцева ВМРО во условите на неразвиена кај нас и во Турција работничка класа, нужно се регрутираше од интелигенцијата, занаетчиството, главно од средниот градски слој. Тогаш ВМРО како таква резултираше не само од овие неразвиени општествени односи во Македонија, но и од тие во Турција. По веќе Јане Сандански, со раздвижувањето на внатрешните сили на Турција, преминува од принципите на старата организација кон широко движење, создавајќи ја својата федеративна партија, преку која се опфаќаат силите на народот врз малку подруга основа. Се разбира, ова не е обично менување на името, заради тоа што Јаневата партија претставува одраз на извесни изменети односи во Турција, врз основа на кои тој ги раширува своите барања и ги менува формите на борбата. Меѓутоа, додека Јане и во организационен однос го развива напред движењето - дотолку дејците на ВМРО (Об.) се враќаат назад дури и од Јане, макар што општествените односи на Балканот се уште пона-

џи Василев ќе истакне дека основно историско промашување на иницијаторите на ВМРО (Об.) е што тие "не ја сфатија растечката сила на работничката класа на Балканот, не ја видоа нејзината појава во општествениот живот на Македонија и не разбраа дека за натаму може да постои демократско македонско национално движење само така ако на неговото чело стои работничката класа resp. нејзината авангарда. Тие затоа многу конфузно ја прокламираа својата поддршка на единствениот револуционерен фронт на балканските народи и своето потпирање врз движењето од угнетените класи."[73] Имено, истакнува Мито Хаџи Василев, иако ВМРО (Об.) гледа угнетени класи кај другите народи, воопшто не сака да види оти и во Македонија постои и се развива работничка класа. Затоа не беше сфатено ни тоа дека организа-

---

предмети. Од 1910-1922 година движењето на работничката класа значително се разрасна, особено поради огромното влијание на Октомвриската револуција. И ова разраснување за Македонија исто така има свои особености, за кои мора да се води сметка. Тогаш кога работничката класа во Македонија (макар сè уште квантитативно мала) почна да се чувствува самата себе и да навлегува сè поактивно во општествениот живот - таа веќе не истапуваше како единствена работничка класа за цела Македонија, ами - бидејќи Македонија беше распокината - дејствуваше како дел на работничката класа на Југославија, Грција и Бугарија. Овие делови, веќе секој за себе, уште од 1919 година гравитираа кон работничките сили од оние народи со коишто се најдоа заедно и со коишто од првиот ден требаше заедно со нив да разрешуваат задачи од општ интерес - како задачи на работничката класа од една дадена земја. Првата нивна задача беше да ги бранат - секоја во својата земја, демократските права, во прв ред - својата авангарда, од реакцијата што се подготвуваше за офанзива.

[73] Ibid., стр. 64 (подвл. К.Т.).

ционите основи на националното движење во условите на пораснатата револуционерна активност на таа работничка класа - не можат да се бараат назад во историјата, ами дека тие основи ќе ги дава работничката класа, бидејќи инаку таа не може да ракводи со националноослободителната борба на народот.[74] "Ако нејзините иницијатори го сфатија ова, заклучува Мито Хаџи Василев, немаше да ја викаат во помош ВМРО и немаше да се нагрбуваат со бесмислениот обид за создавање илегална единствена организација за трите дела на Македонија (кога не постои ни КП за цела Македонија). Исто така немаше да препорачуваат создавање на масовни селски партии, немаше да ја исфрлаат како непосредна паролата 'Независна Македонија' и Балканска федерација, ниту ќе одеа по линијата на создавање раководна организација и единствена революционерна сила во Македонија во лицето на ВМРО (Об.), којашто да е паралелна со Комунистичката партија. Ова ништо друго не значи но стварно одречување на раководната улога на комунистичките партии (во секоја една од овие земји) по македонското национално прашање."[75]

Всушност, ВМРО (Об.), истакнува Мито Хаџи Василев, просто го употребува стариот ВМРО-овски мерник и во новите повоени и поктомвриски услови. "Барањата за создавање легално масовно движење, болуваат, вели Мито Хаџи Василев, во основа од тоа што недопуштиво се заборава на работничката класа како основен револуционерен фактор во сите современи прогресивни народни движења. Со оглед на сето ова, јасно е дека ВМРО (Об.) најмалку можеше да биде онаа сила ко-

---

[74] В. ibid., стр. 64-65.

[75] Ibid., стр. 65 (подвл. К.Т.).

јашто ќе создадеше во Македонија едно вакво движење. Потпирањето на нашето национално движење на борбата од работничката класа врз основа на паралелизам со Комунистичката партија е чиста бесмислица или просто барање на буржоаско-демократски форми на соработување. Не може да има доследно, трајно, вистинско револуционерно сојузување на овие две движења а тоа да не е изградено врз основа на безрезервното прифаќање на непосредното раководство од КП. Тоа е прв и основен услов за демократизмот на нашето национално движење, за неговата правилна политика, за неговата масовност."[76]

Затоа Мито Хаџи Василев ќе каже дека ВМРО (Об.), општо земено, претставува обид не на масите, туку на еден дел чесни сили од старото револуционерно движење да останат цврсто на нозе заедно со народот тогаш кога масите веќе пристапија - во прв ред во Вардарска Македонија - кон создавање на свое ново движење, особено под влијание на КПЈ, движење кое нужно го бараше новото време. Не можејќи сосем правилно да се снајде во новата сложена ситуација, главно поради своите неизбришани остатоци од стари сфаќања - овој дел од бившото македонско револуционерно движење,"и покрај сите свои чесни напори", истакнува Мито Хаџи Василев, нужно и несвесно правеше компромис меѓу старото и новото. "Обидувајќи се да игра висока политика, тој стигна до бесмислици врз кои, се разбира, не само не можеше да ги собере масите околу себе, но и заради тоа доаѓаше во нужен судир со нив."[77] Затоа, вели Мито Хаџи Василев, ВМРО (Об.) мораше да пропадне и тоа пропадна за кратко време, а

---

[76] Ibid., стр. 66 (подвл. К.Т.).

[77] Ibid.

многумина од нејзините дејци дојдоа на оние позиции за кои отпрвин "немаа доволно сила и потребно разбирање".

Историското место на оваа организација Мито Хаџи Василев го наоѓа во тоа што таа објективно претставува само етапа во развојните линии на е д е н д е л од нашето старо революционерно движење", "само една епизодична појава на нашата македонска сцена" (подвл. К.Т.).[78]

x x x

Ова е приказот што Мито Хаџи Василев го дава за една партија, за една политичка линија во нашето национално движење. Но, тој покажува дека последиците на нејзините историски заблуди ни најмалку не се безазлени. Нејзината основна парола, всушност, го инаугурира великобугарскиот шовинизам во движењето на левицата, кој трае сѐ до денес во акцијата на БКП, која во однос на македонското прашање застапува идентични ставови со ванчовистичката ВМРО.[79]

Затоа укажува дека историската основа за решавање на македонското прашање може да биде само начинот на кој него го решил работниот народ на Југославија, чија авангарда никогаш

---

[78] Ibid., стр. 66; 67.

[79] Покрај расправата за великобугарскиот шовинизам и за неговите нови носители и појави - во вториот дел од студидијата "Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (Обединета
јата Значењето и местото на ВМРО (Обединета) и Мајскиот манифест во македонското револуционерно движење, op. cit., стр. 67-98, Мито Хаџи Василев е автор на поголем број критички студии и статии против великобугарскиот шовинизам: Зближувањето на на-

"не го бришела македонскиот народ од лицето на земјата токму како македонски".[80]

Фалисфицирањето на народносниот лик на Македонците, истакнува Мито Хаџи Василев ("како што се покажува и во последно време"), логично доведува и до појава на лошо прикриени аспирации.

ВМРО (Об.), вели Мито Хаџи Василев, "шумно ги уфрли (од лево) великобугарските ставови во нашето револуционерно движење. Но... кога ВМРО (Об.) се обидува да ги активира политички овие ставови среде масите од сите три дела на Македонија - наоѓа на разбирлив отпор во народот, пред сѐ во Вардарска Македонија, каде што тие маси добија во лицето на КПЈ друг, нов толкувач на своето национално прашање и на своите интереси."[81]

---

шиот и бугарскиот народ лежи во доследната и непомирлива борба против великобугарскиот шовинизам, "Нова Македонија", 29.IX 1945, бр. 227; За неколку нови појави на великобугарски шовинизам, "Нова Македонија", 22.IV 1948, бр. 1020; Два пленума на ЦК БРП(к) по македонското прашање, "Нова Македонија", 7.IX 1948, бр. 1140; Затворениот круг на една политика, "Нова Македонија", 21.IX 1958, бр. 4400, и др.

[80] Ibid., стр. 71

[81] Ibid., стр. 97 (подвл. К.Т.).

## АСНОМ - политички врв
## на вооружената борба на македонскиот народ

Човечкото дело, истакнува во својот филозофски пледоаје Мито Хаџи Василев, го просудуваме според резултатите: тие се материјализиран, историски чин на сведоштво за неговиот дофат на животните процеси, за законитите развојни движења кои се доведени до изблик; тие се манифестирање на креативната сила на човекот, на агонот кон создавање како основа на постоењето; тие се израз на интеграцијата на човечкото битие во битието, на станувањето на битието - човечко.

Истото се однесува и на социјалното, заедничкото творештво, на творештвото на историјата. Зашто човекот е и суштество-индивидуа и суштество-заедница, низ едното и другото свое битие се гради во едно, како што материјалната изградба на човекот - суштински е историска, а историската - дефинитивно - материјална.

И ако во еден проник е даден и тој и неговата заедница, тогаш историјата на човекот - неговиот дострел во битието - суштински ни е проекција на секој конкретен чин, создаден предмет, човечко суштество - во богатство на овој свет во неговите определби и конкретности; како што и секој конкретен чин, дело, личност се појава - на интегралноста на сечовечкото живеење во еден изделен пункт, како точка, проекција на апсолутното (сето досега, сеопфатното) постоење во постоењето.

Нема разлика меѓу творештвото на секој, еден човек и творештвото на сите, или на сите оние кои творат една заедница. И не може да има принципиелна разлика, доколку светот на човекот го посматраме како човечко дело.

Затоа, и делото на човечката заедница го цениме, просудуваме според резултатите. Тие се материјализиран, историски чин на сведоштво за нејзиниот дофат (како колективен творец) - на животните процеси, за законитите развојни движења кои се доведени до изблик; тие се манифестирање на креативната сила на човекот-заедница, на агонот кон создавање како основа на постоењето; тие се израз на интеграцијата на човекот-заедница во светот, на станувањето на светот - човечки.

Зашто, како - инаку - би знаеле дека патот по кој сме тргнале е навистина - исправен?

x x x

"...На 2 август 1944 година, Првото заседание на АСНОМ ја изјави суверенoста на македонскиот народ и ја прокламира Народна Република Македонија за една од шестте републики на Демократска Федеративна Југославија. Со овој епохален настан, пишува Мито Хаџи Василев, се прекрши македонската историја на два дела: заврши долгиот период на борбите за национална и правна афирмација на македонскиот народ и отпочна неговото слободно движење како суверена нација."[82]

82 Десет години од Првото заседание на АСНОМ, op. cit., стр. 5 (подвл. К.Т.)

Затоа, истакнува Мито Хаџи Василев, "решенијата на АСНОМ се највисок политички врв на вооружената борба на македонскиот народ, потврда на правилноста на патот по кој се стремеше народот кон остварување на своите животни цели".[83]

Процесот и резултатите се корелативно експликативни, како што се тоа целта и творечкиот субјект.[84] "Колку АСНОМ како резултат го објаснува процесот што му претходел, толку самото вооружено востание ја објаснува појавата на АСНОМ".[85] Борбата и нејзиниот резултат, во смисла на човекување, се едно - тоа сака да каже Мито Хаџи Василев. Не постои борба, која се заборава за да остане нејзиниот резултат, ниту, пак, резултатот е per se некоја придобивка, која би имала свое достоинство вон од напорите на луѓето да дојдат до неа.

Имено, "...македонскиот народ ја прокламира својата сувереност опирајќи се на создадената вооружена си-

---

[83] Ibid. (подвл. К.Т.).

[84] Целта и средството се во корелација во нехуманизираната човечка состојба, кога човекот не е творец на постоењето како идентифицирано суштество со свои квалитети. Тогаш средството, како материјален израз на едно постоење, ја заменува длабочината на сестраноста на тоа постоење (а во теоретскиот разглед посредува во нејзиното насетување). Во идентифицираната човечка состојба, средството се појавува како материјализиран израз на едно постоење, но не само како начин за постигање на целта, туку и како начин на кој се изразува творечкиот субјект. Изборот на средството е, тогаш, и израз на изразувањето на човекот.

[85] Десет години од Првото заседание на АСНОМ, op. cit., стр. 5.

ла во лицето на м а к е д о н с к и т е единици на НОВ и ПОЈ, од една страна, и на решенијата на А В Н О Ј од 29 ноември 1943 година, од друга, и тоа во услови кога вооружено и политички беа с о в л а д а н и сите оние општествени и политички сили од неговите редови кои од тесокласни побуди се спротивставуваа на остварувањето на неговата сувереност и независност."[86]

Можно ли е некое појасно објаснување што е тоа АСНОМ! Еден народ, кој беше во долгиот процес на самоизградба на националната свест и постоење, сознавајќи се и остварувајќи се истовремено како идентитет (македонски), се обедини со политичка и творечка акција на својата заедница и - одговарајќи на логиката на овој свет - тоа свое обединување и идентификација јасно пред светот ги изрази на соодветен материјален начин (вооружена сила), притоа изградувајќи се во поширока заедница, што е услов на човечкото постоење, во која ги изрази своите конкретни стремежи со блиските негови делови на човештвото - со другите народи: република, сувереност, независност, почитување на секој народ, решителност сам да ја твори својата судбина според своите можности и спознаените историски цели на човештвото (А В Н О Ј), и притоа, бидејќи овие цели можеше само така да ги постигне, остварувајќи Револуција, и тоа онаква која ги разврзува сите човечки потенции а ги задушува сите оние сили и тенденции кои се опираат на интересите на Човекот и народот - значи Револуција социјалистичка.

Останува само да се раскаже текот на настаните, да се изнесе историската сила која умееше творечки и револуционерно

[86] Ibid. (подвл. К.Т.).

да одговори на предизвиците на тешкото време - Комунистичката партија на Југославија, да се идентифицира субјектот на овој процес, субјектот кој се самоизгради низ него во творец на историјата - работничката класа и низ неа и со неа целиот народ, останува да се опишат процесите на самоизградбата.

Но, од стојалиште на денешнината - кога сè во минатото изгледа едноставно, вели Мито Хаџи Василев - зар не би заборавиле некој важен детал, зар во ваквиот приказ на една човечка революција не е нужно да се спомне секој комунист, секој борец секој илегалец, секој чин на уривањето на нечовечното и на борбата за човечкото, зар ваквата Револуција, која ги изведува дословно на сцената на историјата милионите - не бара нов начин на пишување на историјата, зашто на нов начин се создава?

И зар може да се пишува ваква историја а тоа да не биде, всушност, согледување на денешната борба за социјализам? Зашто, ако историјата е разглед на целоста на некој процес - тогаш оваа историја не може да се напише, зашто процесот не е дообликуван: нашата денешна борба, конвулзивните напори да се гради светот на социјализам, да сите материјални потенции станат база на човештината -

"ја манифестира континуираноста и доследноста на нашите напори за докрајната победа на оние цели со кои Револуцијата настапи во вооруженото востание".[87]

---

[87] Мито Хаџи Василев, Десет години од Првото заседание на АСНОМ. Предговор кон книгата "Десетгодишнина на Н.Р. Македонија. АСНОМ 1944-1954". Скопје, изд. Здружението на новинарите на НРМ, 1954, стр. 5 (подвл. К.Т.).

x x x

Мито Хаџи Василев, всушност, како историчар и револуционер - и, пред сѐ, со својот теоретски опус за целината на социјалистичкиот свет - укажа дека проблемот на историјата не е во нејзиното пишување, туку во нејзиното создавање.

# МИСЛИТЕЛОТ МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ - ЈАСМИН

Истражувајќи ја тематиката со која се занимава Мито Хаџи Василев - Јасмин, идеите кои ги застапува, проследувајќи го развитокот на неговата мисла и неа споредувајќи ја со соодветните марксистички мисловни постојувања и со развитокот на практиката на изградбата на социјализмот, особено во нашата земја, утврдивме:

- дека теоретската личност на Мито Хаџи Василев - Јасмин претставува - со оглед на начинот на кој пристапува кон истражувањето и со оглед на начинот на кој постапува во истражувањето на социјалните феномени на современото општество - исклучително интересна и - со оглед на резултатите до кои дојде во својата мисла - исклучително важна мисловна фигура во развитокот на марксизмот во шестата и седмата деценија на нашиов век;

- дека - со оглед на теоретската отвореност на неговите истражувања кон практиката на југословенското самоуправно социјалистичко општество и со оглед на сознанијата до кои дојде низ тие истражувања - Мито Хаџи Василев - Јасмин е еден од најзначајните марксистички мислители во рамките на богатата југословенска марксистичка мисла;

- дека во својата мисловна активност Мито Хаџи Василев - Јасмин не се ограничи на испитување само на некои подрачја од практиката, само на некои теми или области од животот, туку дека - во интегралноста на зафатот - не остави теоретски незасегната ниту една важна област од (нашето) социјално живее-

ње (од смислата на постоењето на човекот до посебните теми на македонската историја и секојдневниот живот на човекот);

- дека, наспроти, во некои текстови, истакнатото становиште оти тој не бил специјалист по одделни области, зашто божем ним не им пристапувал специјалистички, Мито Хаџи Василев - Јасмин во своите истражувања на посебните феномени им пристапува мошне специјалистички, значи со длабоко познавање на научниот метод, на научната мисла, на јазикот, на начинот на аргументација и идејна конфронтација во одделните научни области (докажувајќи со тоа во своето дело дека е заблуда специјализацијата да се смета за специјалност, како и обратното);

- дека, во истакнатиот контекст, теоретската амбиција на Мито Хаџи Василев - Јасмин не е да остане на некое еднострано продлабочување на сознанијата за една област, или за еден феномен, туку - што претставува посебен квалитет на неговата мисла - да ја открива основната законитост на движењето во сите области на животот, единствената законитост која се остварува во секоја област од животот и заемните односи и проникнувања меѓу сите области и феномени на социјалниот живот (во ваквата интегрална теоретска ориентација, нешто друго, а не деталната разработка на парцијалните проблеми од некоја област, е - белег на специјалноста);

- дека - со оглед на опфатот на множеството теми низ една единствена перспектива (позитивен доказ), со оглед на неможноста одделните аспекти на неговото истражување и погледи да бидат исклучени, ниту како тема ниту како сознание, од целоста што ја изградил (негативен доказ) и со оглед на проширувањето на подрачјата што ги зафаќа, со оглед на продлабочувањето на

методскиот пристап и со оглед на развитокот на единствениот поглед на светот што го понудува низ своето дело (генетичко-историски доказ) – Мито Хаџи Василев – Јасмин изградува еден систем од погледи, целосен во својот зафат, единствен низ својот развиток, непротивречен во себе, значи – доследен во идеите и кохерентен во своите делови; и

– дека – со оглед на проширувањето на тематиката со која се занимава, со оглед на менувањето на начинот на пристапот (од публицистички со помалку или повеќе јасни теоретски проникнувања до исклучително високо апстрактно научен) и со оглед на теоретските достигнувања (од почетните теоретски лоцирања на одредени аспекти до согледувањето на нужните развојни насоки и антиципирањето на развојните процеси, остварено во последните трудови) – погледите на Мито Хаџи Василев – Јасмин имаа развиток, но дека развитокот на неговите погледи е внатрешен развиток на еден ист систем од погледи – иманентен на нивниот мислител и конзистентен за неговата мисла, односно дека тој развиток на неговите погледи, всушност, претставува само постојано напредување на нивниот теоретски опфат, длабочина и вредност.

Научник и партиски активист, револуционерен борец и публицист, новинар и државник, Мито Хаџи Василев – Јасмин во себе ги обединува најавтентичните, највредните карактеристики на еден марксистички мислител и комунистички деец, покажувајќи и со својот живот и опус дека во изворната социјалистичка битка овие две страни на човековата дејност – дијалектичкото истражување и социјалистичкиот активизам – автентично се условуваат и не можат да се раскинат без опасност по вредноста и смислата на едната или

другата. Социјализмот, и во личноста и делото на овој македонски марксист, покажа дека тој може успешно, творечки, прогресивно да се гради само доколку неговите градители во себе ги вклучуваат сите димензии на човекот во историска смисла на зборот - класната проникнатост на сите општествени хуманистички стремежи, високиот степен на социјалното единство, најизворните човекови потреби за ослободување од сите историски ограничености кои ги раѓаше општеството на класните разлики и потчинувања, но, истовремено, и доколку во секоја личност, во секој револуционерен борец се остварува полихисторичноста, полидимензионалноста, вистинската широчина на погледите и разбирањето на смислата на историските процеси.

Зашто, а на тоа особено во сиот свој опус постојано инсистира Мито Хаџи Василев - Јасмин, социјалистичкото општество не е поедноставно, туку историски поразвиено и, со тоа, посложено општество од сите општества досега во историјата - неговата историска димензија не е во враќањето во некој претпоставен еднозначен "златен рај", туку во изградбата на модерно, комунистичко општество, кое во себе на дијалектички начин ги преовладува, ги укинува отуѓувањата и недоследностите, но и ги синтетизира богатствата на сиот досегашен светски развиток. Затоа ни мислата на социјализмот не може да биде едноставно повторување на здраворазумските, интуитивните претстави за социјализмот, туку мисла која во себе ги вклопува сите придобивки на теоретскиот однос на човекот кон светот, истовремено разрешувајќи ги и нејзините иманентни ограничености како одраз на досегашните ограничености на човекот и општеството во светскоисториска смисла.

Затоа во делото на Мито Хаџи Василев - Јасмин во преден план испакнува борбата за дигнитет на социјализмот како ви-

ша фаза од развитокот на човештвото, за дигнитет на социјалистичката Револуција за натамошното движење на светот, за дигнитет на историските битки за новите човечки односи, за создавање на новиот свет. Затоа тој толку се бори против закостенувањето на мислата, против заблудите дека со некоја "формула" сѐ може да се реши, затоа тој - токму достигнувајќи ги највисоките дострели на марксистичката теоретска анализа - инсистира на постојано свртување кон секојдневието, кон стварните процеси, кон објективните законитости, кон конкретноста на социјалистичкиот процес. Зашто, само на тој начин, само разоткривајќи ја суштината на стварните социјални процеси, односи и противречности во епохата на изградбата на социјализмот, можеме да ги допреме нивните вистински основи, светкоисториско значење и тенденциите и законитостите на движењето на човештвото кон комунизмот.

Заради ваквата свртеност кон конкретниот свет, мислата на сите големи марксистички мислители е дијалектички идентична и дијалектички различна. Зашто, марксистичката мисла во своите највредни примери е и доследно научно проверување на генералните поставки на марксизмот, но и нивно творечко збогатување со конкретноисториски научни истражувања. Тогаш таа е најмоќна во својата акциона способност, но и научно најбогата и најадекватна.

Делото на сите марксисти треба да се согледа низ ваква призма, и како такво да се оценува - дали се вивнува до врвовите на ваквата марксистичка научна вредност, чиишто мерки на вредноста се поставени со и во творечкиот опус на плејадата марксистички мислители, почнувајќи од самиот Маркс и Енгелс...

Ако низ таква призма проникнеме во делото на Мито Хаџи Василев - Јасмин, ваквото настојување ќе го откриеме и во неговата мисла - врз суштинските вредности на марксистичката

анализа да ги разоткрие објективните законитости, вредности и противречности на изградбата на социјалистичкото југословенско општество од неговата револуција до крајот на шестата деценија, кога и самиот активно учествува во неговата изградба.

Затоа содржината на мислата на Мито Хаџи Василев - Јасмин не е свртена кон апстрактно расправање за принципите на марксизмот, туку - со помош на нив - кон нивно конкретно историско проникнување во тековите и стварноста на нашиот живот. Тој не се бореше на имагинарниот критичар да му ја докажува вредноста на марксизмот, туку спореше со противречностите во социјалистичката изградба, докажувајќи ја животворноста на марксистичкиот метод. Затоа кај Мито Хаџи Василев нема да најдеме апстрактно разглобување на законите на дијалектиката, туку нивна примена, кај него нема апстрактни расправи што е подобро од имагинарното становиште на социјализмот, туку вехементна борба за остварување на законитостите на развитокот на општеството и вжештена критика на практиката во остварувањето на овие законитости, затоа кај него не се расправа за апстрактниот субјект на историјата, туку за конкретната работничка класа и нејзината конкретна авангарда - Сојузот на комунистите, и за нивната секојдневна борба за развитокот на социјализмот, кај него нема да најдеме расправи од типот "што е марксизам", туку длабока увереност дека само марксизмот во својата доследна примена може да му овозможи на човекот да завладее со движењата на светот и да го оствари своето ослободување во форма на новото општество.

Големината на мислата на Мито Хаџи Василев - Јасмин е, пред сѐ, во нејзиниот идентитет и персоналитет. Таа има свој свет, мошне прецизно лоциран од самиот него во периодизацијата на големата историска пресвртница. Тој свет на Мито Хаџи Василев

е "општеството на самоуправувањето со проширената репродукција", свет зароден од автентичната Револуција и свет роден од автентичните борби за остварување на основните народни стремежи, за радикално пресметување со старото, заостанатото, за унапредувањето на демократијата, за освојување на средствата за производство од оние кои работат со нив, свет со горделивост затоа што ја мина грчовитата битка за одбрана на основната човечка слобода - слободата на заедницата..., но и свет полн со противречности во станувањето поле за творештво на сите, опстојуван низ конвулзиите на самоизградбата на новите човечки односи, свет кој се учи не како да го поднесува наметнатато единство, туку како да се усогласува во градењето на своето сопствено...

Мито Хаџи Василев - Јасмин е горчлив мислител, колку што е горчлива човечката секојдневица. Но, истовремено, тој е бескраен оптимист. Гледајќи само во градбата на светот смисла на човекувањето, слобода на дело и во свое самонадминување - неговата верба произлегуваше од позитивниот одговор што го најде во стварноста која ја испитуваше да види дали во неа има потенции на слободата. Вербата негова произлегува од сознанието дека неговиот свет ги спознал целите и дека тргнал на патот кон нивно остварување. Виде дека е започната - во неговиот свет - битката против владеењето со луѓето, дека личноста и заедницата почнуваат да се разбираат и согласуваат, дека историски разделените човечки светови почнуваат да се проникнуваат - во секоја личност.

Оптимист е затоа што виде дека во неговиот свет почнува да се остварува она што самиот ни го даде како клуч на неговата идеологија: "Крајната победа им припаѓа на идеите на Октомври!"

Заради конкретниот свет на неговата теорија и кон-

секвентниот пристап кон неговите противречности - мислителот Мито Хаџи Василев - Јасмин претставува исклучителна фигура во социјалистичката мисла.

Кирил Темков

ПРИЛОЗИ

# ТЕОРЕТСКИТЕ ПОГЛЕДИ НА МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН

докторска дисертација

Филозофски факултет
Скопје 1981

# МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ – ЈАСМИН

(1922 – 1968)

– Биобиблиографска белешка –

Мито Хаџи Василев е роден во Кавадарци, на 21 декември 1922 година.[x]

Основно училиште и ниже гимназија завршил во Кавадарци, а гимназија во Битола. Уште во гимназиските денови се запознава со идеите на марксизмот-ленинизмот (го чита "Капиталот") и почнува да соработува во напредното младинско движење. Во 1940 година станува член на Комунистичката партија на Југославија.

По завршувањето на гимназија, се запишува на Правен факултет. Непосредно пред самата војна, заради својата активност, е затворан. Во тоа време е член на Месниот комитет на КПЈ и секретар на Месниот комитет на СКОЈ во Кавадарци.

По крахот на стара Југославија во априлската војна, Мито Хаџи Василев ја продолжува својата револуционерна дејност

---

[x] Бидејќи целта на оваа дисертација се теоретските погледи на Мито Хаџи Василев, не се задржавме поопстојно на биографски истражувања на неговиот живот. Оваа биобиблиографска белешка ги дава одделните пунктови од неговиот живот, револуционерна дејност, партиска и државничка активност - сето тоа паралелно проследено со факти од неговата публицистичка и теоретска дејност.

Податоците за оваа биобиблиографска белешка се земени од следниве извори:

- Биографија на Мито Хаџи Василев - Јасмин, "Погледи", Скопје, 1968, бр. 6, стр. 23-26;

- биографски одредници "Мито Хаџи Василев" во Енциклопедијата на Југославија, Воената енциклопедија, Малата енци-

во Кавадарци. Заради прогонувањето од бугарската окупаторска власт - уште во [illegible] година преминува во илегалност.

За време на својата илегална дејност, Мито Хаџи Василев - Јасмин е член на Третиот обласен комитет на КПМ. Во периодот до ослободувањето врши истакнати функции во Народноослободителното движење: заменик политички комесар на Третата оперативна зона на НОВ и ПОЈ за Македонија и заменик политички комесар на Втората народноослободителна македонска ударна бригада. До 15 јануари 1945 година е член на Обласниот народен одбор на Битола.

На 27 февруари 1945 година ја објавува својата прва (потпишана) статија во весникот "Нова Македонија" (број 51). Од 17 март 1945 година до крајот на 1947 година е главен и одговорен уредник на "Нова Македонија", за чиј развиток има големи заслуги. Со јасноста на погледите, "убојноста на перото", бриткоста на аргументите во своите уводници, статии и коментари објавени во овие три години за најзначајните теми од обновата и изградбата на новата држава, Мито Хаџи Василев го изборри епитетот "прво перо" на македонското новинарство. На публицистичката дејност ѝ останува верен целиот свој живот, објавувајќи статии и, особено, коментари дури и во она време кога ќе обавува високи партиски и државнички функции. Јасноста на

---

клопедија на "Просвета", во книгата "Кој е кој во Југославија" итн.;

- книгите за конгресите на КПМ/СКМ;

- разни публикации и весници, особено "Нова Македонија", "Вечер", "Документација", "Билтен на ОПО на СРМ" и др.

За библиографските податоци според "Генетичка библиографија на делата на Мито Хаџи Василев Јасмин, - во прилозите кон оваа дисертација.

ставовите, толку битна за новинарската професија, остана карактеристика на Мито Хаџи Василев и во неговите најзначајни и најпродлабочени теоретски студии.

Од овие први статии посебно треба да се одбележи статијата "127 години од раѓањето на Карл Маркс", во која Мито Хаџи Василев на мошне недогматски начин ги изложува основните погледи на творецот на научниот социјализам, повеќе статии на економски теми, кои ќе го дефинираат неговиот, сепак, главен интерес во натамошната публицистичка и научна дејност, како и низа статии во кои ги жигосува појавите неспоиви со социјалистичките принципи на однесување.

Во текот на овие три години, во весникот "Нова Македонија" се објавени и многу непотпишани статии и, особено, уводници - за кои со полно право (заради тематиката, начинот на аргументацијата, стилот и јазикот) може да се претпостави дека нивен автор е Мито Хаџи Василев. Меѓутоа, и тоа ја изразува логиката на новинарската професија, на која Мито Хаџи Василев ѝ остана верен до крајот. Заедно со профилот, ликот и дострелите на весникот што го уредуваше, овие непотпишани статии остануваат трајна заедничка ризница на македонската публицистика и јавно мислење.

Во почетокот на 1948 година Мито Хаџи Василев е именуван за началник на Одделението за агитација и печат во Управата на Агитпроп при ЦК КПМ и в.д. началник на Управата на Агитпроп на Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија, а подоцна е именуван за началник на Управата на Агитпроп на ЦК КПМ. На Првиот конгрес на КПМ, во декември 1948 година, Мито Хаџи Василев и избран за кандидат за член на ЦК КПМ. Таа година ја објавува студијата "Новите патишта во развитокот на

земјоделството и селото во Македонија", во која ја покажува заемната врска меѓу економскиот и социјалниот развиток, потем неколку статии за појавите на великобугарскиот шовинизам про; и по донесувањето на Резолуцијата на Информбирото, како и сво· јата најобемна историска студија "Значењето и местото на ВМРО (Обединета) и Мајскиот манифест во македонското револуционерн движење" - како поговор кон изданието на документите на ВМРО (Обединета) - во која дава историска анализа на создавањето, заблудите и пропаста на политичката линија на оваа македонска политичка организација.

Во 1949 година Мито Хаџи Василев е уредник на списанието "Социјалистичка зора", а од јануари истата година го по· кренува и станува главен и одговорен уредник на 15-дневниот весник, орган на КПМ, "Партиски живот" (кој го уредува до мар 1951 година). Оваа година објавува повеќе мошне значајни студии. Неколку од нив се однесуваат на великобугарскиот шовинизам, а неколку на информбировската кампања, која во таа годин се разгоре со невидена жестина. Во нив Мито Хаџи Василев, на публицистички мошне уверлив начин, ја покажува беспринципиелноста на информбировскиот натисок против социјалистичк Југославија и КПЈ. Истата година Мито Хаџи Василев објавува и две мошне важни студии за целината на неговите погледи: "Борбата на КПЈ за изградбата на социјализмот со сопствени сили" и "Сандански - втора етапа во нашето националноослободително движењ до Првата империјалистичка војна".

На првата земска партиска конференција (април 1950 година) Мито Хаџи Василев е кооптиран за член на ЦК КПМ. Истата година е избран за пратеник во Народното собрание на НРМ. Истата и наредните години објавува повеќе статии за идеолош-

ката работа, како и повеќе исклучително остри полемички статии за информбировската политика. Таа година ја објавува и студијата "Односите меѓу социјалистичките земји и проблемот на мирот" (која излегува како посебна брошура), во која ги изнесува своите погледи за доследната социјалистичка меѓународна политика во новите услови по Втората светска војна. Во статијата пак, "Две години по Петтиот конгрес на КПЈ", Мито Хаџи Василев ги резимира резултатите од борбата на Југославија и КПЈ за независност и социјалистички пат на изградбата во условите на информбировско опкружување, покажувајќи ја - само неколку дена по донесувањето на Законот за предавање на фабриките на управување на работниците - доследноста на развитокот на социјализмот во нашата земја.

Во 1951 година Мито Хаџи Василев објавува повеќе значајни студии, во кои ги обработува економските проблеми на социјализмот ("Социјализмот значи укинување на секаква форма на експлоатација") и проблемите на социјалистичката демократија ("Развитокот на социјалистичката демократија како основен проблем во изградбата на социјализмот"). На 7 октомври 1951 година Мито Хаџи Василев држи реферат на свечената академија во Скопје по повод 34-годишнината од Октомвриската револуција, во која истакнува дека идеите и придобивките на првата социјалистичка револуција се трајно благо на човештвото и дека ни сталинистичката бирократска деградација не може да ја уништи нивната виталност.

Во 1952 година Мито Хаџи Василев, како главен и одговорен уредник, го покренува весникот "Социјалистичка зора". Во оваа, една од најдобрите ревии кои излегуваа на македонски јазик, тој, меѓу останатите, објавува и серија статии под општ

наслов "Од проблемите на социјалистичката демократија", во кои покажува дека демократијата на работниот човек - непосредната демократија - е законитост во развитокот на социјализмот. Истовремено ја објавува и статијата "Личноста и заедницата", со која го започнува третирањето на проблемот на индивидуалниот и колективниот интерес во социјализмот. Двете области ќе останат негова трајна теоретска преокупација.

Во 1953 година Мито Хаџи Василев е избран за пратеник во Народното собрание на ФНРЈ и за член и секретар на Извршниот совет на НРМ (член на ова високо републичко тело останува до 1962 година). Во весникот "Трудбеник", кој таа година започна да излегува, ја објавува својата мошне значајна статија "Општествените односи во социјализмот".

Во мај 1954 година, на Вториот конгрес на СКМ, Мито Хаџи Василев е избран за член на ЦК СКМ. Истата година објавува повеќе статии, исклучително значајни за неговиот мисловен развиток. Во статијата-уводник кон првомајскиот број на "Нова Македонија", под наслов "Со лице кон иднината", тој ја изложува својата визија на комунистичкото движење како постојана нагорност. Во статијата "Печатот и јавното мислење", по повод 10-годишнината на весникот "Нова Македонија", ги изложува своите погледи за новинарството и публицистиката во социјализмот. Во статиите "Стари знамиња над нашата нова историја" и "Десет години од Првото заседание на АСНОМ" (објавена како предговор кон книгата "АСНОМ 1944-1954") ги изложува принципите на својот историски метод во разгледувањето на македонската историја. Во студијата, пак, "За очовечувањето на човекот и на општествените односи", Мито Хаџи Василев, низ една историска перспектива, ја покажува поврзаноста на антрополошкиот со со-

цијалниот и демократскиот развиток на светот.

Во 1955 година Мито Хаџи Василев ја објавува мошне интересната студија за великогрчките претензии кон Македонија "'Македонската борба' на грчките андарти", својата етичка расправа "Моралот - тоа е односот кон заедницата" и студијата "Филозофските и социолошките аспекти на естетиката", во која ги изложува своите основни естетички погледи.

Кон крајот на 1955 и почетокот на 1956 година Мито Хаџи Василев е на подолг студиски престој во НР Кина. По враќањето, објавува серија написи под општ наслов "Кинески стварности". Во 1956 година ја објавува и студијата "Кон проблемот одраз-израз", во која, образложувајќи ги теоретските основи на својата естетичка концепција, ги изложува своите гносеолошки ставови.

Во 1957 година Мито Хаџи Василев е избран за претседател на Идеолошката комисија на ЦК СКМ. Истата година учествува мошне активно во организирањето на работата на тукушто покренатиот весник "Комунист", орган на СКЈ. Таа година е една од најплодните во неговата публицистичка дејност. Ја објавува студијата "Барање со свеќа", за диктатурата на пролетаријатот, студијата "Филозофирање 'под ѕвездите небески'", како одговор на полемиката започната со неговите естетички расправи објавени претходната година, како и повеќе студии во кои ја изложува својата концепција за авангардата на работничката класа во условите на социјалистичкото самоуправување: "Комунистите во системот на директна демократија", "Против практицизмот", "Разговор за слободата и 'стравот'", "Идејната борба - суштина на идеолошката работа". Кон крајот на годината, во "Комунист", ги објавува двата основни дела од своето прочуено дело "За про-

тивречностите на социјализмот" - "Колективните и индивидуалните интереси" и "Управување со луѓето и управување со стварите".

Во април 1958 година, на Седмиот конгрес на СКЈ, Мито Хаџи Василев е избран за член на ЦК СКЈ. Таа година објавува две свои познати книги: на српскохрватски јазик ја објавува книгата "За противречностите на социјализмот" (која веднаш е преведена на словенечки јазик, а на српскохрватски јазик доживеа и второ издание), а на македонски јазик книгата "Одраз-израз", во која се изложени неговите гносеолошки и естетички погледи. Истата година, во тукуштo покренатото списание на СКЈ "Социјализам", Мито Хаџи Василев ја објавува својата обемна студија "Личноста во социјализмот", во која, врз основите на Програмата на СКЈ, усвоена на Седмиот конгрес на СКЈ, ја изложува хуманистичката визија на југословенскиот социјализам.

Во мај 1959 година, на Третиот конгрес на СКМ, Мито Хаџи Василев поднесува кореферат во Комисијата за организационо-политички и идеолошки прашања. На Конгресот е избран за член на ЦК СКМ и за член на Извршниот комитет на ЦК СКМ. Истата година, на српскохрватски јазик, го објавува редактираното и проширено издание на својата книга "Одраз-израз", ја објавува познатата статија "Затворениот круг на една политика", во која зборува за новиот бран на великобугарскиот шовинизам (оваа статија е објавена во низа весници во цела Југославија), како и две мошне значајни студии за Сојузот на комунистите и неговата политичка и идејна насоченост - "Одговорноста на комунистите пред работниот народ на својата земја" и, на српскохрватски јазик (во "Социјализам"), "Идејните проблеми и идеолошката работа". Кон крајот на годината ја издава својата книга "Свртени кон човекот", во која се поместени повеќе негови

студии, резултат на неколкугодишната теоретска дејност.

Во 1960 година Мито Хаџи Василев е избран за претседател на Идеолошката комисија на ЦК СКМ. Таа година ја објавува првата верзија на своето најзначајно научно дело "Општествено-економската суштина на социјалистичката распределба според трудот.

Ова свое дело, во неговата завршна верзија, Мито Хаџи Василев го објавува на српскохрватски јазик, како одделна книга, во 1961 година, под наслов "Социјалистичката распределба според трудот". Истата година ја објавува и мошне значајната студија "Социјалистичката распределба и проблемот на неразвиените".

Во 1962 година Мито Хаџи Василев е главен и одговорен уредник на весникот "Нова Македонија". Истата година студијата "Социјалистичката распределба според трудот" се објавува на македонски и словенечки јазик. Покрај неколку статии за идејната работа во Сојузот на комунистите, оваа година Мито Хаџи Василев ја објавува и својата, мошне познатата во јавноста, студија "Социјалистичката етика и динарот".

Во 1963 година излегува од печат "Прегледот на историјата на СКЈ", во кој Мито Хаџи Василев е автор на VIII глава "Комунистичката партија на Југославија во борбата за изградба на социјалистички општествени односи"(949-1958)", која претставува негов најобемен и најзначаен труд за историјата на југословенската партија. Оваа и следната година објавува повеќе статии за идејната дејност во Сојузот на комунистите.

Во 1964 година Мито Хаџи Василев објавува серија студии за битието на авангардата на работничката класа во услови-

те на самоуправувањето: "Новата улога на СК е плод од развитокот на самоуправувањето", "Демократскиот централизам во новите услови", "Од VI конгрес до новиот Статут на СКЈ" и "Непосредната демократија и Сојузот на комунистите". Последната претставува најобемен и најзначаен труд на Мито Хаџи Василев за улогата и задачите на комунистите во борбата за натамошен развиток на социјализмот. Со оваа студија, објавена во првиот број како воведна статија, започна излегувањето на списанието "Погледи", теоретски орган на СКМ, чиј покренувач и прв главен и одговорен уредник беше Мито Хаџи Василев. Оваа серија од четири студии, истата година излегува во една книга, под наслов "Непосредната демократија и Сојузот на комунистите".

Во март 1965 година, на Четвртиот конгрес на СКМ, Мито Хаџи Василев е избран за член на ЦК СКМ, за член на Извршниот комитет на ЦК СКМ и за секретар на ЦК СКМ за идеолошки прашања. Истата година, истовремено во списанијата "Погледи" и "Социјализам", ги објавува првите два дела од својата (незавршена и неиздадена како целост) студија "Теоретските прашања на социјалистичкото стоковно производство", во која ги резимира своите политекономски погледи - "Практиката против догматските предрасуди" и "Правото на сопственост на стоковното производство и формите на присвојувањето".

Во 1966 година Мито Хаџи Василев е избран за член на Претседателството на ЦК СКМ и за член на Републичката конференција на ССРНМ. Оваа година ги објавува другите делови на својата (незавршена) студија "Теоретските прашања на социјалистичкото стоковно производство" - "Феноменот на приватната сопственост во социјализмот" и "Работничката класа - владејач-

ка сила на општеството". Покрај повеќето други статии и иступувања на седниците и форумите на СКМ, оваа година Мито Хаџи Василев ја објавува својата студија за натамошниот развиток н Сојузот на комунистите "Два прода кон реорганизацијата на Сојузот на комунистите".

На 12 мај 1967 година Мито Хаџи Василев е избран на највисока државничка функција на Социјалистичка Република Македонија - претседател на Собранието на СРМ. И оваа година е мошне плоден во својата теоретска дејност. Објавува повеќе студии, мошне значајни за натамошното разгледување на политичкото битие на социјализмот и на Сојузот на комунистите: "Преиспитување на теоретската свест", "Деетатизација и 'деполитизација'", "Во развитокот на СК се врши квалитетна промена и в свеста и во практиката" (дискусија на Советувањето на организациите на СК од републичките и покраинските центри за актуелните прашања од реорганизацијата на СКЈ, одржана во Скопје, во мај месец), "Промени во идејното битие на Сојузот на комунистите". Истата година, како претседател на Собранието на СРМ, држи говор на свеченото отворање на Македонската академија на науките и уметностите. Во оваа, 1967 година, ја објавува мошн познатата студија "Големата историска пресвртница" (која на српскохрватски јазик е издадена како посебна книга), во која ги изложува своите погледи за актуелните состојби во целината на социјалистичкиот развиток и за тенденциите на развитокот н социјализмот.

Во 1968 година држи воведен реферат на југословенскиот семинар "Културна политика на самоуправното општество и СКЈ" во Белград под наслов "Теоретските прашања на општествената положба на културата во социјализмот". Оваа студија, во

која ги изложува своите културолошки погледи, претставува идејна и теоретска целост со Нацрт-резолуцијата за Петтиот конгрес на СКМ под наслов "Сојузот на комунистите и културата", која ја подготвува заедно со Душко Поповски и која е предмет на разгледување на повеќе собири на културни работници од СРМ. Истата година го објавува својот прилог "Етатизмот и самоуправувањето", кој претставува дискусија на научниот собир на Факултетот за политички науки во Белград. На 3 јули 1968 година учествува на XVII седница на ЦК СКМ со мошне важна дискусија, која постхумно е објавена, под наслов "За вистински решенија потребна е вистинска атмосфера".

Мито Хаџи Василев - Јасмин почина ненадејно, на 1 август 1968 година, во Брела (СР Хрватска), на 45-годишна возраст, во напонот на својата политичка и теоретска творечка активност.

# БИБЛИОГРАФИЈА НА ТРУДОВИТЕ

# НА МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ - ЈАСМИН

Досега се направени две мошне исцрпни библиографии на трудовите на Мито Хаџи Василев:

1. Библиографија на трудови на Мито Хаџи Василев, објавена во списанието за општествени прашања "Погледи", Скопје, V(1968), бр. 6, стр. 114-124 (во бројот посветен на животот и делото на Мито Хаџи Василев);

2. Библиографија на трудовите од Мито Хаџи Василев - Јасмин, подготвена во Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје, ноември 1980, 56 стр. (за потребите на Одборот на ЦК СКМ за издавање на делата на Мито Хаџи Василев).

Првата библиографија, изработена од соработниците на Мито Хаџи Василев, под раководство на Борче Атанасовски, е структурирана во пет поглавја: I. Книги и брошури (10 библиографски единици); II. Зборници и колективни трудови (18); III. Статии и студии објавени во списанијата (38); IV. Реферати и дискусии објавени во интерните периодични публикации "Билтен" и "Документација" (18); V. Говори, статии и одломки од студии објавени во весниците 1945-1968 (109). Во рамките на поглавјата, трудовите се структурирани хронолошки, според датумот на објавувањето.

Втората библиографија е структурирана, исто така, во пет поглавја: I. Книги (19 библиографски единици); II. Прилози објавени во книги (24); III. Статии и прилози објавени во весници и списанија (204); IV. Прилози за личноста и трудовите

на Мито Хаџи Василев - Јасмин (27); V. Вести за смртта и погребот на Мито Хаџи Василев, изјави на сочувства и комеморации (21). Во рамките на поглавјата, трудовите се структурирани по азбучен ред.

Нашата библиографија е изработена во текот на 1975--1976 година, врз основа на библиографијата објавена во "Погледи" (при што сите податоцие се проверени de visu) и врз основа на деталниот преглед на сите весници и списанија во кои соработуваше Мито Хаџи Василев. По изготвувањето на библиографијата од страна на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", проверени се податоците што таа ги донесува (при што се исправени сите грешки кои, обично, се јавуваат во вакви поголеми библиографски прегледи). Библиографијата редовно е дополнувана со новите податоци.

Библиографско истражување на еден вака голем опус, се разбира, секогаш е проследено со соодветни тешкотии. Во случајот на делото на Мито Хаџи Василев, тие произлегуваат од повеќекратното издавање на неговите текстови, како и од тоа што еден голем број текстови, особено во весниците, се објавени потпишани со иницијали (J, М.В., М.Х.В., МхВ...). Притоа укажуваме на фактот дека постои уште извесен број текстови - особено во весниците "Нова Македонија" (1945-1947), "Партиски живот" (1949-1951), "Социјалистичка зора" (1952), "Комунист" (1957), во кои Мито Хаџи Василев беше уредник во означените периоди - за кои може да се претпостави дека тој е нивен автор, но бидејќи не се потпишани не можевме со сигурност да ги когносцираме. Тоа останува задача за натамошното истражување на неговото дело. Овде сакаме само да укажеме дека не успеавме да дојдеме до книгата на југословенските марксисти-економисти,

издадена од "Einaudi", Милано (1968?), во која е објавена една студија од Мито Хаџи Василев, како ни до книгата од одбрани трудови (?) на Мито Хаџи Василев, издадена на шпански јазик во Јужна Америка (Чиле, Перу?; 1970?). За двеве книги информација добивме од блиските соработници на авторот.

Еден поголем број на снимени и стенографирани искажувања на Мито Хаџи Василев постојат во архивите на општествено-политичките организации и форуми, во кои мошне ангажирано дејствуваше авторот за време на животот. Исто така, во личната архива се сочувани поголем број ракописи, од кои извесен дел не се објавени. Во нашето истражување на погледите на Мито Хаџи Василев ги истраживме  и овие извори и на соодветен начин ги искористивме во нашата работа. Меѓутоа, како и во случајот на евентуалните неидентифицирани статии во весниците, така и ова подрачје на неговата творечка заоставштина останува задача на едно исцрпно библиографско истражување.

x x x

Нашата библиографија, која е правена за научни цели, има само две поглавја:

I. <u>Книги од Мито Хаџи Василев - Јасмин</u>,

II. <u>Статии и други прилози од Мито Хаџи Василев - Јасмин објавени во весници, списанија, книги и зборници</u>.

Библиографијата на студиите и други текстови за Мито Хаџи Василев ја донесуваме, со анотации, во посебниот прилог кон дисертацијава.

# I

## КНИГИ ОД МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ - ЈАСМИН

1. VELIKA ISTORIJSKA PREKRETNICA. Beograd, izd. "Komunist", 1968, str. 48/Predgovor redakcije: "Mito Hadživasilev", str. 3-6/.

2. VELIKA ISTORIJSKA PREKRETNICA. Izabrao Miloš Nikolić. Beograd, izd. "Nolit", 1971, str. 375.

   Sadržaj: - Zoran Vidaković, Predgovor: "Dijalektika radničke klase i njene revolucionarne prakse u socijalizmu", str. 7-16

   1. Socijalistička raspodela prema radu, str. 19-139
   2. Praksa protiv dogmatskih predrasuda, str. 141-183
   3. Pravo svojine robne proizvodnje i oblici prisvajanja, str. 185-246
   4. Radnička klasa i privatna svojina, str. 247--290
   5. Radnička klasa - vladajuća snaga društva, str. 291-314
   6. Samoupravljanje i politička prinuda radničke klase, str. 315-332
   7. Velika istorijska prekretnica, str. 333-375

3. DRUŽBENO-EKONOMSKO BISTVO SOCIALISTIČNE DELITVE PO DELU. Ljubljana, zal. "Ljudska pravica", 1962, str. 157.

4. ЗА ЗАДАЧИТЕ НА НФМ ВО ЗДРАВНОТО ПРОСВЕТУВАЊЕ НА МАСИТЕ И ВО БОРБАТА ПРОТИВ СУЕВЕРЈЕТО. Скопје, изд. Совет за народно здравје и социјална политика на НРМ (Институт за здравствено просветување), 1952, стр. 40.

5. ИЗБОР ОД ТВОРЕШТВОТО, I: ПРОТИВРЕЧНОСТИТЕ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ. Скопје, изд. ЦК СКМ, 1969, стр. XV - 476.

Содржина: - Киро Глигоров: Предговор, стр. III-XV

1. Противречностите на социјализмот, стр. 1-47
2. Социјалистичката распределба според трудот, стр. 49-221
3. Практиката против догматските предрасуди, стр. 223-270
4. Правото на сопственост на стоковното производство и облиците на присвојувањето, стр. 271-338
5. Феноменот на приватната сопственост во социјализмот, стр. 339-404
6. Работничката класа - владеачка сила во општеството, стр. 405-429
7. Големата историска пресвртница, стр. 431-476

6. ИЗБОР ОД ТВОРЕШТВОТО, II: ОЧОВЕЧУВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ. Скопје, изд. ЦК СКМ, 1969, стр. XXVII - 304.

Содржина: - Димитар Митрев; Предговор, стр. III-XXVII

1. Одраз-израз, стр. 1-115
2. За очовечување на човекот и на општествените односи, стр. 117-152
3. Личноста во социјализмот, стр. 153-216
4. Деетатизација и "деполитизација", стр. 217-243
5. Етатизмот и самоуправувањето, стр. 245-270
6. Теориски аспекти на општествената положба на културата во социјализмот, стр. 271-304

7. ИЗБОР ОД ТВОРЕШТВОТО, III: СКЈ ВО БОРБАТА ЗА САМОУПРАВУВАЊЕ. Скопје, изд. ЦК СКМ, 1969, стр. XII - 380.

Содржина: - д-р Милан Недков: Предговор, стр. III-XII

1. Делото Титово, стр. 1-3
2. Одговорноста на комунистите пред работниот народ на својата земја, стр. 5-24
3. Комунистичката партија на Југославија во борбата за изградба на социјалистички општествени односи (1949-1958), стр. 25-103
4. Идејната борба - суштина на идеолошката работа, стр. 105-111
5. Идејните проблеми и идеолошката работа, стр. 113-133
6. За нашата идеолошка работа, стр. 135-145
7. Идејните проблеми и идеолошката работа на село, стр. 147-157

8. Против практицизмот, стр. 159-162
9. Комунистите во системот на непосредната демократија, стр. 163-169
10. Новата улога на СК е плод од развитокот на самоуправувањето, стр. 171-182
11. Демократскиот централизам во новите услови, стр. 183-201
12. Од VI конгрес до новиот Статут на СКЈ (Борба на комунистите за насочувачка улога во општеството), стр. 201-215
13. Непосредната демократија и Сојузот на комунистите, стр. 217-284
14. Комунистите и отворената политичка борба во општеството, стр. 285-302
15. Преиспитување на теоретската свест, стр. 303-314
16. Два прилода кон реорганизацијата на Сојузот на комунистите, стр. 315-345
17. За вистински решенија потребна е вистинска атмосфера, стр. 347-370
18. Разговор за слободата и "стравот", стр. 371-378

8. НЕПОСРЕДНАТА ДЕМОКРАТИЈА И СОЈУЗОТ НА КОМУНИСТИТЕ. Скопје, изд. "Култура", 1964, стр. 185.

Содржина: – Предговор од редакцијата, стр. 5-6
1. Новата улога на СК е плод од развитокот на самоуправувањето, стр. 7-25
2. Демократскиот централизам во новите услови, стр. 26-52
3. Од Шестиот конгрес до новиот Статут на СКЈ (Борбата на комунистите за насочувачка улога во општеството), стр. 53-75
4. Непосредната демократија и Сојузот на комунистите, стр. 76-185

9. O PROTIVREČNOSTIMA SOCIJALIZMA. Beograd, izd. "Kultura", 1958, str. 42.

10. O PROTIVREČNOSTIMA SOCIJALIZMA. II izdanje. Beograd, izd. "Kultura", 1959, str. 41.

11. ОДНОСИТЕ МЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ И ПРОБЛЕМОТ НА МИРОТ. Скопје, изд. "Нова Македонија", 1950, стр. 48.

12. ОДРАЗ-ИЗРАЗ. Скопје, изд. "Кочо Рацин", 1958, стр. 194.

Содржина: – Уводна белешка од авторот, стр. 5

1. Некои филозофски и социолошки аспекти на естетиката, стр. 7-122
2. Кон проблемот одраз-израз, стр. 123-138
3. Филозофирање "под звездите небесни", стр. 139-168

– Димитар Митрев: Поговор, стр. 169-194

13. ODRAZ-IZRAZ. Skopje. izd. "Kočo Racin", 1959, str. 204 /редактирано и проширено издание/.

Sadržaj: – Uvodna redakcijska beleška, str. 5

1. O filozofskim i sociološkim aspektima estetike, str. 7-135
2. Ka pitanju odraz-izraz, str. 135-148
3. Filozofiranje "pod zvezdama nebeskim", str. 149-181

– Dimitar Mitrev: O knjizi "Odraz-izraz" Mite Hadži-Vasileva, str. 182-204

14. PROTISLOVJA V SOCIALIZMU. Ljubljana, Cankarjeva založba, 1958, str. 47

15. СВРТЕНИ КОН ЧОВЕКОТ. Скопје, изд. "Култура", 1959, стр. 275.

Содржина:

1. Делото Титово, стр. 5-8
2. Одговорноста на комунистите пред работниот народ на својата земја, стр. 9-33
3. Комунистите во системот на непосредната демократија, стр. 34-41
4. За нашата идеолошка работа, стр. 42-55
5. Против практицизмот, стр. 56-59
6. Разговор за слободата и "стравот", стр. 60-69
7. Барање со свеќа (На тема: Диктатура на пролетаријатот), стр. 70-92
8. За очовечувањето на човекот и на општествените односи, стр. 93-135
9. За противречностите на социјализмот, стр. 136-196
10. Личноста во социјализмот, стр. 197-276

16. SOCIJALISTIČKA RASPODELA PREMA RADU. Beograd, izd. "Kultura", 1961, str. [illegible].

17. СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА РАСПОДЕЛБА СПОРЕД ТРУДОТ. Скопје, изд. "Култура", 1962, стр. 253.

# II

## СТАТИИ И ДРУГИ ПРИЛОЗИ ОД МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ - ЈАСМИН ОБЈАВЕНИ ВО ВЕСНИЦИ, СПИСАНИЈА, КНИГИ И ЗБОРНИЦИ

1. ASPECTOS TEORICOS DE LA POSICION SOCIAL DE LA CULTURA EN EL SOCIALISMO. "Questiones actuales del socialismo", 1969, № 12, p. 27-51.

2. ASPECTS THÉORIQUES DE LA SITUATION SOCIALE DE LA CULTURE DANS LE SOCIALISME. "Questions actuelles du socialismo", 1969, № 93, p. 27-52.

3. БАРАЊЕ СО СВЕЌА (На тема: Диктатура на пролетаријатот). "Хоризонт", Скопје, 20 јануари и 30 февруари 1957, бр. 3 и 4.

4. БЕЛЕШКИ ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ. "Нова Македонија", 11 август 1968, бр. 7843 /постхумно; редактирано и насловот определен од редакцијата/.

5. БЕЛЕШКИ ПО ПОВОД ШЕСТГОДИШНИНАТА ОД ПАРТИСКОТО СОВЕТУВАЊЕ ВО СЕЛО ФУШТАНЕ. "Социјалистичка зора", Скопје, I(1949), бр. 6, стр. 90-98.

6. БИРОКРАТИЗМОТ Е СПОСОБЕН ДА ГО ЗАПИРА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВИТОК. Резиме од дискусијата на VI седница на ЦК СКМ. "Билтен на ОНО на СРМ", Скопје, XI(1966), бр. 9, стр. 31-32.

7. БИРОКРАТИЗМОТ Е СПОСОБЕН ДА ГО ЗАПИРА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВИТОК. Резиме од дискусијата на VI седница на ЦК СКМ. "Нова Македонија", 29 септември 1966.

8. "БОЛШЕВИЧКАТА" ПРИМЕНА НА МЕНШЕВИЧКО-ТРОЦКИСТИЧКИОТ МЕТОД. "Нова Македонија", 11 ноември 1949, бр. 1509.

9. БОРБАТА НА КПЈ ЗА ИЗГРАДБАТА НА СОЦИЈАЛИЗМОТ СО СОПСТВЕНИ СИЛИ. "Социјалистичка зора", Скопје, I(1949), бр. 2, стр. 37-72.

10. БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО НА НАШИТЕ НАРОДИ НЕ Е ПРАЗНА ДУМА. По повод планската распределба на стоките. "Нова Македонија", 15 јули 1945, бр. 164 /потпис: Јасмин/.

11. ВЕЛИКА ИСТОРИЈСКА ПРЕКРЕТНИЦА. "Пракса", Титоград, 1968, бр. 5, стр. 118-127.

12. ВЕНКО МАРКОВСКИ РЕЦИТИРА. "Нова Македонија", 15 јануари 1953, бр. 2528 /потпис: М.В.Ј./.

13. ВЕЧНИТЕ ЧЕКАЧИ. "Нова Македонија", 8 март 1945, бр. 55 /потпис: Ј./.

14. ВИШОК НА ТРУДОТ. "Погледи", Скопје, V(1968), бр. 6, стр. 51-54 /постхумно; редактирано и насловот определен од редакцијата/.

15. ВИШОКОТ НА ТРУДОТ И ДЕМОКРАТИЈАТА. Од проблемите на социјалистичката демократија. "Социјалистичка зора", Скопје, 25 октомври 1952, бр. 12.

16. ВО РАЗВОЈОТ НА СК СЕ ВРШИ КВАЛИТЕТНА ПРОМЕНА И ВО СВЕСТА И ВО ПРАКТИКАТА. Резиме на дискусијата на Советувањето во Скопје за реорганизацијата на СКЈ, одржано на 30 и 31 мај 1967 година. "Билтен на ОПО на СРМ", Скопје, XII(1967), бр. 6, стр. 89-91.

17. ВО РАЗВОЈОТ НА СК СЕ ВРШИ КВАЛИТЕТНА ПРОМЕНА И ВО СВЕСТА И ВО ПРАКТИКАТА. Резиме на дискусијата на Советувањето за реорганизацијата на СКЈ. "Нова Македонија", 1 јуни 1967, бр. 7407.

18. ВО РЕЗУЛТАТИТЕ НА ИЗГРАДБАТА НА СЕЛО СЕ ОГЛЕДУВА ЗРЕЛОСТА И АКЦИЈАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ СИЛИ. Уводен реферат на советувањето на Извршниот комитет на ЦК СКМ за идејните проблеми и идеолошката работа на село. "Нова Македонија", 20 март 1962, бр. 5537.

